THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

GENDER AND THE JUDICIARY
in the Western Balkans

# Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса

2018-2022



ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

So поддршка на:

FemPlatz
UDRUŽENJE GRAĐANKI

# Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса

2018-2022

| | |
|---|---|
| **Наслов:** | Фемицидот во Република Северна Македонија: Состојба, правна рамка и судска пракса (2018-2022) |
| **Издавач:** | AIRE центар (Советување за индивидуални права во Европа) |
| **За издавачот:** | Biljana Braithwaite [Билјана Брејтвејт] |
| **Уредничка:** | Д-р Kosana Beker [Косана Бекер] |
| **Авторки:** | Наташа Габер-Дамјановска<br>Габриела Гајдова |
| **Проектна координаторка:** | Sabina Đapo [Сабина Ѓапо] |
| **Јазична коректура:** | Зоран Гаврилоски |

Оригиналната македонска верзија беше преведена и на англиски јазик.

**©2023 AIRE центар**

| | |
|---|---|
| **Дизајн:** | Kliker Design [Кликер дизајн] |
| **Печатено од:** | Kuća Štampe [Куќа штампе] |
| **Тираж:** | 300 примероци |
| **ISBN број:** | 978-1-914005-03-9 |

UK Government

THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

Подготвувањето на оваа публикација беше поддржано од Владата на Обединетото Кралство. Гледиштата изразени во публикацијата не мора да ја одразуваат официјалната позиција на Владата на Обединетото Кралство.

# » СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 7

**ДЕФИНИЦИЈА НА ФЕМИЦИДОТ** ........ 10

**УСТАВНА РАМКА – ЗАГАРАНТИРАНИ ПРАВА** ........ 14

**ДОМАШНА ЗАКОНСКА РАМКА** ........ 16

- Кривичен законик ........ 16
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство ........ 32
- Закон за спречување и заштита од дискриминација ........ 34
- Закон за семејството ........ 35
- Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство ........ 36
- Закон за бесплатна правна помош ........ 37
- Други нормативни акти и стратегии од значење за темата ........ 37

**ФЕМИЦИДОТ НИЗ ИСТРАЖУВАЊАТА** ........ 40

**ЗНАЧЕЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛИМИНАЦИЈАТА НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ (CEDAW) ВО ДОМАШНИ РАМКИ** ........ 42

**ЗНАЧЕЊЕТО НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ВО ДОМАШНИ РАМКИ** ........ 47

**ФЕМИЦИДОТ НИЗ ПОДАТОЦИ ОД СУДСКАТА ПРАКСА – 2018-2022** ........ 50

- Кривично дело ........ 52
- Личност на сторителот ........ 53
- Жртва ........ 57
- Кривична постапка ........ 59

**СЛУЧАИ ОД СУДСКАТА ПРАКСА – ФЕМИЦИД....................................61**

Случај 1 ........................................................................................................ 61
Случај 2 ........................................................................................................ 72
Случај 3 ........................................................................................................78
Случај 4 ........................................................................................................83
Случај 5.......................................................................................................... 95

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ...........................................................106**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..............................................................114**

# » ВОВЕД

Истражувањето покажува дека ширум светот и во регионот на Западниот Балкан насилството врз жени е многу присутно и широко распространето. Фемицидот е најекстремната манифестација на насилство врз жени, а во неодамнешните години тој беше предмет на многу научни дисциплини, покрај фактот дека за феноменот на фемицид се зборува повеќе и почесто во медиумите. Јуриспруденцијата ширум регионот се развива полека за прашањето на насилство врз жени и имајќи ги предвид најнеодамнешните измени на кривичното законодавство во Северна Македонија, очигледно е дека на ова прашање мора да му се посвети посебно внимание. Сеопфатното истражување на правната рамка и судската практика што е презентирано во оваа публикација јасно укажува на ова. Исто така, ова истражување беше спроведено со користење на истата методологија која беше користена за истражување на фемицидот во Босна и Херцеговина, Република Србија, Албанија и Црна Гора, што претставува додадена вредност, бидејќи овозможува споредба со состојбата во земјите од Западниот Балкан.

Сè досега фемицидот не беше универзално дефиниран, но на меѓународно ниво има согласност дека фемицидот е родово-базирано убиство на жена, како што д-р Dr. Diane Russell [Дајан Расел] го дефинираше тоа одамна – фемицидот е убиство на жени поради тоа што тие се жени. Во ова истражување, согледувајќи дека фемицидот не беше инкриминиран како одделно кривично дело во кривичното законодавство на Северна Македонија, беше направена анализа на практиката на судовите во сите случаи на убиства во кои жртвите се жени и сторителите се мажи, па беше анализирано дали има родово-базирана природа на овие убиства. Во март 2023 година, токму во моментот кога ова истражување беше завршено, беше изменет и дополнет Кривичниот законик на Северна Македонија и беше инкриминиран фемицидот, со пропишување дека квалифициран облик на убиство е убиството на жена и девојче под 18-годишна возраст при вршење родово-базирано насилство. Иако оваа дефиниција не е идеална или сеопфатна, многу позитивно е тоа што фемицидот е инкриминиран како квалифициран, т.е. потежок облик на убиство, имајќи на ум дека пропишаната казна е најмалку 10 години затвор, а може да се изрече и казна доживотен затвор.

Истражувањето беше спроведено како дел од проектот „Родова еднаквост и борба против родово-базираното насилство и фемицид во Западниот Балкан“. Ова е тригодишен проект, финансиски поддржан од Владата на Обединетото Кралство и спроведуван од AIRE центарот, невладина организација од Лондон. Целта на проектот е да се зголеми пристапот до правдата за жртвите на родово-базирано насилство и оние кои преживеале такво насилство, преку поголемо разбирање на родовите прашања од страна на судството во Западниот Балкан.

Еден од првите чекори кон квалитетно планирање и спроведување на проектните активности е анализата на тековните судски практики во случаи на фемицид, што ќе биде направено за сите земји од Западниот Балкан. Во ова истражување, фокусот е ставен врз анализа на законската рамка и судската практика во случаи на фемицид и обид за фемицид, која беше анализирана квантитативно, но и квалитативно, така што за оценка на квалитетот беа користени правосилни пресуди како студии на случај. Свесни сме за ограниченоста на овој пристап, со оглед на тоа што не беше анализирана целокупната судска постапка, ниту дејствијата на надлежните државни органи пред извршување фемицид, но овие студии на случај се наменети првенствено за судии, иако јасно укажуваат на потребата за подлабоко истражување на севкупните дејствија на сите органи кои се надлежни за спречување и заштита од насилство, вклучувајќи го и судството. По спроведеното национално истражување за целата земја, ќе биде подготвен регионален извештај, врз чија основа ќе се планираат последователните активности. Проектот има голема поддршка од Мрежата на судии/судијки посветени на јакнење на родовата рамноправност (СПЈРР), регионална мрежа на судии/судијки од Западниот Балкан која е посветена на унапредување на родовата рамноправност. AIRE центарот при спроведувањето на овој проект остварува блиска соработка со центрите за обука на судии и јавни обвинители и со невладини организации од целиот регион на Западниот Балкан, вклучувајќи интензивна соработка во истраги на фемицид со здружението на жени FemPlatz [ФемПлац] од Србија.

Истражувањето опфати анализа на правната рамка за убиства во Северна Македонија и анализа на судската пракса во периодот од 2018 до 2022 година, вклучувајќи ги правната квалификација на кривичните дела на убиство, феноменолошки карактеристики на извршените кривични дела, профили на сторителите и жртвите, кривични санкции, должината на судските постапки, како и одлучувањето за имотно-правните барања. Во

истражувањето се презентирани неколку изолирани случаи на фемицид кои се детално опишани, во форма на студии на случај.

Веруваме дека заклучоците и препораките изведени од анализата на судската практика на судовите во Северна Македонија ќе дадат јасна слика за распознавање на родово-базираните убиства на жени, ефективноста на кривичното гонење на сторителите, како и сразмерноста на кривичните санкции. Исто така, се надеваме дека ова истражување може да стимулира активен дијалог меѓу сите претставници на судските органи во Северна Македонија, со цел да се стандардизира судската практика во оваа област до најголема можна мера, како и да се придонесе за зајакнување на капацитетот на судството за примената на меѓународните стандарди во оваа област.

Се надеваме дека резултатите од ова истражување ќе бидат основа за натамошно зајакнување на капацитетот на судството, за дополнителна обука на судии и јавни обвинители, но исто така за поддршка на натамошната работа на бројни други институции, правни и други експерти кои работат на подигање на свесноста за негативните ефекти од родови стереотипи, подобрување на културата на родова еднаквост, како и спречување на сите облици на дискриминација врз жени.

Би сакале да им се заблагодариме на авторките на публикацијата за нивната квалитетна и сеопфатна анализа и особено се заблагодаруваме на Владата на Обединетото Кралство, која нè поддржа и ја овозможи публикацијата.

**Biljana Braithwaite**
[Билјана Брејтвејт],
програмска директорка на AIRE
центарот за Западниот Балкан

**Д-р Kosana Beker**
[Косана Бекер],
програмска директорка,
FemPlatz [ФемПлац]

# » ДЕФИНИЦИЈА НА ФЕМИЦИДОТ

Следејќи ги регионалните трендови, но и, пошироко, меѓународните трендови по однос на напорите за унапредувањето на родовите односи, афирмацијата на правата на жената и примена на позитивните родови политики и пракса од страна на секоја држава, вниманието е насочено и кон новиот пристап на појавноста на фемицидот. Овој текст цели кон утврдување на актуелните состојби и развојни насоки по однос на ова прашање во Република Северна Македонија, со особен акцент на правната рамка и судската пракса во последниот четиригодишен период. Се очекува новиот пристап, кој го анализира овој феномен, фокусирано да го насочи вниманието кон начинот на третирањето на оваа појава, особено при нормативното уредување и донесувањето на судските одлуки, заради создавање доследна и објективна казнена политика, која значително ќе ја ограничи инциденцијата на ваквите случаи во иднина.

Иако фемицидот како термин е од понова провениенција, односно *неологизам*, неговата присутност како појава бездруго постоела континуирано, во склоп на она што погенерално во кривичното право терминолошки се подразбира како кривично дело „убиство". Сепак, анализирајќи го описот на елементите и особеностите кои ова кривично дело го определуваат како посебна поткатегорија, увидуваме дека го разликуваат од основната дефиниција на делото „убиство", па од таа причина, се наметнува потребата за дистинкција и поточен опис на фемицидот како појава. Ваквиот вид на правна дистинкција е потребен за идно соодветно носење на судски одлуки во вакви случаи и одмерување на казната за делото, посебно имајќи ги предвид новите измени на Кривичниот законик и нивната идна примена.

Генерална констација е дека *актуелно не постои универзално прифатена дефиниција* за тоа што е „фемицид". Историски развојно гледано, описот на ова кривично дело извира од потребата да се подигне свеста на жената за кривичните дела насочени против неа како акт на родово-базирано насилство, чија најекстремна форма е токму фемицидот.

При описот на поимањето на ова специфично кривично дело, експертите го наведуваат фемицидот како подвид на геноцид, односно убиство на жени само затоа што се жени. Во нашиот регион, инциденцијата на фемицидот најчесто се врзува како „последица на неразрешен или пролонгиран облик на семејно насилство врз жената.“[1]

Сепак, за едно убиство како кривично дело да се оцени како фемицид, постојат определени претпоставени елементи кои би можеле да го квалификуваат во оваа категорија. Пред сè, *се работи за убиство со намера кое е сторено со мотивација врзана со родовата припадност на жртвата која е жена (или припадник на женскиот род)*, а кое воедно може да има *врска* со: убиство на жени како резултат на насилство од страна на интимниот партнер; дискриминаторски став кон жени, девојки или женско дете; стереотипи врзани со родовите патријархални улоги во општеството и/или конкретната заедница; убиство во име на „честа“; нееднакви релации на моќ меѓу мажите и жените; чувство на поседување, надмоќ, презир, садистичко задоволство над жртвата; мизогинија; убиство на женско дете или фетус заради половата припадност; и постоење на општествени норми во конкретната заедница кои штетно влијаат врз еднаквоста на полот или родот. Во својата бит, согласно оваа описна определба, се работи за кривично дело од омраза кое во најмала рака се толерира од јавните и/или приватните општествени чинители.

Фемицидот се смета како најекстремна манифестација на насилството врз жената, *акт со изразена родова мотивација*, кој најчесто се извршува од страна на маж, но жртвата е секогаш жена. Важно за ова кривично дело не е самата субјективна намера на сторителот да го стори делото, туку суштинската причина – родовата мотивација, која се интегрира со таа субјективна намера. Секако, не е мало влијанието врз зачестеноста на оваа појава во општества со поизразена патријархална и традиционална структура, каде што родовите улоги се стереотипни, постои дискриминација кон жените и девојчињата и нееднаквост во општествените позиции, моќта и влијанието.[2] Но, за да се добие појасна слика за трендовите, почетниот пристап ја наметнува потребата од поконкретен опис на карактеристиките на ова дело, со што би се разликувало од другите сродни дела.

[1] Vesna Jarić, Nadežda Radović, *Rečnik rodne ravnopravnosti*, Heinrich Boll Stiftung, Beograd, март 2010 година, стр. 56.

[2] Statistical framework for measuring the gender-related killing of women and girls, UNODC & UN WOMEN, март 2022 година.

Некои автори ги делат случаите на фемицид на директни (како резултат на интимно партнерско насилство; убиство од „чест“, убиство заради мираз, убиства во контекст на вооружени судири, убиство заради сексуална ориентација и родов идентитет и сл.) и индиректни (смрт заради нестручно направен и илегален абортус, смрт како резултат на штетни обичаи и пракса, смрт како резултат на трговија со луѓе, трговија со дрога, активности на банди и организиран криминал и сл).[3] Друга, поширока дефиниција на фемицидот наведува дека тоа е секое убиство на лице од женски пол,[4] но во тој случај, сепак, се наметнува потребата од поконкретна категоризација на делото со цел да се добие реална слика за подвидовите на делото. Специјалната известувачка на Обединетите нации за насилство врз жените и девојчињата, токму заради различните дефиниции и класификации на фемицидот, смета дека се комплицира прибирањето на податоци во различни земји и е тешко споредливо. Затоа, нејзина препорака е податоците да се прибираат под две поширoки категории, кои во себе вклучуваат поткатегории карактеристични за националните средини и реалности по однос на а) фемицидот од страна на интимниот партнер или фемицид во семејството, базирано на врската помеѓу жртвата и сторителот и б) други фемициди.[5]

Од аспект на елементите на самото кривично дело, ICCS[6] смета дека ова кривично дело - убиство на жени/девојки од родов аспект треба да ги вклучува следните карактеристики:[7]

- Убиство на жена од друго лице (објективен критериум);
- Постоење намера на сторителот да ја убие или сериозно повреди жртвата (субјективен критериум);
- Незаконитост на убиството (правен критериум);
- Родова мотивираност на убиството.

Дополнително, статистичката рамка на UNODC идентификува осум стандардни карактеристики кои се се среќаваат во случаи на убиство на жена/девојче *со изразена родова мотивација*:[8]

[3] Rashida Manjoo, *Gender Related Killings of Women*, Report of the Special Rapporteur on Violence Against Women, its Causes and Consequences, UN Human Rights Council, 2012 година.

[4] Geneva Declaration on Armed Violence and Development, 2006 година.

[5] UNODC & UN WOMEN (март 2022 година), стр. 8.

[6] International Classification of Crime for Statistical Purposes (ICCS).

[7] UNODC & UN WOMEN (март 2022 година), стр. 8.

[8] *Ibid.*, стр. 11.

Убиената жртва била подложена на претходно евидентирано физичко, сексуално или психолошко насилство, направено од сторителот на убиството;

- Убиената жртва била жртва на нелегална експлоатација, на пример, како жртва на трговија со луѓе, присилна работа или ропство;
- Убиената жртва била во ситуација каде што била киднапирана или нелегално лишена од нејзината слобода;
- Убиената жртва била во ланецот на проституција;
- Пред/по да се случи убиството, жртвата била подложена на сексуално насилство;
- Убиството било придружено со осакатување на телото на жртвата;
- Телото на жртвата било изложено на јавно место;
- Убиството било со родова мотивација, односно жртвата била мета заради специфичната предрасуда против жените од страна на сторителот.

Се смета дека досега изложените ставови и информации по однос на описот на фемицидот ќе бидат од полза за појасен методолошки пристап, идентификација и класификација на овој вид на кривично дело во Република Северна Македонија.

# » УСТАВНА РАМКА – ЗАГАРАНТИРАНИ ПРАВА

*Уставот на Република Северна Македонија*[9] во член 8 ги одредува темелните вредности на уставниот поредок на државата, меѓу кои се наведени: основните слободи и права на граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;[10] владеењето на правото;[11] како и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.[12] Следи Глава II, каде што во делот „Основни слободи и права на човекот и граѓанинот", во одделот 1 - „Граѓански и политички слободи и права", член 9 ја уредува „еднаквоста на граѓаните во слободите и правата независно од **полот**, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба". Став 2 на овој член истакнува дека „граѓаните пред Уставот и законите се еднакви".

*Неприкосновеноста на животот* е уредена во член 10 став 1. Според став 2 од истиот член, во Република Северна Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ. Член 11 ја гарантира неприкосновеноста на физичкиот и моралниот интегритет на човекот (став 1); забранува мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување (став 2) и ја забранува присилната работа (став 3).

Според член 12 став 1, слободата на човекот е неприкосновена, додека член 18 став 1 ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци. Член 25 му гарантира на секој граѓанин почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Во одделот наречен „Економски, социјални и културни права", во член 35 став 1, Републиката се обврзува да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална

[9] *Службен весник на Република Македонија* бр. 52/1991, 1/1992, 4/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009 и 7/2011 и *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 6/2019.

[10] Алинеја 1.

[11] Алинеја 3.

[12] Алинеја 8.

праведност. Во член 40 Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството (став 1). додека правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон (став 2).

Духот и нормативниот израз на Уставот на Република Северна Македонија укажуваат дека државата императивно се обврзува да ги штити горенаведените права. Ваквиот израз има определено позитивно политичко и психолошко значење за воспоставувањето и функционирањето на уставниот поредок, а тоа дава основа за солидна законска заштита и разработка на овие права, но и придружување на истите со адекватни државни политики, сè со цел системско заокружување на заштитата на прокламираните права.

# » ДОМАШНА ЗАКОНСКА РАМКА

## Кривичен законик

Кривичниот законик,[13] чиј основен текст досега има претрпено бројни измени и дополнувања, во член 122 го определува значењето на изразите кои се употребуваат во него. Од аспект на истражуваната тема, изразите кои се од интерес ги вклучуваат поимите:

- *Семејно насилство* – се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејства спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен и поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[14]
- *Жртва на кривично дело* – е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело; е дете како жртва на кривично дело; е малолетно лице до 18 години; под жртва на родово-базирано насилство се подразбира секоја жена и девојчиња до 18 години спрема кои под тие околности е сторено кривичното дело.[15]

[13] Кривичен законик, *Службен весник на Република Македонија* број 37/96; Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија* бр. 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 36/2023.

[14] Точка 21.

[15] Точка 22.

- *Семејство* - се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.[16]
- *Дело од омраза* - кое е изречно предвидено со Кривичниот законик, е кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот, кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, *пол, родов идентитет*, сексуална ориентација и политичко уверување.[17]
- *Родово-базирано насилство врз жените* – е насилство насочено против жената поради нејзината припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.[18]

Кривичното дело *убиство* во член 123 став 1 е дефинирано како „тој што друг ќе лиши од живот“, а казната што е предвидена е *затвор од најмалку пет години*. Навидум едноставната дефиниција на основниот облик на делото, сепак, ја покажува својата комплексност при решавањето на различните облици на квалификувани и привилегирани убиства. Кога судот носи осудителна пресуда за кривичното дело убиство, освен општиот елемент на делото, неминовно се утврдуваат и одмеруваат и посебните елементи кои го чинат *битието* на делото. Тие елементи можат да се однесуваат на *начинот на извршувањето, својствата на жртвата, субјективните и други околности, предвидени со закон, што го уредува определувањето на индивидуалната одговорност*.

## Квалифицирани убиства

Во теоретска смисла, *квалифициран облик на убиство* е *умислено* лишување од живот на друг/а извршено под *особено отежнителни околности* определени во законот, што ги креваат степенот на неправото и

[16] Точка 23.
[17] Точка 42.
[18] Точка 43.

степенот на вината на сторителот и поради кои законот предвидува потешка казна. Овој вид на убиство се разликува од обичното убиство по определени квалификаторни околности од *објективна или субјективна природа*, *како што се начинот на извршувањето, својствата на жртвата, мотивите на сторителот* и сл.

Квалифицираните облици на убиство се уредени во член 123 став 2 од КЗ, тие предвидуваат *казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор* и се определуваат како:

1. *лишување на друг од живот, на свиреп или подмолен начин*;

2. *лишување на друг од живот, при вршење на семејно насилство*;

2а. *лишување од живот на жена или девојче до 18 години, при вршење на родово-базирано насилство*;

3. лишување на друг од живот и притоа со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице;

4. лишување на друг од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобзирна одмазда, *од омраза* или од други ниски побуди;

5. лишување на друг од живот по порачка;

6. лишување од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување;

7. *лишување од живот женско лице за кое сторителот знае дека е бремена или е дете* и

8. лишување од живот на судија, јавен обвинител, при вршењето на неговата/нејзината функција, односно дејност, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работа од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.

Според став 3 од истиот член, со затвор од *најмалку 10 години* или со доживотен затвор ќе се казни тој кој со умисла ќе лиши од живот две или повеќе лица, за кои претходно не му било судено.

Убиството на *свиреп начин* содржи два елементи: објективен - особено тешки маки, болки и страдања од физичка или психичка природа (посебен интензитет или траење на болките на жртвата, која има способност да осети болка) и субјективен - свест на сторителот дека жртвата страда и волја за нанесување на такви страдања. Ова дело може да биде сторено и со *евентуална умисла*.

Убиството на *подмолен начин* се карактеризира со поголем интензитет на потајно и прикриено постапување за да се дојде до жртвата, таа да се лиши од живот со што помалку отпор, при што сторителот ја искористува нејзината беспомошност и доверба. Во овој случај жртвата не знае ништо за нападот врз нејзиниот живот и не може да претпостави дека ѝ се заканува опасност од убиец, додека подмолноста е присутна баш во моментот на лишување од живот, што е начин на кој сторителот го врши ова кривично дело.

За кривичното дело убиство да се квалификува како *убиство при вршење на семејно насилство* треба да бидат исполнети два услова: 1. да постои објективен однос меѓу сторителот и жртвата што ги исполнува елементите на семејно насилство и 2. да постои свест дека тоа се извршува во услови на насилство, а субјективната волја за лишување од живот да претставува израз на насилничкиот однос кон жртвата. *Ова кривично дело „убиство при вршење на семејно насилство“ е предвидено како такво од 2004 година*.

При убиство со *умислено доведување во опасност на животот на уште некое лице* се работи за начин на извршување со кој сторителот оди кон тоа или се согласува со тоа, покрај жртвата на убиството, со умисла да го доведе во опасност и животот на уште некое лице при извршувањето на убиството.

Убиството од *други ниски побуди* ги опфаќа сите останати ниски побуди кои можат да го мотивираат сторителот да го стори ова кривично дело. Дали се работи за ниски побуди *одлучува судот* во секој конкретен случај имајќи ги во предвид квалитетот, односно појавниот облик на ниските побуди и релевантните морални норми. Како ниски побуди се сметаат оние кои се во остра спротивност со општоприфатените морални средства. Тоа се мотиви кои *не можат да се поврзат со човековото достоинство и со општите*

*морални погледи во општеството* (убиство од национален шовинизам, *родова*, расна, национална или верска нетрпеливост, егоизам, завист, злоба, кариеризам, експлоатација и сл).

*Убиство по порачка* е организирано убиство во кое учествуваат најмалку две лица и тоа лицето кое го порачува убиството и лицето кое го извршува убиството. Повисок е степенот на одговорност во однос на обичното убиство поради фактот дека извршителот постапува како ладнокрвен инструмент за остварување на нечија порачка и самото убиство се сведува на извршување на некаква трговска зделка. Нарачателот одговара како поттикнувач на тешко убиство.

При *убиство на бремена жена* има убиство на два живота – еден актуелен, бремена жена и еден иден, плодот. Умислата на сторителот треба да содржи свест за својството на жртвата дека се работи за бремена жена. Делото постои без оглед на стадиумот на бременоста. При *убиство на малолетно лице* квалификаторна околност е својството на жртвата која е малолетник. Немоќта на жртвата ја зголемува тежината на неправото на ова кривично дело. За постоење на ова дело потребно е умислата на сторителот, директна или евентуална, да содржи свест дека жртвата е малолетно лице.

Со казната пропишана за квалификуваните убиства од најмалку 10 години затвор или доживотен затвор се казнува *умисленото лишување од живот на две или повеќе лица*, за кои на сторителот претходно не му било судено, освен ако се работи за убиства извршени со пречекорување на нужната одбрана или на крајната нужда или за убиство од благородни побуди, убиство на миг и убиство на дете при породување.[19]

## Привилегирани убиства

Во делот на Кривичниот законик кој ги уредува *привилегираните убиства*, се наведуваат убиството од благородни побуди,[20] убиство на миг (со измените од 2023 вградено е и родово-базираното насилство[21]), убиство од небрежност,[22] убиство на дете при пораѓање,[23] наведување на

[19] Чл. 123 ст. 3 од Кривичниот законик (КЗ).

[20] Член 124 од КЗ.

[21] Член 125 од КЗ.

[22] Член 126 од КЗ.

[23] Член 127 од КЗ.

самоубиство и помагање во самоубиство,[24] противправно прекинување на бременост и присилна стерилизација.[25]

Во овој дел, со измените на КЗ од 2023 година, додаден е член 129а, кој го уредува *осакатувањето на женски полови органи*. Па така, тој што целосно или делумно ќе изврши отсекување, инфибулација или секое друго осакатување на надворешниот полов орган на жена, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години. Оваа казна важи и за тој што ќе присили жена да се подложи на овие дејства, додека за поттикнување или помош казната е парична или затвор од шест месеци до три години. Во случај ова дело да е сторено од омраза, или спрема девојче, или е предизвикана тешка телесна повреда на жената, сторителот ќе се казни со затвор од една до осум години. Во случај на настапување смрт на жената или девојчето, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

*Убиството од благородни побуди* се однесува на лишување од живот друг од благородни побуди. Овде влегуваат евтаназијата (убиство од милосрдие) и евгениката (убиство на животно неспособно битие - душевно болни, изнемоштени стари лица и сл). Како основа за привилегирање на сторителот се земаат неговите побуди, т.е. мотиви за извршување на убиството. Законот за ова дело предвидува *казна затвор од шест месеци до пет години*.[26]

*Убиството на миг*[27] се врши така што друг се лишува од живот на миг, при што сторителот е доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост, со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на убиениот. Околноста која на ова дело му дава привилегиран вид е посебната субјективна состојба на раздразнетост на сторителот, предизвикана од страна на жртвата. Тоа е една од ситуациите на активен придонес на жртвата, т.е. поводот за убиството потекнува од неа. Основа за поблаг третман е посебната психичка состојба во која запаѓа сторителот како последица на однесувањето на жртвата. Афектот е посебна психичка состојба на стеснета свест, намалена способност за трезвено расудување и реагирање, проследена со надворешни телесни појави, условена со наплив на силно возбудување од минлив карактер. Предвидената казна за ова дело е *затвор од една до пет години*.

[24] Член 128 од КЗ.

[25] Член 129 од КЗ.

[26] Член 124 од КЗ.

[27] Член 125 од КЗ.

Основа за привилегирање е само *силна раздразнетост*, што значи се бара повисок степен на афектна состојба. Не е исклучено да биде остварен и степен на силна раздразнетост кој влегува во границите на битно намалена пресметливост, во кој случај делото треба да се квалифицира како „убиство на миг“, *а не* како убиство во состојба на битно намалена пресметливост. Исто така, сторителот треба да биде доведен во состојба на *силна раздразнетост без своја вина*, што значи дека тој не дал никаков повод за напад или навредување од страна на жртвата, односно не е виновен за ситуацијата во која е нападнат или навреден. Состојбата на силна раздразнетост треба да биде предизвикана со *напад или тешко навредување од страна на убиениот*. Тоа значи дека *исклучена е примената на оваа одредба во случаите кога провокацијата потекнува од страна на сторителот*, кој ја наведува жртвата да го нападне или навреди за да може да го оправда убиството.

Блиско на состојбата на афект е *убиството како последица на тешката психичка состојба во која се наоѓа жртвата на семејното насилство која е сторител на ова дело*. Причинско-последичната врска меѓу дејствијата на семејно насилство, преземени од убиениот и извршеното убиство има психолошко-патолошка природа. Треба да се работи за создавање на посебна психичка состојба кај сторителот, која е блиска на состојбата на афект, иако не мора да ги содржи елементите на убиство на миг и на состојбата на нужна одбрана. Тоа е случај кога жртвата на семејното насилство е притисната „до ѕид“ и нема друг начин *како да се спаси од насилникот-сторител на семејното насилство*. Не е исклучено и ова кривично дело убиство како последица на семејно насилство да биде сторено и во состојба на миг и во услови на нужна одбрана.

*Убиството од небрежност*[28] се разликува од основното убиство по својата субјективна страна, бидејќи неговото битие вклучува и повреда на правилата за должно внимание, покрај предизвикувањето на последицата. За одговорноста на сторителот без значење е дали се работи за свесна или несвесна небрежност, овде смртната последица настапува како резултат на невнимание на сторителот. Може да се утврди дали се работи за убиство од небрежност или убиство со евентуална умисла само со утврдување на психичкиот однос на сторителот кон убиството. Казната за ова дело е затвор од шест месеци до пет години.

[28] Член 126 од КЗ.

*Убиството на дете при пораѓање* е вид привилегирано убиство, што од другите дела убиство се разликува според посебната психичка состојба на мајката, а делото се врши во една посебна состојба во која таа се наоѓа за време на пораѓањето. Како основа за привилегирање е посебната состојба на мајката при пораѓањето. Се работи за специјално дело кое може да го стори само мајката. Останатите учесници во делото (соучесници, соизвршители) одговараат за обично, односно квалифицирано убиство. Казната за ова дело е затвор од *три месеци до три години*. И обидот за извршување на ова кривично дело е казнив.

*Телесната повреда*,[29] која може да носи и нарушеност на здравјето, се казнува со парична казна или со затвор до три години. Во случаи на телесна повреда при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години (став 2). Казната од став 2 се предвидува и за сторител којшто делото ќе го стори од омраза.

За *тешка телесна повреда*[30] или тешко нарушување на здравјето предвидена е казна затвор од шест месеци до пет години. Тешката телесна повреда која е сторена при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од една до пет години (став 2). Во случаи на тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето, кога поради тоа ќе биде доведен во опасност животот на повредениот или ќе му биде уништен или трајно и во значителна мера ослабен некој важен дел од телото или некој важен орган или ќе биде предизвикана трајна неспособност за работа воопшто или за работата за која е оспособен или трајно и тешко ќе му биде нарушено неговото здравје или ќе биде нагрден, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години. Во случај на настапување на смрт, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година.

*Однос на кривичното дело убиство со делото тешка телесна повреда*: Помеѓу кривичното дело убиство и кривичното дело тешка телесна повреда *постои единство и се исклучува стекот* на овие две кривични дела.

[29] Член 130 од КЗ.

[30] Член 313 од КЗ.

Затоа треба да се разјаснат ситуациите во кои може да дојде во предвид квалифицирање на делото како тешка телесна повреда. Во случај кога сторителот одел кон тоа со дејствието на телесна повреда да ја лиши жртвата од живот, а не дошло до смрт на повредениот, ќе постои обид за убиство. Наспроти тоа, кога постои умисла за телесно повредување, а настапила смрт на повредениот, во тој случај ќе стане збор за кривично дело тешка телесна повреда квалифицирано со смртна последица. За да се направи оваа дистинкција меѓу двете дела, битно е дали во умислата при сторување на делото е опфатен смртоносниот исход на повредата, што значи дека постои кривичното дело убиство или, пак, неговата умисла опфаќа само предизвикување на повреда, а од тоа произлегол смртен исход. Или, пак, можно е во некој случај да се работи и за разграничување на небрежното убиство и тешката телесна повреда со смртна последица. Јасно е дека се работи за субјективен елемент кој е тешко да се утврди и докаже, при што судот би морал реално да ги одмери субјективните и објективните елементи на секој случај.

*Умислата* е многу тешко да се утврди, па затоа таа се утврдува со помош на објективното обележје на кривичното дело, односно со дејствијата на извршување, но и со други околности на самиот настан, од аспект на чл. 123 ст. 1 од КЗ. Но, *мотивот* е битен елемент кога станува збор за убиство од чл. 123 ст. 2 од КЗ, бидејќи во зависност од мотивационата основа, воопшто, се разликуваат неколку категории на убиства, како што се убиство од користољубие, убиство заради прикривање на друго дело, убиство од омраза, убиство од завист, убиство од одмазда и слични мотиви.

По однос на *противправното лишување од слобода*,[31] сторителот којшто друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. Во случај делото да е сторено при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

*Загрозувањето на сигурноста* е одново уредено во член 144 со измените во КЗ. Тој што сериозно му се закaнува на друг дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице со намера да

[31] Член 140 од КЗ.

го вознемири или заплаши, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. Ако со тоа дејствие е предизвикано чувство на несигурност, загрозување или страв на жртвата, сторителот ќе се казни со парична казна или затвор до една година. Исто така, тој што ќе го стори делото при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Дополнително, во овој член во став 5 е уредена заканата на лице, искажана јавно или по пат на информатички систем, дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност на одредена раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, *пол, род*, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа предвидена со закон или меѓународен договор што е ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија. Сторителотќе се казни со казна затвор од една до пет години. Гонењето за делото загрозување на сигурноста се презема по приватна тужба.

Новите измени во Кривичниот законик од 2023 година го опфаќаат и кривичното дело „демнење“, за кое се предвидува парична казна или казна затвор до три години.[32] Уредено е и кривичното дело „полово вознемирување“, за кое е предвидена казна затвор од шест месеци до три години.[33]

Кривичното дело „*полов напад и силување*“[34] е исто така изменето и определува: Тој што спротивно на јасно изразена волја на друг, проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејство, што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со кој било дел од телото или предмет, или ќе наведе друго лице без негова/нејзина согласност да изврши полов однос или друго полово дејство со трето лице, или да изврши полово дејство врз себе си, ќе се казни со затвор од една до осум години. Во случај делото да е

[32] Член 144а од КЗ.

[33] Член 190а од КЗ.

[34] Член 186 од КЗ.

сторено со дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години, а ако делото е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни со затвор од три до 10 години. Ако поради делото настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со *затвор најмалку десет години или со доживотен затвор. Важно е дека во овој член е уредено и силувањето во брак, односно, според став 8, ако делото е сторено од страна на сегашен или поранешен брачен другар или интимен партнер, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години. Во случај делото да е сторено со сериозна примена на сила или закана од страна на сегашен или поранешен брачен другар или интимен партнер, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години*. Со сличен пристап на уреденост со овие измени во Кривичниот законик се опфатени и делата „*полова злоупотреба на немоќно лице*“*[35] и* „*силување на дете кое не наполнило 15 години*“.[36]

## Општи принципи на Кривичниот законик по однос на одговорноста на сторителот

Според Кривичниот законик, *кривично е одговорен* сторителот кој е *пресметлив* и што кривичното дело го сторил *со умисла или од небрежност* и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото. За кривично дело сторено од небрежност, сторителот е кривично одговорен само кога законот го определува тоа.[37]

По однос на *пресметливоста*, не е пресметлив сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, или други особено тешки душевни пречки. Можно е да се казни поблаго сторителот на кривично дело чија способност да го сфати значењето на своето дело или способноста да управува со своите постапки била битно намалена (битно намалена пресметливост). Кривично е одговорен сторителот на кривично дело кој со употреба на алкохол, droги

[35] Член 187 од КЗ.

[36] Член 188 од КЗ.

[37] Член 11 став 1 и 2.

или на друг начин ќе се доведе во состојба во која не можел да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки, ако пред да се доведе во таа состојба, делото било опфатено со неговата умисла или во однос на кривичното дело кај него постоела небрежност, а законот за такво дело предвидува кривична одговорност и за небрежност.[38]

Кривичното дело е сторено со *умисла* кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.[39]

Кривично дело е сторено од *небрежност* кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи или кога не бил свесен за можноста од настапување на штетна последица, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност.[40]

Кога од кривичното дело произлегла потешка последица за која законот пропишува потешка казна, таа казна може да се изрече ако сторителот во однос на последицата постапувал од небрежност.[41]

Тој што со умисла ќе започне извршување на кривично дело, но нема да го доврши, ќе се казни *за обид на кривично дело* за кое според закон може да се изрече затвор од пет години или потешка казна, а за обид на друго кривично дело само кога законот изречно пропишува казнување и за обид. Сторителот ќе се казни за обид во границите на казната пропишана за кривичното дело, а може да се казни и поблаго.[42]

Кривичното дело може да се *изврши со сторување или со несторување*. Кривичното дело може да биде извршено со несторување само кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикувањето на

[38] Член 12 ставови 1, 2 и 3.

[39] Член 13.

[40] Член 14.

[41] Член 15.

[42] Член 19 став 1 и 2.

последицата на делото со сторување.[43] Објект на заштита кај сите дела на убиство е животот на човекот и тоа секогаш е туѓиот живот. Последицата се состои во настапување на смртта, а делото се смета за довршено со моментот на настапување на смртта.

Меѓу дејствието на извршување и последицата (смртта на жртвата) треба да постои причинска врска. Заради утврдување на причинската врска, според нашата судска пракса е релевантно само од преземањето на дејствието до настапувањето на смртта да продолжи да се развива истата каузална верига што е започната со дејствието на извршување, односно да не дошло до прекин на каузалниот тек или вмешување на друг каузален тек.

## Соучесништвото во кривично дело

Како видови на соучесништво во кривичното дело, Кривичниот законик ги наведува соизвршителството, поттикнувањето и помагањето.[44]

При *соизвршителството* на две или повеќе лица, со учество во дејствие на извршување или со друг особен придонес кон извршувањето на делото, кога заеднички ќе сторат кривично дело, секое од нив ќе се казни со казната пропишана за тоа дело. Тој што *поттикнува* со умисла друг да стори кривично дело, ќе се казни како да го сторил самиот. Во случај на поттикнување со умисла за дело за кое според законот може да се изречат пет години затвор или потешка казна, сторителот ќе се казни како за обид на кривично дело. За *помагање* на друг со умисла во извршување на кривично дело, сторителот ќе се казни како да го сторил самиот, а може да се казни и поблаго. Кривичната одговорност на соизвршителот, поттикнувачот и помагачот е зависна од границите на нивната умисла/небрежност.[45]

## Видови казни според Кривичниот законик и општи правила за одмерување на казната

Според член 4 од КЗ, предвидените кривични санкции се: *казни, алтернативни мерки, мерки на безбедност и воспитни мерки*. Во рамките на определувањето на *видовите на казни* за кривични дела на кривично

[43] Член 29 став 1 и 2.

[44] Член 22, 23 и 24.

[45] Член 25.

одговорните сторители, според член 33 став 1 од КЗ можат да се изречат следните казни:

- казна затвор;
- парична казна;
- забрана на вршење професија, дејност или должност;
- забрана на управување со моторно возило;
- протерување странец од земјата и
- забрана за посетување на спортски натпревари.

Казната затвор може да се изрече само како главна казна. Паричната казна може да се изрече како главна и како споредна казна заедно со казната затвор или со условната осуда со која е утврдена казна затвор. Ако за едно кривично дело се пропишани казната затвор или паричната казна, како главна казна, може да се изрече само едната од нив, освен кога со закон е пропишано дека може да се изречат и двете казни.[46]

*Затворот* не може да биде пократок од 30 дена, ниту подолг од 20 години. За кривичните дела за кои е пропишана и казна доживотен затвор, може да се изрече казна долготраен затвор од 40 години. Ако за кривично дело сторено со умисла е пропишан затвор во траење од 20 години, за тешки форми на тоа дело може да се пропише и казна доживотен затвор. Казната доживотен затвор не може да се пропише како единствена главна казна и не може да се изрече на сторител кој во време на извршување на кривичното дело не навршил 21 година од животот. Кога за кривичните дела е пропишана казна затвор без назначување на најмалата мера, а најголемата мера не е поголема од три години, покрај таа казна задолжително се пропишува и парична казна.[47]

*Паричната казна* се изрекува во дневни глоби, при што бројот на дневните глоби не може да биде помал од пет, ниту поголем од 360 дневни глоби. Судот го одмерува бројот на дневните глоби според општите правила за одмерување на казната. Судот ја одредува висината на дневната глоба имајќи ги предвид имотните и личните прилики на сторителот, тргнувајќи по правило од чистиот дневен приход што сторителот го остварува или може да го остварува, како и од семејните и други обврски на сторителот и неговата имотна состојба во времето на донесувањето на судската одлука. Најмалата

[46] Член 33 став 2, 3 и 4.

[47] Член 35 став 1, 2 3, 4 и 6.

вредност на дневната глоба е едно евро во денарска противвредност, а најголемата е 5.000 евра во денарска противвредност. Кога паричната казна се изрекува како споредна казна покрај казната затвор, судот ја утврдува во паричен износ; паричната казна како споредна казна не може да биде помала од 20 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 5.000 евра во денарска противвредност.[48]

По однос на *ограничувања во извршувањето* на кривичните санкции, член 5 уредува дека на сторителот на кривично дело во извршувањето на кривичната санкција можат да му бидат одземени или ограничени определени права само во мера која им одговара на природата и содржината на таа санкција и само на начин со кој се обезбедува почитување на личноста на сторителот и на неговото/нејзиното човечко достоинство.

*Судот ќе му одмери казна на сторителот на кривично дело* во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето. Притоа, судот ќе ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснителни и отежнителни околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите/нејзините лични прилики и неговото/нејзиното однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.[49]

При одмерувањето на казната судот посебно ќе води сметка за вкупното дејство на казната и нејзините последици врз личноста на сторителот и потребите на неговата/нејзина ресоцијализација. Кога судот му ја одмерува казната на сторителот за кривично дело сторено во повrат, посебно ќе има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали делата се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна.[50]

[48] Член 38 став 1, 2, 3 и 6.

[49] Член 39 став 1 и 2.

[50] Член 39 став 3 и 4.

*При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден* ***пол****, раса, боја на кожа,* ***род****, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или врз која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.*[51] Ако судот не ја примени одредбата од ставот 5 на овој член, должен е да ги *образложи* причините за таквата одлука.

При одмерувањето на *паричната казна*, судот ќе ја има предвид и имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите/нејзините други приходи, за неговиот/нејзиниот имот и за неговите/нејзините семејни обврски.[52]

Според член 40 од КЗ, судот може на сторителот *да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна* кога: 1) законот предвидува дека сторителот *може* да се казни поблаго, 2) ќе утврди дека постојат *особено олеснителни околности* кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето или 3) при донесување пресуда врз основа на *спогодба* на јавниот обвинител и осомничениот.

Судот може да го *ослободи од казна сторителот на кривичното дело само кога тоа законот изречно го предвидува*. Кога судот е овластен да го ослободи од казна сторителот на кривичното дело, може да му ја ублажи казната без ограничувањата пропишани за ублажување на казната.[53]

Во контекст на примена на наведените одредби на Кривичниот законик врз случаите на фемицид во Република Северна Македонија, интересно е за нашата анализа да се направи сумарен пресек на најчестите видови на казни во изминатиот четиригодишен период кои судот ги досудува, земајќи го предвид целиот контекст на случувањата. За опсервација е дали при

[51] Член 39 став 5.

[52] Член 39 став 7.

[53] Член 42 ставови 1 и 2.

носењето на судските одлуки во пракса почесто се досудуваат поблаги казни за сторителите, или, пак, условни осуди и парични казни наспроти сторениот чин; дали и колку се одолговлекува самата постапка; дали во случај да постојат и имотноправни барања, тие се решаваат во една постапка или пак се упатуваат на парнична постапка, итн. Ваквото статистичко следење на состојбите од праксата е од особено значење за да се оствари поефикасен системски одговор на случаите на фемицид, со цел зголемување на довербата во правосудните институции.

Треба да се напомене дека согласно државните стратегии и акциони планови, кои се во склад и со обврските на државата според CEDAW и Истанбулската конвенција, актуелно се работи на нов законски текст, со што во Кривичниот законик ќе се воведат промени по однос на: криминализација на силувањето во контекст на семејно насилство; додавање на елементи на кривично дело фемицид согласно стандардите на ОН; вклучително и демнење, сексуално вознемирување, генитално осакатување и други дела кои веќе се наведени во други сродни закони. По однос на казнената политика, заложба е да се оствари построго казнување за кривични дела кои биле извршени за зачувување на честа. Во врска со овие наведени приоритети, се планира и измена на Законот за полиција, за полициските службеници да можат да преземаат дејствија за отстранување на насилникот од домот во случаи на РБН и СН.

## Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство[54] е нов законски текст, кој, согласно решенијата кои ги нуди, има добиено позитивни оценки во јавноста. Но, секако дека можностите и идеите за надоградба на законскиот текст се секогаш отворени, како и напорите за подобрата практична имплементација на нормите во наредниот период. Овој Закон е особено тесно врзан со проблемот на фемицидот, со оглед дека светските, регионалните, па и домашните искуства покажуваат дека ваквите случаи најчесто се врзани со семејното насилство при неговата инциденција.

Законот го уредува *постапувањето на институциите* со должно внимание при преземањето на *мерки за превенција* од родово-базирано

[54] *Службен весник на Република Северна Македонија (РСМ)*, бр. 24/2021.

насилство врз жените и семејно насилство,[55] постапувањето на институциите за заштита на жените од РБН и СН, меѓусебната *координација* на институциите и организациите, *услугите* за заштита на жртвите и собирањето на податоци за РБН и СН.[56] Целта на Законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги.[57]

Дефинираните поими опфатени во Законот, а кои можат да бидат во врска со темата фемицид се: насилство врз жените, родово-базирано насилство, семејно насилство, блиски лични односи, насилство од интимен партнер, пол, род, жртва, сторител, жена (тука се вклучени и девојчињата под 18 години), дете, физичко насилство, психичко насилство, сексуално насилство и силување, трговија со жени и присилна контрола врз жените.[58]

Законскиот текст ги наведува поодделно државните институции кои имаат директна одговорност и надлежност за спроведување на активностите против РБН и СН (органите на државната управа, *судовите, јавното обвинителство*, единиците на локалната самоуправа и правните лица кои вршат јавни овластувања согласно закон),[59] наложувајќи институционална и мултисекторска соработка.[60] Посебна улога и надлежности му се дадени на Националното координативно тело за имплементација на Истанбулската конвенција.[61] Од особено значење е прибирањето на релевантни податоци, статистички и административни, за состојбата со РБН и СН.[62]

Опфатена е и постапката за пријавување и работа со случаи на РБН и СН од службени лица,[63] судската заштита на жртвите,[64] како и услугите кои се наменети за жените-жртви на РБН и СН.[65]

---

[55] Во понатамошниот текст – РБН и СН.

[56] Член 1 од Законот.

[57] Член 2 од Законот.

[58] Член 3 од Законот.

[59] Член 11 од Законот.

[60] Член 12 од Законот.

[61] Член 15 и 16 од Законот.

[62] Глава IV од Законот.

[63] Член 41 и Глава VIII од Законот.

[64] Глава IX од Законот.

[65] Глава X од Законот.

## Закон за спречување и заштита од дискриминација

*Законот за спречување и заштита од дискриминација*[66] датира од 2020 година и вклучува широк опсег на забрана по бројни дискриминаторски основи, како што се раса, боја на кожа, потекло, национална и етничка припадност, *пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет,* припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, *семејна или брачна состојба*, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.[67]

Поимникот на Законот[68] ги дефинира изразите: еднаквост, лице, лице со попреченост, соодветно приспособување, пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите, маргинализирана група, легитимна и објективно оправдана цел, дискриминација по асоцијација, дискриминација по перцепција, повеќекратна дискриминација, повторена дискриминација, продолжена дискриминација, интерсекциска дискриминација и тестирање ситуација.

Во законскиот текст се уредени облиците и видовите на дискриминација,[69] како и востановувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, надлежностите и постапките кои се одвиваат пред неа.[70] Освен лицата кои сметаат дека биле дискриминирани и можат да поднесуваат претставки до Комисијата, оваа постапка можат да ја иницираат и организации кои имаат оправдан интерес за заштита на други од дискриминација, но и самата Комисија по службена должност.[71] Доколку Комисијата утврди дека тврдењето на подносителот на претставката е веројатно, тогаш товарот на докажувањето преминува на оној против кого е поднесена претставката.[72] Главата V од Законот ја уредува *судската заштита од дискриминација*, каде што е наведена и можноста за тужба за заштита од дискриминација во јавен интерес – actio popularis.[73]

[66] *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 258/2020.

[67] Член 5 од Законот.

[68] Член 4 од Законот.

[69] Глава II од Законот.

[70] Глава III и IV од Законот.

[71] Член 23 од Законот.

[72] Член 26 од Законот.

[73] Член 35 од Законот.

## Закон за семејството

Законот за семејството[74] исто така има посебни одредби кои се однесуваат на семејното насилство. Во член 4 став 2 се наведува обврската на Државата да обезбедува заштита од семејно насилство, а во член 33-а *експлицитно* се забранува секаков вид на насилство во бракот и семејството.

Во Глава IV-А посебно се уредува семејното насилство, забранувајќи секаков вид на насилство помеѓу членовите на семејството, без оглед на полот и возраста.[75] Се уредуваат и обврските во случај на семејно насилство на Центарот за социјална работа, надлежниот суд, како и асистенцијата и/или самостојните активности на граѓанските организации кои се активни во оваа област.

Под *семејно насилство* се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема:

- брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,
- поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството,
- браќа и сестри, полубраќа и полусестри,
- постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и
- лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Под *блиски лични односи*, во смисла на овој закон, се подразбираат лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница.

[74] *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 38/2004, 33/2006, 67/2010, 38.2014 и 150/2015.

[75] Член 94-б од Законот.

## Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство

Преку донесувањето на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[76] се врши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2004/80/ЕЗ.

Овој Закон го уредува правото на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, условите за остварување на правото на паричен надоместок, видовите паричен надоместок, основањето, статусот, составот и надлежностите на Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство, нејзиниот избор, мандат и разрешување, средствата за исплата на паричниот надоместок на жртвите, процесот на информирање и поучување на жртвите, постапката за остварување на правото на паричен надоместок, правото на регрес, постапката во прекугранични предмети, како и евиденцијата и чувањето на податоците за остварување на правата од овој закон.[77]

Воедно, се забранува секаков вид дискриминација при остварувањето на правата уредени со овој Закон и согласно меѓународните договори.[78] Целта е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како помош од страна на државата, согласно со начелото на општествена солидарност и да се спречи можна виктимизација и секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите можат да го претрпат од односот на надлежните органи.[79]

Под *кривично дело со насилство*, во смисла на овој закон, се смета: кривично дело сторено со умисла, со примена на физичка сила или со други дејства со кои настанува тешко нарушување на здравјето, како и *родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство*, кривичните дела поврзани со засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос, трговија со луѓе и трговија со дете, согласно со одредбите од Кривичниот законик; *кривично дело со кое се повредува половиот интегритет* или кривично дело со кое со општоопасно дејство, орудие или средство се доведува во опасност животот или имотот на некое лице, што предизвикало смрт или тешки телесни повреди или тешко нарушување на физичкото или психичкото здравје на едно или

[76] *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 247/2022.

[77] Член 1 од Законот.

[78] Член 3 од Законот.

[79] Член 4 од Законот.

повеќе лица, а е пропишано во Кривичниот законик како квалифициран облик на основниот облик на кривичното дело.[80] Законот ги опфаќа и дефинира и непосредните и посредните жртви на кривичното дело со насилство.[81]

## Закон за бесплатна правна помош

Законот за бесплатна правна помош[82] (БПП) гарантира првостепена и второстепена правна помош за граѓаните кои немаат доволно средства да платат за правна помош. Оваа категорија граѓани можат да добијат БПП за имотно-правни спорови, должничко-доверителски односи, прашања од пензиско и инвалидско осигурување, за *застапување жртви на семејно насилство*, за остварување социјална помош, за спорови со осигурителни компании, но и за други потреби. Жените жртви на РБН и СН се опфатени со овој Закон.

## Други нормативни акти и стратегии од значење за темата

Системската и нормативна заокруженост на националните напори за превенирање и/или справување со случаите на родово-базирано насилство и семејно насилство, кои во нивниот екстрем можат да завршат со фемицид, се адресира и преку бројни други закони, подзаконски акти и национални стратегии. Сите наведени акти и/или документи се дополнети или се донесени сосема нови текстови во последните неколку години, со содржина прилагодена на барањата на, пред сè, меѓународните стандарди и стратешките обврски на Државата. Од особено практично значење се подзаконските акти, кои детално ги уредуваат постапките кои државните органи би требале да ги применат во случаите на РБН и СН.[83] Следи листата на овие акти и документи:

- Закон за еднакви можности на жените и мажите;[84]
- Правилник за начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита;[85]

[80] Член 9 од Законот.

[81] Член 10-12 од Законот.

[82] *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 101/2019.

[83] Родово-базирано насилство и семејно насилство.

[84] *Службен весник на Република Македонија* бр. 6/12, 166/2014 и 150/2015 и *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 53/2021.

[85] Донесен од Министерство за труд и социјална политика, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 248/2021.

- Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци;[86]
- Правилник за начинот на извршување на изречената итна мерка за заштита отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и привремените мерки за заштита;[87]
- Правилник за начинот на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на итна мерка на заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот;[88]
- Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во судовите за бројот на случаи на родово-базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство;[89]
- Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во јавните обвинителства за бројот на случаи на родово-базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство;[90]

[86] Донесен од Министерство за труд и социјална политика, *Службен весник на РСМ* бр. 240/2021.

[87] Донесен од Министерство за внатрешни работи, *Службен весник на РСМ* бр. 210/21.

[88] Донесен од Министерство за внатрешни работи, *Службен весник* на РСМ бр. 210/21.

[89] Донесен од Министерство за правда, *Службен весник на РСМ* бр. 268/2022.

[90] Донесен од Министерство за правда, *Службен весник на РСМ* бр. 267/2022.

- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026;[91]
- Стратегија за родова еднаквост 2022-2027.[92]

Националното координативно тело при МТСП е во финален процес на усогласување на:

- Правилник за форма и содржина на анализа и статистичка обработка на податоци од систем за социјални права и услуги за состојбата со родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство;
- Правилник за формата, содржината и начинот на интегрирано прибирање на статистички и административни податоци за состојбата со родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, врз основа на пол, род, возраст, припадност на заедница, живеалиште и други податоци.

Финализирани и предадени на Министерството за труд и социјална политика за да се донесат се:

- Правилник за начинот на издавање согласност на Програма за почетна и континуирана едукација за родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистар на обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство.

[91] Донесена во април 2022 година.

[92] Донесена од Собранието на РСМ, *Службен весник на РСМ* бр. 170/2022.

# » ФЕМИЦИДОТ НИЗ ИСТРАЖУВАЊАТА

Авторите кои се бават со следење на проблематиката на семејно насилство и поконкретно фемицид во Република Северна Македонија, сметаат дека „неказнувањето на сите форми на родово-базирано насилство ја зголемува недовербата во институциите, го охрабрува повторувањето на насилството и неговото кулминирање во фемицид“.[93]

Проценка е дека македонското општество во голема мерка пројавува премолчана толеранција на насилството кон жените, сметајќи го „нормално“ или „вообичаено“, како дел од традиционалната култура на општеството. Истражувањето спроведено од страна на ОБСЕ[94] за насилството врз жените во Југоисточна Европа, вклучително и нашата земја, исто така презентира вознемирувачки трендови. Воочена е висока распространетост на различни форми на насилство врз жени, но загрижува и ниското ниво на пријавување на случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство. Причините за нискиот степен на пријавување на случаите на родово-базирано и семејно насилство на надлежните органи, се смета дека се: срамот и стигмата заради нарушените семејни односи; ниската свест на жртвите за нивните права; но и ниските казни за сторителите на насилството.

Истражувањето за фемицидите во Македонија од страна на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство од 2017 година[95] констатираше дека: „Кај повеќе од 60% од анализираните случаи на убиства на жени во Македонија, кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со кого живееле во заедница. Во практиката, најчести се случаите на телесна повреда, загрозување на сигурноста и тешка телесна повреда извршени во

[93] Бојана Јовановска, „Кога непостапувањето е убиство“ – анализа, Хелсиншкиот комитет за човекови права, 2022 година.

[94] *Благосостојба и безбедност на жените, Северна Македонија* – извештај за резултатите [од истражувањето, спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија], ОБСЕ 2018 година. Анкетирани биле 1910 жени на возраст од 18 до 74 години.

[95] Бојана Јовановска, труд цитиран погоре (2022).

контекст на семејно насилство. Во повеќе од 80% од случаите, убиството се случило во заедничкиот дом или, доколку била отпочната постапка за развод, во домот на родителите на жртвата. Овој факт нé носи кон заклучок дека жените во Македонија се најнебезбедни во својот дом“.

Со оглед на тоа дека државата не води посебна, официјална евиденција за бројот на случаи кои би можеле да се карактеризираат како фемицид, според податоците споделени од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство произлегува дека во периодот 2001-2016 година регистрирани се 32 фемициди, додека во периодот 2017-2020 година - 22 фемициди. Овие бројки коинцидираат и со истражувањето на UNDP, во кое е наведено дека во периодот од 2008 до 2020 година вкупно се убиени 96 жени, од кои се смета дека *најмалку 50 случаи се фемицид*. За време на вонредната состојба при пандемијата во 2020 година, за само два месеца се случиле два фемицида во Скопје. Бездруго, статистиката која е приложена, со оглед на недостатокот на систематско методолошко евидентирање на случаите на фемицид, можно е да не одговара на реалната појавност на овие случаи, но сепак претставува индикатор на состојбите во нашата држава.

Како една од причините за несоодветно адресирање на случаите на фемицид во Северна Македонија се смета дека е слабата, неефективна имплементација на законите. И покрај тоа што фемицидот не е експлицитно споменат како кривично дело во актуелниот Кривичен законик, сепак и сега, а особено по најновите измени, постои нормативна возможност судот во контекст на убиство на жена, како дело кое резултирало од семејно насилство, кое се случило поради припадноста на жената на женскиот род, или пак земајќи ги предвид побудите и мотивацијата на сторителот, да го третира делото како квалифицирано, т.е. фемицидот може да биде отежнителна околност при носење на судската одлука. Правосудните органи би требале да демонстрираат поголема волја, аналитичност и сфаќање за ваквиот вид на кривично дело, со цел посоодветен третман во постапките и крајно – соодветна казнена политика за сторителите.

Неказнување и/или несоодветното казнување на сите форми на родово-базирано насилство, особено на фемицидот како негова најтешка форма, дополнително влијае на зголемување на недовербата во институциите и непријавување од страна на жртвите, што од друга страна го охрабрува повторувањето на насилството и негово кулминирање во фемицид.

# » ЗНАЧЕЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛИМИНАЦИЈАТА НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ (CEDAW) ВО ДОМАШНИ РАМКИ

Обединетите нации како меѓународна организација која е светски највлијателна, најзначајна и најсеопфатна по однос на бројноста на земји-членки, примарно го обезбедува *универзалниот систем* на *заштита на жената од дискриминација*. Конвенцијата за елиминацијата на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) е во важност од 1981 година,[96] додека нашата држава е обврзана со неа прифатила по пат на сукцесија на 18. јануари 1994 година. Таа претставува резултат на долгогодишни напори кои произлегуваат од Повелбата на Обединетите нации и Универзалната декларација за човекови права, преку бројни конвенции донесени последователно, а се однесуваат на или ја вклучуваат меѓу другото и положбата на жената и нејзините права. Сепак, оваа конвенција значително се разликува од останатите во *нагласено афирмативна смисла*, заради тоа што е прв значаен чекор во развивањето на стандарди за основните човекови права на жените и има директна обврзувачка компонента кон државите-потписнички (членки), придружена со оперативниот механизам кој се воспоставува за да ја следи имплементацијата на нејзините прокламирани принципи. На CEDAW може да се гледа како на предвесник на Истанбулската конвенција, со оглед на тоа дека таа детално разработува една од формите на дискриминација кои се вклучени во CEDAW.

Рамката на обврските од страна на државите-членки според CEDAW е конструирана врз три главни принципи: *обврската за почитување на*

[96] Усвоена во 1979 година.

*еднаквоста во законите и политиките; обврската за заштита преку недискриминација - директна и индиректна; и обврската за зачувување на еднаквоста и елиминирање на родовата дискриминација во комплетната сфера на социјалниот и економскиот живот.* „Призмата" на човековите права на жените лежи врз овие три принципи, кои обезбедуваат агол на набљудување на состојбите преку кој мора да се испитаат и корегираат сите места и појави на родова дискриминација.

Освен ревизија на националните закони, кои од свој материјален аспект треба да ги адресираат принципите на CEDAW, се бара и да се преземат афирмативни мерки и политики за подобрување на состојбите во различни области и постигнување на зацртаните цели. *Судството*, преку својата работа, игра суштинска улога во оживотворувањето и практичната примена на конвенциските принципи. Затоа, *судиите треба да ги познаваат* принципите загарантирани со оваа конвенција, со цел да се оствари родова сензибилизација при решавањето на случаи на дискриминација кон жените, односно при носењето на судските одлуки. Континуираната едукација на постојните кадри, соодветната образовна подготовка на идните кадри и постојаното следење на новата пракса е најуспешниот комбиниран пристап кој цели кон внесување прогресивни промени во секоја држава.

Важна компонента во Конвенцијата[97] е и обврската на *државите да известуваат за напредокот и преземените дејствија* во насока на исполнување на прокламираните цели содржани во Конвенцијата до надлежното тело - *Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените*. Република Северна Македонија го поднесе Шестиот периодичен извештај во 2017 година. Следеа заклучни согледувања и препораки од Комитетот на CEDAW од 2018 година за понатамошно прогресивно следење на состојбите, во кои се констатира напредок во споредба со состојбите од 2013 година.[98]

[97] *Петтиот дел* - член 17-22.

[98] Постигнатиот напредок бил нотиран во легислативните реформи и практичните политики и тоа за: Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (2014) и со него сврзаните подзаконски акти (2015), а во содејство со востановените и имплементирани мерки за заштита и обесштетување на жртвите на семејно насилство; востановувањето на Националното координативно тело против семејно насилство (2017); Национален акционен план за родова еднаквост (2018-2020); Национална стратегија и национален акционен план за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција (2017-2020); Стратегија за родова еднаквост (2013-2020) и нејзините акциони

По однос на прашањето на *родово-базираното насилство против жената*, Комитетот го пофали усвојувањето на акциониот план за периодот до 2023 година, за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилство врз жените и семејното насилство. Сепак, Комитетот изрази загриженост поради: тоа што сè уште *не се препознаваат и криминализираат сите форми на родово-базирано насилство против жени и девојчиња*, вклучително и физичко, сексуално, психичко и економско насилство во јавната и приватната сфера, а актуелната легислатива по однос на семејното насилство е родово неутрална и не препознава специфични родови аспекти на семејното насилство; високата распространетост на родово-базирано насилство против жените и девојчињата и *високиот број на фемициди*; отсуството на сеопфатен систем за собирање податоци, расчленети според релевантни фактори, во врска со различните форми на родово-базирано насилство врз жени и девојчиња, вклучително и информации за односот на сторителот со жртвата; препреките со кои се соочуваат жените при добивање налози за привремена заштита, како и доцнење во водењето на постапките, недостаток на родово-чувствителен пристап за време на постапките и недостатокот на механизми за следење на нивната имплементација; постоењето на ограничен број засолништа на располагање и покрај големата инциденца на родово-базирано насилство врз жени и девојчиња, вклучително и семејно насилство; итн.

Комитетот, повикувајќи се на генералната препорака бр. 35 (2017) за *родово-базирано насилство врз жените*[99] и ажурирање на општата препорака бр. 19, *препорачува*:

планови (2013-2016) и (2017-2020); Акциони планови за сексуално и репродуктивно здравје во кризни ситуации, како и стандардни оперативни процедури за превенција и институционален одговор на родово-базирано насилство; нова Стратегија за Ромите (2014-2020) со Акционен план (2016-2020); Методологија на родово-респонзивно буџетирање за државните административни тела (2014); важноста на ратификацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (2017).

[99] Овој понов поим се користи како како попрецизен термин што ги прави експлицитни родовите причини и влијанија на насилството. Терминот дополнително го зајакнува разбирањето на насилството како социјален, а не индивидуален проблем, барајќи сеопфатни одговори, над оние на конкретни настани, индивидуални сторители и жртви, односно преживеани.

- Да се *даде приоритет* на донесување законска регулатива за опфаќање на сите форми на родово-базирано насилство, вклучително и насилство кое се јавува во брак и *de facto* заедници, особено силување во брак, и во јавниот и приватниот живот, *да се преиспитаат родово неутралните одредби* во Законот за спречување и заштита од семејно насилство и да се гарантира дека родовите димензии на семејното насилство ќе бидат земени предвид во постапките при спроведување на Законот.
- Да се обезбеди Националното координативно тело против семејно насилство да има мандат *за сите форми на родово-базирано насилство* врз жени и да донесува мерки за идентификување и борба против специфичните аспекти на семејно насилство *поврзани со полот*.

Препораките во делот на *легислативата*, меѓу другото, се да се криминализираат и да се воведат, без одлагање или да се зајакнат постојните законски *санкции сразмерно на тежината на делото*, како и да постојат и граѓански правни лекови за сите форми на родово-базирано насилство врз жени во сите сфери, што претставува повреда на нивниот физички, сексуален или психолошки интегритет; правниот систем да ги штити жртвите/преживеаните од родово-базираното насилство врз жените и да обезбеди пристап до правда и до ефикасен правен лек; да се укинат, вклучително и во обичајните, религиозните и домородните закони, сите законски одредби што ги дискриминираат жените и со тоа запишуваат, охрабруваат, олеснуваат, оправдуваат или толерираат каква било форма на родово насилство; да се обезбеди сексуалниот напад, вклучително и силувањето, да се карактеризира како кривично дело против правото на лична безбедност и физички, сексуален и психолошки интегритет и дефиницијата за сексуални злосторства, вклучително и брачно силување, да се заснова на недостаток на слободно дадена согласност и да ги зема предвид присилните околности.

Препораките во делот на *превенцијата*, меѓу другото, се да се усвојат ефективни *законодавни* и други соодветни превентивни мерки за решавање на основните причини за родово-базираното насилство врз жените, вклучително и патријархални ставови и стереотипи, нееднаквост во семејството и занемарување или негирање на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на жените и да се промовира зајакнувањето на жените.

Препораките во делот на *заштитата*, меѓу другото опфаќаат усвојување и спроведување на ефективни мерки за заштита и помош на жените кои се жалители и сведоци на родово-базираното насилство *пред, за време на и по судската постапка*, заради заштита на нивната приватност и безбедност, преку родово чувствителни судски процедури, мерки и постапки по однос на жртвите, преживеаните, сведоците и обвинетите.

Препораките во *делот на гонењето и казнивоста наведуваат потреба од ефективен пристап на жртвите до суд и властите да реагираат соодветно на сите случаи на РБН против жени, вклучително и преку примена на кривичното право и, каде што тоа е соодветно, гонење по службена должност и водење на фер и непристрасна судска постапка*; случаите на родово-базирано насилство врз жените да не се упатуваат задолжително на алтернативни постапки за решавање спорови, туку тие постапки да се применуваат само кога претходната проценка од специјализиран тим обезбедува слободно изразена согласност на жртвите која е формирана врз основа на доволно информации, без тоа да биде пречка за пристап на жените до формалната правда.

Во делот на *репарациите*, се препорачува тие да бидат ефективни за жртвите од родово-базирано насилство, но и разнородни: паричен надоместок, обезбедување правни, социјални и здравствени услуги, вклучително и услуги за сексуално, репродуктивно и ментално здравје за целосно закрепнување.

# » ЗНАЧЕЊЕТО НА ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ВО ДОМАШНИ РАМКИ

По донесувањето на Конвенцијата за елиминацијата на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), ново продорно и прогресивно влијание подоцна извршува и донесувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (2011), колоквијално наречена Истанбулска конвенција, која е ратификувана од нашата држава во 2018 година. Таа е првиот правно-обврзувачки инструмент кој „создава сеопфатна правна рамка и пристап за борба против насилството врз жените" и е насочен кон спречување на семејно насилство, заштита на жртвите и гонење на обвинетите сторители на кривични дела.

Низ овој документ и неговото оживотворување се остварува новиот културно-родов идентитет на 21.-от век. Со оглед на тоа дека родовите односи и односите во семејството претставуваат мошне осетлива област која задира во приватноста и интимата, нивното конвенциско, а потоа и законско уредување на национално ниво го трасира патот за тоа каде се стремиме да се развиваме како општества. Секоја држава креира *сопствена рамка* за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, преку која се заложува да ја достигне конвенциската цел. Истовремено, треба да постои *институционален одговор* за да се спречат евентуални ретроградни процеси во оваа област, а сите општествени чинители неопходно е да се мобилизираат во тој правец. Така, модерната социјална држава го вгнездува и ова прашање во нејзиниот *опсег на ингеренции и обврски*.

Реализацијата на целите на Конвенцијата е повеќенаменска и повеќеслојна. Освен делот кој има законска или системско-правна завршница, таа опфаќа и бројни практични политики и дејствија кои делуваат превентивно или пак ги санираат последиците на родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство. Во овој склоп на активности спаѓа и соодветната обука, преку која

правните и други професионалци, вклучително и претставници на граѓанските организации, солидно ќе се подготват за идните работни предизвици, но и следењето на статистиките и трендовите кои се јавуваат во оваа област.

Како документ кој сè уште е во важност, во Република Северна Македонија беше донесен *Националниот акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство за периодот 2018-2023 година*. Државата се обврза да преземе законодавни и други мерки заради обезбедување на правна, институционална и организациска рамка за превенција на насилството врз жените, заштита на жртвите на насилство, како и казнување на сторителите на насилството. Во таа смисла, Националниот акциски план има три основни цели: ссогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата; воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство; и спроведување активности за превенција од родово-базирано насилство и семејно насилство.

Видно од законите кои се наведени во овој текст и временскиот период во кој се донесени, евидентен е напорот на Државата да се постигне повисок степен на усогласување на националните закони со Конвенцијата, бидејќи донесени се бројни закони кои се важни за родовите односи и родово-базираното и семејното насилство. Во последниот период се усвоени измените и дополнувањата во Кривичниот законик, по што би требало да бидат инкорпорирани и измените во Законот за кривичната постапка. Меѓу другото, со цел подобрување на ефикасноста на заштита на жртвите на семејно насилство, особено оние во животозагрозувачки ситуации, предвидено е дополнување на надлежностите на полицијата да може веднаш да го отстрани насилникот од домот без притоа да има потреба од вклучување на граѓански суд, независно од сопственоста.

Државата има обврска во законите со кои се регулира родово-базираното насилство да ги преземе сите соодветни мерки да превенира, но исто така да истражува случаи на родово-базирано насилство, да го гони и да го казни сторителот и да обезбеди обесштетување на жртвата за пропустот на државата да го спречи насилството. Кривичното гонење на сторителите ќе се обезбедува во согласност со членот 55 од Конвенцијата и истото нема да зависи целосно од пријавата или тужбата која ја поднела жртвата, а постапките може да продолжат дури и ако жртвата ја повлекла својата пријава или тужба.

Исто така, потребно е да се зголеми улогата на Народниот правобранител во следењето на фемицидите (да се воспостави *Femicide watch* механизам, по примерот на Хрватска).

Следењето на *оперативната имплементација* на принципите прокламирани во Истанбулската конвенција од страна на државите-членки[100] се врши од Механизмот за следење, кој предвидува *формирање специјална група на експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство именувана како GREVIO.*[101] Значењето на извештаите на GREVIO е многукратно, пред сè од аспект на стандардизирано оценување и постапување кон секоја земја-членка, реално скенирање на состојбата во неа, како и формулирање препораки кои споделуваат методи, добри практики, ефикасни политики, планови и приоритети во областа РБН и СН. На овој начин самата држава-членка добива експертска помош и поддршка за нејзините напори и за поефикасно решавање на овој горлив проблем.

Според Конвенцијата, страните, врз основа на прашалник,[102] доставуваат до генералниот секретар на Советот на Европа (а заради разгледување од страна на GREVIO), извештај за законодавните и други мерки со кои им се дава правна сила на одредбите од оваа Конвенција. *Со оваа унифицирана методологија се смета дека можат да се детектираат случаи кога е потребно делување со цел да се превенира сериозно, каде што има масовна или често повторувачка шема на РБН кон жената и СН, односно кој било чин на насилство што е опфатен со Конвенцијата.* Постапката на процена која следи е поделена во рунди, чијашто должина ја одредува GREVIO, вклучително и дефинирање на најсоодветните средства и методи за спроведување на постапката за следење, за секоја рунда поодделно.

Националниот извештај на Република Северна Македонија до GREVIO е поднесен на 5 април 2022 година, додека посетата на GREVIO на Државата е остварена подоцна истата година. Наодите од посетата на ова тело, како и препораките кон државата се претставени во оваа публикација.

---

[100] Уредено во Глава IX (членови 66-70 од Конвенцијата).

[101] Телото во својот состав мора да обезбедува рамномерна репрезентативност, полова и географската претставеност, стручна мултидисциплинарност, висок морален став, независност, непристрасност и експертиза на полето на човековите права.

[102] Кој за првпат е усвоен во март 2016 година, по што ја започна првата евалуациона процедура.

# » ФЕМИЦИДОТ НИЗ ПОДАТОЦИ ОД СУДСКАТА ПРАКСА – 2018-2022

Со цел да се добие претстава за степенот на зачестеност на случаите на фемицид во Република Северна Македонија, како и за карактеристиките на постапките и судските одлуки кои се донесени, со посредство на Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев" организирано е прибирање на информации и податоци од судовите по однос на ваквиот вид на судски пресуди од сите апелациони подрачја во државата. Временскиот период на анализа е четири години, односно од 2018 до 2022 година, во кој на територијата на РСМ биле водени и правосилно завршени 17 постапки за фемицид.

На ниво на апелациони судови, од вкупно завршените 17 постапки, 14 биле на подрачјето на Апелациониот суд Скопје и 3 на подрачјето на Апелациониот суд Битола.

| | | |
|---|---|---|
| **Апелационен суд Скопје** | 14 | 82% |
| **Апелационен суд Битола** | 3 | 18% |
| **Апелационен суд Штип** | / | |
| **Апелационен суд Гостивар** | / | |

На подрачјето на Апелациониот суд Скопје 8 постапки се водени пред Основниот кривичен суд Скопје, 3 постапки се водени пред Основниот суд Велес, 2 постапки се водени пред Основниот суд Кавадарци и 1 постапка е водена пред Основниот суд Куманово.

| | | |
|---|---|---|
| **Основен кривичен суд Скопје** | 8 | 57% |
| **Основен суд Велес** | 3 | 22% |
| **Основен суд Кавадарци** | 2 | 14% |
| **Основен суд Куманово** | 1 | 7% |

На подрачјето на Апелациониот суд Битола, една постапка е водена пред Основниот суд Прилеп, една постапка е водена пред Основниот суд Охрид и една постапка е водена пред Основниот суд Струга.

| | | |
|---|---|---|
| **Основен суд Прилеп** | 1 | 33,33% |
| **Основен суд Охрид** | 1 | 33,33% |
| **Основен суд Струга** | 1 | 33,33% |

*Во една од вкупно 17 постапки обвинетиот бил обвинет и осуден за четири кривични дела сторени во стек, од кои три за фемицид.* Така, во однос на правната квалификација од вкупно 19 кривични дела, 8 постапки биле водени и завршени за кривично дело „Убиство при вршење на семејно насилство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ, како довршено кривично дело, 8 постапки биле водени за *обид* за кривично дело „Убиство при вршење на семејно насилство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ, една постапка била водена и завршена за кривично дело „Убиство во неговиот основен облик“ од чл. 123 ст. 1 од КЗ. Една постапка била поведена за *обид* за кривично дело „Убиство при вршење на семејно насилство“, па во текот на постапката била *изменета* во кривично дело „Тешка телесна повреда при вршење на семејно насилство“ од чл. 131 ст. 2 од КЗ, а во текот на една постапка, истата била водена за кривично дело „Убиство на свиреп начин“ од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ, а во текот на постапката била *изменета* правната квалификација во *основниот облик на кривичното дело „Убиство“* од чл. 123 ст. 1 од КЗ.

Сите кривични дела се предвидени во Кривичниот законик на РСМ.

| | | |
|---|---|---|
| **Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ** | 8 | 42% |
| **Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ (обид)** | 8 | 42% |
| **Убиство од чл. 123 ст. 1 од КЗ** | 1 | 5% |
| **Изменета правна квалификација** | 2 | 11% |

Од вкупно 17 постапки, 3 обвиненија се поднесени во 2018 година, 2 обвиненија се поднесени во 2019 година, 4 обвиненија се поднесени во 2020 година, 7 обвиненија се поднесени во 2021 година и 1 обвинение е поднесено во 2022 година.

| | | |
|---|---|---|
| **2018 година** | 3 | 18% |
| **2019 година** | 2 | 12% |
| **2020 година** | 4 | 23% |
| **2021 година** | 7 | 41% |
| **2022 година** | 1 | 6% |

## Кривично дело

Од 19 сторени кривични дела, 3 се извршени во село, а 16 се извршени во град.

| | | |
|---|---|---|
| **Село** | 3 | 16% |
| **Град** | 16 | 84% |

Сите 19 кривични дела се извршени во стан, куќа или двор.

| | | |
|---|---|---|
| **Стан, куќа, двор** | 19 | 100 % |

Едно од кривичните дела е извршено во 2000 година, 3 се извршени во 2018 година, 2 во 2019 година, 8 во 2020 година и 5 во 2021 година.

| | | |
|---|---|---|
| **2000 година** | 1 | 5% |
| **2018 година** | 3 | 16% |
| **2019 година** | 2 | 11% |
| **2020 година** | 8 | 42% |
| **2021 година** | 5 | 26% |
| **2022 година** | 0 | 0% |

6 кривични дела се извршени со употреба на огнено оружје, 9 со употреба на ладно оружје и 4 на друг начин и тоа: едно со гушење со кеса, две со физички напад и удари и едно со удари со кабел.

| | | |
|---|---|---|
| **Огнено оружје** | 6 | 32% |
| **Ладно оружје** | 9 | 47% |
| **На друг начин** | 4 | 21% |

Во 5 случаи имало присутни набљудувачи, а во останатите 14 немало набљудувачи.

| | | |
|---|---|---|
| **Имало набљудувачи** | 5 | 26% |
| **Без набљудувачи** | 14 | 74% |

Во 3 случаи имало сведок кој бил малолетно дете, а во останатите 16 немало присутни малолетни сведоци.

| | | |
|---|---|---|
| **Присутен сведок кој е дете** | 3 | 16% |
| **Без сведок кој е дете** | 16 | 84% |

Во 8 случаи обвинетиот поседувал огнено оружје, во 3 случаи не поседувал огнено оружје, а во останатите 8 случаи не е утврдено и така не е познато дали сторителот поседувал огнено оружје.

| | | |
|---|---|---|
| **Сторител поседувал огнено оружје** | 8 | 42% |
| **Сторител не поседувал огнено оружје** | 3 | 16% |
| **Непознато** | 8 | 42% |

Во 6 случаи сторителот го употребил огненото оружје кое го поседувал, а во останатите случаи не употребил огнено оружје.

| | | |
|---|---|---|
| **Сторителот го употребил огненото оружје** | 6 | 32% |
| **Сторителот не го употребил огненото оружје** | 13 | 68,% |

## Личност на сторителот

Од вкупно 17 сторители на фемицид, тројца сторители биле на возраст од 18-25 години, двајца на возраст од 25-32 години, 4 на возраст од 33-40 години, 3 на возраст од 41-48 години, 2 на возраст од 49-56 години, 2 на возраст од 57-65 години и 1 на возраст над 65 години.

| | | |
|---|---|---|
| **18-25 години** | 3 | 18% |
| **25-32 години** | 2 | 12% |
| **33-40 години** | 4 | 23% |
| **41-48 години** | 3 | 18% |
| **49-56 години** | 2 | 12% |
| **57-65 години** | 2 | 12% |
| **65 години** | 1 | 5% |

Во однос на брачната состојба, 5 сторители биле во брак, 5 сторители биле во вонбрачна заедница, 4 биле разведени и 3 биле неженети.

| | | |
|---|---|---|
| **Во брак** | 5 | 29% |
| **Во вонбрачна заедница** | 5 | 29% |
| **Разведен** | 4 | 24% |
| **Неженет** | 3 | 18% |

Четворица сторители немале деца, четворица имале едно дете, двајца имале две деца, петмина имале три или повеќе деца и за двајца сторители не е познато дали имале деца.

| | | |
|---|---|---|
| **Без деца** | 4 | 23% |
| **Едно дете** | 4 | 23% |
| **Две деца** | 2 | 12% |
| **Три или повеќе деца** | 5 | 30% |
| **Непознато** | 2 | 12% |

Двајца од сторителите немале никакво образование, двајца немале довршено основно образование, петмина биле со завршено основно оибразование, седуммина биле со завршено средно образование и еден од сторителите бил со завршено високо образование.

| | | |
|---|---|---|
| **Без образование** | 2 | 12% |
| **Недовршено основно образование** | 2 | 12% |
| **Основно образование** | 5 | 29% |
| **Средно образование** | 7 | 41% |
| **Високо образование** | 1 | 6% |

Тројца биле вработени, 13 биле невработени и еден од сторителите бил пензионер.

| | | |
|---|---|---|
| **Вработен** | 3 | 18% |
| **Невработен** | 13 | 76% |
| **Пензионер** | 1 | 6% |

Од вкупно 17 сторители, 7 биле претходно осудувани, а 10 биле претходно неосудувани.

| | | |
|---|---|---|
| **Претходно осудуван** | 7 | 41% |
| **Претходно неосудуван** | 10 | 59% |

Од 7 повратници, сите биле претходно осудувани за друго кривично дело и сите ја имале издржано казната.

| | | |
|---|---|---|
| **Специјален повратник** | 0 | 0% |
| **Повратник** | 7 | 100% |
| **Издржана казна** | 7 | 100% |

Тројца од вкупно 17 сторители биле осудувани како малолетници, 10 не биле осудувани како малолетници, а за четворица овој факт е непознат.

| | | |
|---|---|---|
| **Осудуван како малолетник** | 3 | 18% |
| **Неосудуван како малолетник** | 10 | 59% |
| **Непознато** | 4 | 23% |

Односот на сторителите кон кривичното дело бил таков што 10 го признале делото, 1 префрлал вина на страна на жртвата, 1 не дал објаснување, тројца не признале и за двајца овој факт не е познат од причина што не дале исказ за време на кривичната постапка.

| | | |
|---|---|---|
| **Го признал делото** | 10 | 59% |
| **Префрлил вина на жртвата** | 1 | 6% |
| **Не дал објаснување** | 1 | 6% |
| **Не го признал делото** | 3 | 17% |
| **Непознато** | 2 | 12% |

Сите 10 сторители кои го признале кривичното дело изразиле каење. Од останатите 7, четворица не се каеле, а за тројца овој факт останал непознат.

| | | |
|---|---|---|
| **Изразил каење** | 10 | 59% |
| **Не изразил каење** | 4 | 23% |
| **Непознато** | 3 | 18% |

5 од сторителите имале психопатска структура на личноста, 5 немале таква структура на личноста, а за 7 не е познато.

| | | |
|---|---|---|
| **Психопатска структура на личноста** | 5 | 29% |
| **Нема психопатска структура на личноста** | 5 | 29% |
| **Непознато** | 7 | 42% |

Од 17 сторители, двајца биле алкохоличари, 5 не, а за 10 овој факт не е познат.

| | | |
|---|---|---|
| **Алкохоличар** | 2 | 12% |
| **Не користел алкохол** | 5 | 29% |
| **Непознато** | 10 | 59% |

Двајца биле уживатели на наркотична дрога, петмина не, а за останатите 10 овој факт не е утврден.

| | | |
|---|---|---|
| **Уживател на дрога** | 2 | 12% |
| **Не уживал дрога** | 5 | 29% |
| **Непознато** | 10 | 59% |

8 од сторителите имале психоза, тројца не и за останатите 6 овој факт не е познат.

| | | |
|---|---|---|
| **Психоза** | 8 | 47% |
| **Немал психоза** | 3 | 18% |
| **Непознато** | 6 | 35% |

Од вкупно 17 сторители, за време на сторување на кривичното дело 10 биле пресметливи, четворица биле со битно намалена пресметливост и тројца биле непресметливи.

| | | |
|---|---|---|
| **Пресметлив** | 10 | 59% |
| **Битно намалена пресметливост** | 4 | 23% |
| **Непресметлив** | 3 | 18% |

За време на сторување на кривичното дело само еден сторител бил под дејство на алкохол, 10 не биле под дејство на алкохол, а за 6 овој факт не е утврден.

| | | |
|---|---|---|
| **За време на сторување на делото бил под дејство на алкохол** | 1 | 6% |
| **За време на сторување на делото не бил под дејство на алкохол** | 10 | 59% |
| **Непознато** | 6 | 35% |

За време на извршување на кривичното дело, 7 сторители не биле под дејство на наркотична дрога, а за 10 овој факт останал непознат.

| | | |
|---|---|---|
| **За време на сторување на делото бил под дејство на дрога** | 0 | 0 % |
| **За време на сторување на делото не бил под дејство на дрога** | 7 | 41% |
| **Непознато** | 10 | 59% |

## Жртва

Во кривичните постапки како жртви се јавуваат 19 жени. Една од жртвите била на возраст од 18-25 години, две на возраст од 25-32 години, 4 на возраст од 33-40 години, 3 на возраст од 41-48 години, ниту една на возраст од 49-56 години, 6 на возраст од 57-65 години и 3 на возраст над 65 години.

| | | |
|---|---|---|
| **18-25 години** | 1 | 5% |
| **25-32 години** | 2 | 10% |
| **33-40 години** | 4 | 21% |
| **41-48 години** | 3 | 16% |
| **49-56 години** | 0 | 0% |
| **57-65 години** | 6 | 32% |
| **65 години** | 3 | 16% |

Од вкупно 19 жртви, 10 биле во брак, 3 биле во вонбрачна заедница, 3 биле разведени, 1 била немажена и за 2 овој факт не е познат.

| | | |
|---|---|---|
| **Во брак** | 10 | 53% |
| **Во вонбрачна заедница** | 3 | 16% |
| **Разведени** | 3 | 16% |
| **Немажени** | 1 | 5% |
| **Непознато** | 2 | 10% |

Една од жртвите била без деца, 6 имале едно дете, 4 имале две деца, 5 имале три или повеќе деца и за 3 е непознато.

| | | |
|---|---|---|
| **Без деца** | 1 | 5% |
| **Едно дете** | 6 | 32% |
| **Две деца** | 4 | 21% |
| **Три или повеќе деца** | 5 | 26% |
| **Непознато** | 3 | 16% |

Пет од жртвите биле сопруги на сторителот, 3 биле вонбрачни сопруги, 4 биле бивши сопруги, 2 биле мајки на сторителот, 5 биле во друга релација и тоа три биле баби на сторителот, една била тешта на сторителот, една била сопруга на братот на сторителовата сопруга (шурнајка).

| | | |
|---|---|---|
| **Сопруга** | 5 | 26% |
| **Вонбрачна сопруга** | 3 | 16% |
| **Бивша сопруга** | 4 | 21% |
| **Мајка** | 2 | 11% |
| **Друго (баба, тешта, шурнајка)** | 5 | 26% |

Пред настанот четири од жртвите биле малтретирани од сторителот, пет од нив не биле, а за останатите 10 овој факт не е познат.

| | | |
|---|---|---|
| **Претходно малтретирани** | 4 | 21% |
| **Претходно немалтретирани** | 5 | 26% |
| **Непознато** | 10 | 53% |

Пет од жртвите не барале помош од центар за социјална работа или други релевантни институции, а за останатите 14 овој факт не е познат.

| | | |
|---|---|---|
| **Не барале помош** | 5 | 26% |
| **Барале помош** | 0 | 0 % |
| **Непознато** | 14 | 74% |

Една од жртвите пред настанот имала пријавено во полиција дека е малтретирана од сторителот, 3 немале пријавено, а за останатите 15 не е познато.

| | | |
|---|---|---|
| **Не пријавиле во полиција претходно малтретирање** | 3 | 16% |
| **Пријавиле во полиција претходно малтретирање** | 1 | 5% |
| **Непознато** | 15 | 79% |

*Во тој еден случај, кога жртвата пријавила во полиција дека е малтретирана од сторителот, не била поведена постапка.*

За време на сторување на кривичното дело ниту една од жртвите немала оружје кај себе и ниту една од жртвите не употребила оружје.

12 од жртвите не биле под дејство на алкохол за време кога сторителот го извршил кривичното дело, а за седум од жртвите овој факт не е утврден.

| | | |
|---|---|---|
| **Жртвата била под дејство на алкохол** | 0 | 0% |
| **Жртвата не била под дејство на алкохол** | 12 | 53% |
| **Непознато** | 7 | 37% |

Во ниту една од вкупно 17 постапки со 19 жртви судот не утврдил дека жртвата дала придонес за (влијаела врз) извршувањето на кривичното дело.

| | | |
|---|---|---|
| **Жртвата дала придонес** | 0 | 0 % |
| **Жртвата не дала придонес** | 19 | 100% |

## Кривична постапка

Во сите 17 кривични постапки спрема сторителот била определена мерка притвор.

Во 14 постапки судот донел пресуда со која сторителот бил огласен за виновен и осуден според законот, а во 3 постапки спрема сторителот била изречена мерка безбедност „Задолжително лекување во здравствена установа" од причина што сторителот за време на кривичното дело бил непресметлив, а согласно Кривичниот законик и Законот за кривична постапка спрема сторители кои за време на извршување на кривичното дело биле непресметливи не се изрекува кривична санкција, туку се води посебна постапка во која се изрекува мерка на безбедност „Задолжително лекување во установа" или „Задолжително лекување од слобода".

| | | |
|---|---|---|
| **Казна затвор** | 14 | 82% |
| **Мерка на безбедност** | 3 | 18% |

Од изречените 14 осуди, 8 биле казни затвор до 10 години, 5 биле казни затвор над 10 години и една казна била доживотен затвор.

| | | |
|---|---|---|
| **Затвор до 10 години** | 8 | 57% |
| **Затвор над 10 години** | 5 | 36% |
| **Доживотен затвор** | 1 | 7% |

Од донесените 14 одлуки, против 12 биле вложени жалби, а против 4 биле вложени и вонредни правни лекови до Врховниот суд на РСМ.

| | | |
|---|---|---|
| **Редовен правен лек** | 12 | 75% |
| **Вонреден правен лек** | 4 | 25% |

Од вложените 12 жалби, 6 пресуди биле потврдени, 2 биле укинати и вратени на повторно постапување, па по повтореното постапување биле потврдени, а 4 биле преиначени.

| | | |
|---|---|---|
| **Потврдени пресуди** | 6 | 50% |
| **Укинати и потоа потврдени пресуди** | 2 | 16,66% |
| **Преиначени пресуди** | 4 | 33,33% |

Од 4 поднесени вонредни правни лекови (ВПЛ), сите 4 биле одбиени како неосновани.

| | | |
|---|---|---|
| **Потврдени пресуди по ВПЛ** | 4 | 100% |
| **Укинати пресуди по ВПЛ** | 0 | 0% |
| **Преиначени пресуди по ВПЛ** | 0 | 0% |

Од вкупно водените 17 постапки, 12 биле правосилно завршени за период пократок од една година, а 5 постапки биле завршени за период подолг од една година, но пократок од две години.

| | | |
|---|---|---|
| **Постапки завршени во рок до една година** | 12 | 71% |
| **Постапки завршени во рок од една до две години** | 5 | 29% |

# » СЛУЧАИ ОД СУДСКАТА ПРАКСА – ФЕМИЦИД

За целите на овој прирачник прибавени се податоци и одлуки од основните судови и апелационите судови во РСМ за правосилно завршени кривични постапки за фемицид во периодот од 2018 до 2022 година. Извршена е анализа на доставените податоци и одлуки, при што е извршен избор на пет предмети за кои сметавме дека најдобро ја отсликуваат состојбата во РСМ во смисла на тоа како јавните обвинителства и судовите се однесуваат кон фемицидот. Извршена е детална анализа на избраните пет предмети, така како што следи:

## Случај 1

### Начин на извршување, обележја и правна квалификација на кривичното дело

До Основниот суд Велес поднесен е Обвинителен акт IV КО бр.522/2020 од 25.2.2021 година против обвинетиот З.К. за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 ст. 1 од Кривичниот законик (обид за убиство при вршење на семејно насилство).

Првостепениот суд го огласил за виновен обвинетиот З.К. за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 ст. 1 од Кривичниот законик од причина што утврдил дека на 4.11.2020 година во временскиот период од 17,30 часот до 19,30 часот во семејната куќа, обвинетиот З.К, при вршење на семејно насилство со умисла се обидел да ја лиши од живот својата сопруга - оштетената С.К, на начин што со употреба на црн кабел во должина од 70 см, влегол во спалната соба и ѝ наредил да легне на спалната, па ја удирал по главата, рацете и нозете, потоа правел пауза напивајќи се ракија, по што продолжувал да ја удира упатувајќи и ги зборовите: „курво, оросопијо, да стане мајка ти од гробот, ти да легнеш, ќе те убијам“. Потоа тој ја терал да седне, па со кабелот неколку пати ја удрил по главата, 2-3 пати во предниот дел на главата и еднаш на задната лева страна на главата, а оштетената го молела да се напие вода, да се измие, но тој одговарал: „Не може, умри“ и ја тепал два часа сè додека не пристигнал сведокот - ќерката А.К, која повикала интервенција на СВР В., а од ударите С.К. се здобила со тешки телесни

повреди изразени во крвни подливи во пределот на двете подлактици, крвен подлив во пределот на левата натколеница, крвен подлив во пределот на левата страна на градниот кош и скршеница на десната лактна коска во дисталниот крај над рачниот зглоб.

Правната квалификација на кривичното дело во пресудата е исто како и во Обвинителниот акт – за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 ст. 1 од Кривичниот законик.

Во Вештиот наод и мислење од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Медицински факултет, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија е наведено дека оштетената во текот на критичниот настан, што се случил на 04.11.2020 година, се здобила со повреди во пределот на телото и екстремитетите, изразени во крвни подливи во пределот на подлактиците од двете раце, левата натколеница и левата страна на градниот кош и скршеници на лактните коски од двете подлактици, кои настанале како резултат на директно дејство на динамична тапо тврда сила (удар) и дека сите констатирани повреди со своето севкупно дејство врз телото на оштетената претставуваат тешка телесна повреда, која довела до значително, но не и до трајно оштетување на важен дел од телото и не претставуваат конкретна опасност по живот. Во вештиот наод и мислење од вешти лица – психолог и невропсихијатар констатирано е дека обвинетиот за време на сторувањето на кривичното дело рационално расудувал и соодветно дејствувал, можел да го сфати делото, да управува со своите постапки и бил пресметлив за време на сторувањето на кривичното дело.

Во второстепената постапка пред Апелациониот суд Скопје, со решение КЖ. бр. 803/21 од 14.10.2021 година била уважена жалбата на обвинетиот и била укината првостепената пресуда. Во својата одлука Апелациониот суд навел дека фактичката состојба која ја утврдил првостепениот суд не кореспондира со доказите изведени во текот на постапката и тоа: начинот на извршување на кривичното дело не соодветствува со исказот на оштетената, а повредите не соодветствуваат со наодот и мислењето, односно исказот на вештите лица од судско-медицинска област. Наведено е дека на главата на оштетената не биле констатирани повреди, а останатите повреди на оштетената претставуваат „Тешка телесна повреда“. Од тие причини, предметот му бил вратен на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

Постапувајќи по напатствијата на Апелациониот суд Скопје, Основниот суд Велес одржал главна расправа на која во завршен збор на ден 06.12.2021 година јавниот обвинител извршил измена на правната квалификација на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетиот З.К., од кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 ст. 1 од КЗ во кривично дело „Тешка телесна повреда“ од член 131 ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ.

Основниот суд Велес го огласил за виновен обвинетиот З.К. за кривичното дело „Тешка телесна повреда“ од чл. 131 ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ затоа што на 04.11.2020 година во временскиот период од 17,30 часот до 19,30 часот во семејната куќа, обвинетиот З.К. при вршење на семејно насилство со умисла тешко телесно ја повредил својата поранешна сопруга, оштетената С.К, на начин што со употреба на црн кабел во должина од 70 см, во спалната соба ја удирал по рацете и нозете упатувајќи и ги зборовите: „курво, да стане мајка ти од гробот, ти да легнеш“, па со кабелот неколку пати ја удирал додека оштетената станала и клекнала молејќи го да се напие вода, но тој одговарал: „умри не ти давам вода“ сè додека не пристигнал сведокот, ќерката А.К, која повикала интервенција на СВР В.. Од ударите, на С.К. ѝ биле нанесени тешки телесни повреди, изразени во крвни подливи во пределот на двете подлактици, крвен подлив во пределот на левата натколеница, крвен подлив во пределот на левата страна на градниот кош и скршеница на десната лактна коска во дисталниот крај над рачниот зглоб.

Правната квалификација на кривичното дело во пресудата е иста како и во измената извршена од јавниот обвинител на главната расправа – кривично дело „Тешка телесна повреда“ од чл. 131 ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ.

Против пресудата не е поднесена жалба.

## Личноста и однесувањето на сторителот

Сторителот за време на настанот живеел во иста куќа со жртвата, неговата сопруга. Во бракот имале две деца, кои во моментот на сторување на делото биле полнолетни. Нивната ќерка била мажена и живеела одвоено од нив, а синот бил иселен во Германија. Сторителот и сопругата биле невработени и средства за егзистенција обезбедувале од одржување хигиена на згради. Тој бил на 57-годишна возраст со уредна неупадлива надворешност. Нема показатели за психопатолошки отстапувања на полето на основните психички функции, мислење, перцепција, внимание, концентрација и визуелно-моторни способности. Нема показатели за егзистирање на евентуална органска

дисфункционалност на когнитивното функционирање. Се работи за лице со потпросечни интелектуални способности, без тестовни показатели на актуелен пад на менталната ефикасност. Се работи за пасивно-агресивна структура на личноста, со одлики на емоционална незрелост, нестабилност, инфантилност, егоцентричен, со хистероидни карактеристики, импулсивен, со недоволен капацитет за одложување на импулсите, придружено со лутина и иритирање на мали пречки и фрустрации. Тој има зголемена потреба за зависност и неспособност да се воздржи од искажување на непријателство кон другите. Склон е кон „acting out“ реакции. Постојано се во лоши односи со сопругата, наведува дека неговата сопруга не била чиста и наводно имала некоја врска со пензионер. Многу ѝ бил лут затоа што во постапката која се водела против него за силување на нејзината сестра не застанала на негова страна, туку ја поддржала, според него, клеветата од нејзината сестра, за која тој лежел шест месеци во затвор, а на неговата сопруга воопшто не ѝ било гајле.

На критичниот ден 04.11.2020 година сторителот бил заедно со сопругата на работа. Кога завршиле, се разделиле така што сторителот отишол кај негов пријател, а оштетената заминала дома за да направи ручек. Ручекот бил делумно готов, па го оставила да го доврши кога ќе дојде сторителот за да биде топол. Сторителот се вратил и ја затекнал како гледа телевизија. Таа му кажала дека ручекот не е готов, по што сторителот почнал да ја навредува, силно да вика, ѝ рекол дека не сака ништо од неа и ѝ рекол да оди во спалната соба и да легне. Седнал во собата наспроти спалната соба, почнал да пие ракија и ја прашувал оштетената дали го разбира или не, инсистирајќи на добивање одговори. Во еден момент земал црн кабел, влегол во спалната соба и почнал да ја удира по главата, рацете и нозете, упатувајќи и ги зборовите: „курво, ороспијо, да стане мајка ти од гробот, ти да легнеш“. Оштетената се покривала со ќебето, но тој ја откривал и со кабелот неколку пати ја удирал по главата, 2-3 пати по предниот дел на главата и еднаш на задната лева страна од главата, оштетената го молела да се напие вода, да се измие, но тој одговарал: „не може, умри“ и ја тепал два часа, сè додека не пристигнала нивната ќерка, која повикала полиција. Полицијата дошла на лице место и го привела обвинетиот.

Сторителот бил претходно осудуван за кривично дело „Силување“ од чл. 186 од КЗ, кое го сторил кон сестрата на неговата сопруга. За тоа кривично дело бил осуден на казна затвор во траење од 6 (шест) месеци.

Во Наодот и мислењето на вештаците – психолог и невропсихијатар е наведено дека обвинетиот не боледува од трајна или привремена душевна

болест, нема привремено душевно растројство, се работи за личност со потпросечни интелектуални капацитети, која е емоционално нестабилна, но за време на извршувањето на кривичното дело бил при потполна свест, постапките за делото биле рационално обмислени, а мотивот не бил од патолошка природа туку здраворазумски. Во вештиот наод и мислење вештите лица констатирале дека обвинетиот сметал дека неговата сопруга, сега оштетената, имала придонес врз носењето на пресудата за кривичното дело силување на нејзината сестра, за кое тој одлежал шест месеци затвор.

На главната расправа бранителот како докази доставил Наод и мислење бр. 13/70 од 24.11.1970 година, Медицинско педагошко советувалиште бр. сл. од 28.09.1971 година, Свидетелство бр.1133 од 31.08.1981 година и Решение бр. 269 од 25.04.1983 година од Центарот за социјална работа Велес, во кои било наведено дека обвинетиот бил лице кое било категоризирано како лице со попреченост во физичкиот и психичкиот развој.

Сторителот не дал своја одбрана на главната расправа.

Бранителот на главната расправа пред донесување на првата пресуда навел дека нема доказ дека повредите на оштетената се настанати со удар по главата на оштетената и дека паѓаат во вода сите наводи дека обвинетиот ја удирал по глава оштетената, како и дека умислата на обвинетиот не одела над телесно повредување на оштетената, односно дека истиот немал намера да ја убие оштетената.

Во поглед на пресметливоста на сторителот, судот утврдил дека за време на сторување на кривичното дело сторителот бил пресметлив, бил при потполна свест, постапките за делото биле рационално обмислени, а мотивот не бил од патолошка природа туку здраворазумски, дека за време на сторувањето на делото сторителот бил во состојба рационално да расудува и соодветно да дејствува.

## Податоци за жртвата

Во невропсихијатриско вештачење од вешти лица психолог и психијатар од 16.12.2020 година, за жртвата е наведено дека била на возраст од 57 години, надворешно невпечатлива, педантна, а во држењето скромна. Таа била прво дете од вкупно две деца родени во бракот на нејзините родители. Кај неа се бележела разочараност, немање на самодоверба, била песимист во однос на иднината, со присуство на соматско-вегетативни тегоби,

чувствителна, фрустрационо нетолерантна, потиснувала стресни ситуации. Таа била личност со просечни интелектуални капацитети. Раниот психомоторен развој протекол уредно. На училиште тргнала на време и завршила средно текстилно образование. Била вработена во три фирми, но по нивното пропаѓање останала без работа и заработувала за живот со одржување на хигиена во згради. Не боледува од трајно или привремено душевно растројство, ниту пак од заостанат душевен развој. Со сторителот била во брак повеќе од 38 години. Нивниот однос бил конфликтен и без заемно разбирање и емпатија. Однесувањето на сторителот кон жртвата и пред неговото издржување казна затвор за кривичното дело кое тој го сторил над нејзината сестра бил сличен. Неговото однесување кон неа после таа животна епизода станало понепријателско и поагресивно.

Жртвата за време на извршувањето на кривичното дело била во состојба на акутно стресно растројство, во животозагрозувачка ситуација, но нејзините психички функции за перцепција, обработка на податоци, свесност и увид, како и нејзината способност за расудување не биле засегнати, ниту нарушени. Таа била во состојба да го сфати значењето на постапките преземени од страна на сторителот, истата не е склона на фантазии и измислици и не е под туѓо влијание при изнесување на настанот.

## Тек на кривичната постапка

Основното јавно обвинителство Велес на ден 5.11.2020 година до Основниот суд Велес поднело предлог за определување мерка притвор и започнало истражна постапка за кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 ст. 1 од КЗ. Против обвинетиот била определена мерка притвор со решение од 5.11.2020, година. По завршувањето на истражната постапка, на ден 25.02.2021 година, од страна на Основното јавно обвинителство Велес, до Основниот суд Велес бил поднесен обвинителен акт против обвинетиот за истото кривично дело.

Во текот на кривичната постапка биле изведени следните докази: биле испитани оштетената С.К. од Велес како сведок, сведокот А.К. од Велес, биле прочитани: извештај од 04.11.2020 година на ЈЗУ Општа болница Велес, извештај-радиодијагностички наод од 04.11.2020, потврда за привремено одземени предмети бр. 268 од 05.11.2020 година на СВР Велес, записник од извршено испитување алкохолизираност кај возач со апарат Дрегер од МВР СВР Велес, невропсихијатриско вештачење од вешти лица З.М. и А.С.Т. од 16.12.2020 година, невропсихијатриски наод и мислење за обвинетиот

од декември 2020 година од вешти лица З.М. и А.С.Т, записник за извршен увид на обезбедено место на настан бр.22.23. 4.5.1311 од 05.11.2020 година на СВР Велес, известување бр.1108-2021 од 28.01.2021 година од АКН ОКН Велес, уверение за остварени приходи од 20.01.2021 година од РСМ-МФ-УЈП-РД Прилеп ДО Велес, достава на податоци КР бр.165/21 од 15.01.2021 година, листа од казнена евиденција од Основниот суд Велес од 15.01.2021 година, известување од прекршочно одделение на Основниот суд Велес КР бр.165/21 од 15.01.2021 година, лекарски извештај од 25.11.2020 година од ЈЗУ Општа болница Велес, извештај од ортопедија од ЈЗУ Општа болница Велес од 09.11.2020 година и од 16.11.2020 година, извештај радиодијагностички наод од 09.11.2020 година и од 16.11.2020 година на ЈЗУ Општа болница Велес, извештај од ортопедија од 16.11.2020 година, од 03.12.2020 година и 07.12.2020 година од ЈЗУ Општа болница Велес и извештај-радио дијагностички наод од 07.12.2020 година на ЈЗУ Општа болница Велес и фотодокументација бр. 754/20 на МВР Велес, била испитана вештото лице Р.Ј. и биле прочитани наод и мислење бр.13/70 од 24.11.1970 година, медицинско педагошко советувалиште бр.сл. од 28.09.1971 година, свидетелство бр.1133 од 31.08.1981 година и Решение бр. 269 од 25.04.1983 година од Центарот за социјална работа Велес, писмен извештај за извршено вештачење бр.24/1301-1342/20 од 25.12.2020 година на Институтот за судска медицина криминалистика и медицинска деонтологија при Медицинскиот факултет Скопје.

Оштетената како сведок (т.е. жртвата) на расправата навела дека критичниот ден заедно со обвинетиот работеле на чистење зграда, дека обвинетиот си заминал, а оштетената, откако ја исчистила зградата, си дошла дома, дека обвинетиот сѐ уште не бил вратен, а си дошол подоцна околу 10 или 11 часот откако испазарил и дека таа почнала да подготвува ручек, а тој повторно излегол кај негов братучед за да ги нахрани гулабите. Пред да излезе таа го прашала дали сака да му свари кафе, а обвинетиот ѝ одговорил со зборовите: „од тебе не сакам ништо“ и ѝ бил лут. Џигерот што го подготвувала за ручек го сварила и го тргнала на страна, а кога тој се вратил во 17,30 часот и кога влегол дома, С.К. му одговорила дека јадењето сѐ уште не е готово, дека треба да се запржи џигерот. Обвинетиот не ѝ рекол ништо, по што таа влегла во нивната спална соба бидејќи ѝ рекол дека од неа не сака ништо. Обвинетиот си прибрал ракија за пиење и почнал да ѝ поставува прашања на кои таа одговарала кратко со „да“ и „не“ и ја навредувал со навредливи зборови, а оштетената го слушала бидејќи обвинетиот седел на каучот во собата која е веднаш до спалната и сѐ се слушало. Потоа обвинетиот влегол во спалната и ѝ рекол: „сега ќе

видиш“, излегол од спалната го земал кабелот и влегол во спалната соба во која била оштетената и почнал да ја удира со кабелот. Оштетената не знае од каде обвинетиот го земал кабелот со кој ја удирал, но мисли дека го земал од дворот на куќата. Обвинетиот почнал да ја удира и тогаш таа била во лежечка положба, таа се бранела, ја удрил прво по десната рака и ја здоболело многу, а се бранела и со левата рака цело време. Додекаја удирал по рацете, оштетената се бранела, па ја наведнала главата, а мисли дека ја удрил и по грбот, бранејќи се мисли дека ја удрил и по главата. Обвинетиот потоа отишол во другата соба да пие ракија и повторно и се обраќал со погрдни зборови и тоа: „курво, ороспијо“, ја прашувал дали разбрала, а таа од страв одговарала кратко со „да“ и тој повторно идел во спалната соба и ја удирал со кабелот. По извесно време оштетената клекнала на земја и го молела да ѝ даде да се напие вода и тој првиот пат не ѝ дал да се напие, а потоа ѝ дозволил. Обвинетиот ѝ викал да ја скорне нејзината мајка од гроб и таа да легнела на нејзиното место, бидејќи нејзината мајка била почината. Обвинетиот бил нервозен, цело време ѝ се развикувал и ѝ викал да умре со зборовите: „умри и куртул од тебе“, а таа пискала па обвинетиот ѝ викал да не писка за да не слушаат нивните комшии. Оштетената го молела да ја пушти да си оди, но тоа не се случило. По извесно време, во 19,30 часот слушнала дека некој дошол, а тоа била нивната ќерка која ја слушнала како му вика на татка си: „што си направил!“.Нивната ќерка повикала полициска интервенција, па обвинетиот го однеле во полициска станица, а оштетената ја однеле во болница каде што ѝ била укажана лекарска помош и ѝ биле констатирани повреди. Оштетената наведе дека не бара отштета и не се приклучува кон кривичниот прогон. Сведокот А.К, ќерка на обвинетиот и жртвата, изјавила дека ќе го користи правото да не сведочи и не дала исказ.

Во пресудата на Основниот суд Велес обвинетиот бил огласен за виновен за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 ст. 1 од КЗ и бил осуден на казна затвор во траење од 10 (десет) години, во казната му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода до денот на започнување со издржување на казната затвор. Мерката притвор спрема обвинетиот била продолжена до започнување со издржување на казната затвор.

Апелациониот суд со решение ја укинал првостепената пресуда и во истата навел дека фактичката состојба која ја утврдил првостепениот суд не кореспондира со доказите изведени во текот на постапката и тоа: начинот на извршување на кривичното дело не соодветствува со исказот на оштетената, а повредите не соодветствуваат со наодот и мислењето и

исказот на вештите лица од судско медицинска област. Наведено е дека на главата на оштетената не биле констатирани повреди, а останатите повреди на оштетената претставуваат „Тешка телесна повреда". Од тие причини, предметот му бил вратен на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

При повторното судење, на главната расправа пред судот биле изведени истите докази. Во завршен збор, јавниот обвинител извршил измена во описот на обвинителниот акт и извршил измена на правната квалификација, од кривично дело „Убиство" во кривично дело "Тешка телесна повреда".

По вака направените измени на обвинението од страна на јавниот обвинител, обвинетиот дал изјава за признание за вина. Врз основа на дадената изјава за признание на вина од страна на обвинетиот и изведените докази, судот донел пресуда на ден 6.12.2021 година, со која обвинетиот го огласил за виновен за кривично дело „Тешка телесна повреда" од чл. 131 ст. 2 в.в. ст. 1 од КЗ и го осудил на казна затвор во траење од 3 (три) години, во која му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода до денот на започнување со издржување на казната затвор. Мерката притвор спрема обвинетиот била продолжена до започнување со издржување на казната затвор.

Против пресудата не била поднесена жалба и истата станала правосилна на ден 30.12.2021 година.

Од датумот на извршување на кривичното дело - 4.11.2020 година, до донесување на правосилната пресуда од страна на првостепениот суд - 6.12.2021 година поминале една година, еден месец и два дена. Од денот на донесување на Наредба за спроведување на истражна постапка - 5.11.2020. година до денот на донесување на правосилната пресуда од страна на првостепениот суд - 6.12.2021 година поминале една година, еден месец и еден ден.

## Кривична санкција

При донесувањето на првата првостепена пресуда, судот го осудил обвинетиот на казна затвор во траење од 10 (десет) години. При изборот на видот и висината на кривичната санкција, судот ги земал предвид следните олеснителни околности: коректниот однос на обвинетиот во текот на постапката, фактот дека е невработен, слабоимотен, фактот дека за друго

кривично дело не се води постапка против него и дека не е евидентиран како сторител на казниви дела, неговата возраст, фактот дека делото останало во обид, дека оштетената не се приклучува кон кривичниот прогон и не бара отштета. Како отежнителни околности судот ги земал предвид следните околности: видот и тежината на кривичното дело, начинот на извршување на делото, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, неговата претходна осудуваност, заштитеното добро и фактот дека оштетената по кривично-правниот настан се развела од обвинетиот и живее на друга адреса.

При донесување на втората пресуда со која го осудил обвинетиот на казна затвор во траење од 3 (три) години, првостепениот суд ги земал предвид следните олеснителни околности: признанието на обвинетиот, неговото каење за стореното дело, неговото однесување во текот на постапката, фактот дека обвинетиот е невработен, слабо имотен, фактот дека за друго кривично дело не се води постапка против него и дека тој не е евидентиран како сторител на казниви дела, неговата возраст, фактот дека оштетената не бара отштета. Како отежнителни околности судот ги земал предвид следните околности: видот и тежината на кривичното дело, начинот на извршување на делото, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, неговата претходна осудуваност, заштитеното добро и фактот дека оштетената по кривично-правниот настан се развела од обвинетиот и живее на друга адреса.

## КОМЕНТАРИ

Согласно податоците од предметот, пред извршувањето на кривичното дело претходел континуиран лош однос помеѓу обвинетиот и жртвата. Во бракот кој траел повеќе од 38 години нивниот однос бил конфликтен и без заемно разбирање и емпатија.

Однесувањето на сторителот кон жртвата и пред неговото издржување на казна затвор за кривичното дело кое тој го сторил над нејзината сестра бил сличен. Неговото однесување кон жртвата после таа животна епизода станало понепријателско и поагресивно. Обвинетиот ја обвинувал жртвата дека не била чиста и имала врска со некој пензионер.

Ѝ бил лут затоа што во постапката која се водела против него, за силување на нејзината сестра, не застанала зад него, туку ја поддржала сестрата и затоа тој бил шест месеци во затвор. Во врска со ова, Судот при одмерувањето на казната воопшто не се занимавал со односот помеѓу обвинетиот и жртвата кој претходел на настанот, иако тоа нетрпение резултирало со извршување на кривичното дело.

Исто така, Судот при одмерување на казната ја земал предвид изјавата на жртвата дека не бара отштета од обвинетиот и не се придружува кон кривичниот прогон. Судот при одмерувањето на казната не покажал родова сензитивност и првата казна била минималната казна предвидена за кривичното дело убиство (предвидена е казна затвор од најмалку 10 години до доживотен затвор).

Сторителот претходно бил осудуван за силување на сестрата на жртвата, но Судот само декларативно навел како отежнителна околност дека обвинетиот бил претходно осудуван, без да се впушти во оценка на фактот за видот и тежината на кривичното дело, дека се работи за кривично дело „Силување“ и дека истото било сторено спрема сестра на жртвата.

Апелациониот суд при одлучувањето, кога ја укинал првата пресуда на Основниот суд, навел дека повредите за кои зборува жртвата во пределот на главата не биле констатирани од страна на вештите лица, но не земал предвид дека прегледот на жртвата од страна на вештаците од судска медицина бил извршен по еден месец од настанот и не го ценел до крај исказот на жртвата која навела дека обвинетиот ја удирал по главата велејќи ѝ наместо нејзината мајка, која била мртва, да легне таа таму, што укажува дека е можно умислата на обвинетиот да била насочена кон убиство, а не тешко телесно повредување на жртвата.

При повторното одлучување од страна на првостепениот суд, Судот повторно не се впуштил во оценка на односите

помеѓу обвинетиот и жртвата кои им претходеле на настанот. При одмерувањето на санкцијата, казна затвор во траење од 3 (три) години, Судот се водел од даденото признание на вина на обвинетиот и ја ценел како олеснителна околноста за изразеното каење на обвинетиот, но тој факт не произлегува од доказите во постапка. Исто така, при одмерување на казната, судот ја земал предвид изјавата на жртвата дека не бара отштета од обвинетиот и не се придружува кон кривичниот прогон.

Родова сензитивност не покажал ниту јавниот обвинител, имајќи предвид дека во ниту еден наврат не вложил жалба против одлуката за кривичната санкција против обвинетиот, во смисла на нејзино зголемување.

Имајќи ги предвид стандардите за судење во разумен рок, оваа постапка била спроведена без непотребни одолговлекувања.

## Случај 2

### Начин на извршување, обележја и правна квалификација на кривичното дело

До Основниот суд Куманово поднесен е обвинителен акт од 7.09.2021 година против обвинетиот Е.Т. за кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од Кривичниот законик (обид за убиство при вршење на семејно насилство).

Првостепениот суд го огласил за виновен обвинетиот Е.Т. за кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од Кривичниот законик од причина што утврдил дека на ден 11.03.2021 година, во околу 20 часот во К.П., во дворот од семејна куќа на трето лице, при вршење на семејно насилство, со употреба на сила и опасно орудие – нож, со умисла се обидел да ја лиши од живот неговата поранешна сопруга М.Т. од К.П., со која имаат заеднички деца, на начин што додека таа била на гости кај нејзината снаа од брат (шурнајка), се сокрил зад куќата и кога оштетената излегла да се спушти на долниот кат од куќата, излегол од местото каде што се криел и со ножот

кој го носел со себе ја нападнал, нанесувајќи ѝ повеќе убодни рани и тоа: 1 (една) убодна рана во пределот на вратната регија, 4 (четири) убодни рани во пределот на левиот рамен појас, 1 (една) убодна рана во пределот на левата лумбална регија, по што дошло до колекции на воздух лево, во базалниот дел од вратот, супраклавикуларно кон дистално инфраклавикуларно, вентрално и кон назад, зад петокрилните мускули, но и засегајќи ги нив, спуштајќи се кон дистално до супсакупуларната мускулатура, пнеумоторакс лево од апикално и вентрално кон долу и латерално, но и парамедијастинално, оформување на хематоторакс, најголем дијаметар од 19 мм од висина на хилус, назад и долу. Потоа сторителот побегнал од местото на настанот.

Правната квалификација на кривичното дело во пресудата е иста како и во обвинителниот акт - за кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од Кривичниот законик.

Во Вештиот наод и мислење од Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", Медицински факултет, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија е наведено дека на оштетената во текот на критичниот настан, што се случил на 11.03.2021 година, ѝ биле нанесени повеќе убодни рани и тоа: 1 (една) убодна рана во пределот на вратна регија, 4 (четири) убодни рани во пределот на левиот рамен појас, 1 (една) убодна рана во пределот на левата лумбална регија. Потоа дошло до колекции на воздух лево, во базалниот дел од вратот, супраклавикуларно кон дистално инфраклавикуларно, вентрално и кон назад, зад петокрилните мускули, но и засегајќи ги нив, спуштајќи се кон дистално до супсакупуларната мускулатура, пнеумоторакс лево од апикално и вентрално кон долу и латарално, но и парамедијастинално, оформување на хематоторакс, најголем дијаметар од 19 мм од висина на хилус, назад и долу. Потоа латерално побегнал од местото на настанот.

Во вештиот наод и мислење од вешти лица – психолог и психијатар констатирано е дека обвинетиот за време на сторувањето на делото, бил способен да го сфати знаењето на делото и да управува со своите постапки.

Во второстепената постапка пред Апелациониот суд Скопје, со пресуда КЖ. бр. 1125/21 од 13.12.2021 година била одбиена жалбата на одбраната и пресудата на Основниот суд Куманово К. бр. 510/21 од 29.10.2021 година била потврдена.

## Личноста и однесувањето на сторителот

Сторителот бил на возраст од 47 години, разведен, татко на три малолетни деца, немал завршено основно образование и бил невработен. Сторителот имал нарушени односи со жртвата околу нивниот малолетен син.

На критичниот ден, 11.03.2021.година, околу 20 часот обвинетиот дошол во дворот на куќата на братот на жртвата, каде што жртвата била на гости. Обвинетиот се сокрил зад куќата и кога оштетената излегла да се спушти на долниот кат од куќата, тој излегол од местото каде што се криел и со ножот што го носел со себе, ја нападнал, нанесувајќи ѝ пет убодни рани и тоа: 1 (една) убодна рана во пределот на вратна регија, 4 (четири) убодни рани во пределот на левиот рамен појас, 1 (една) убодна рана во пределот на левата лумбална регија, по што дошло до колекции на воздух лево, во базалниот дел од вратот, супраклавикуларно кон дистално инфраклавикуларно, вентрално и кон назад, зад петокрилните мускули, но и засегајќи ги нив, спуштајќи се кон дистално до супсакупуларната мускулатура, пнеумоторакс лево од апикално и вентрално кон долу и латарално но и парамедијастинално, оформување на хематоторакс, најголем дијаметар од 19 мм од висина на хилус, назад и долу. Потоа сторителот побегнал од местото на настанот.

Сторителот бил претходно осудуван за две кривични дела: еднаш во 1988 година на условна осуда и еднаш во 2011 година, на парична казна која му била условена, но согласно чл. 104 од ЗКП, настапила законска рехабилитација со бришење на осудите.

Во Наодот и мислењето на вештаците психолог и невропсихијатар е наведено дека сторителот не покажувал знаци на заостанат душевен развој. Не боледувал од трајно душевно заболување, немал состојба на привремено душевно растројство. Тој бил неадекватно структурирана личност во која доминираат обрасци на емоционално нестабилно растројство на личноста. Сторителот бил склон кон злоупотреба на алкохол, што ги потенцира карактеристиките на растројството. Во моментот на извршување на кривичното дело, сторителот, иако бил под дејство на алкохол, бил способен да го сфати знаењето на делото и да управува со своите постапки.

Сторителот дал изјава за признание на вина и изразил каење за стореното кривично дело, при што ѝ се извинил на жртвата за нанесените повреди.

Во поглед на пресметливоста на сторителот, судот утврдил дека за време на сторување на кривичното дело сторителот бил пресметлив.

## Податоци за жртвата

Жртвата е поранешна сопруга на обвинетиот, разведена е и е мајка на три малолетни деца. Односите со сторителот им биле нарушени околу нивното малолетно дете. На денот кога се случил кривично-правниот настан, пред случување на настанот, сторителот ѝ се јавил на телефон на жртвата и ѝ се заканувал. Жртвата го пријавила сторителот во полиција.

## Тек на кривичната постапка

Основното јавно обвинителство Куманово на ден 12.03.2021 година до Основниот суд Куманово поднело предлог за определување мерка притвор и започнало истражна постапка за кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ. Против обвинетиот била определена мерка притвор со решение од 12.03.2021 година. По завршувањето на истражната постапка, на ден 7.09.2021 година од страна на Основното јавно обвинителство Куманово, до Основниот суд Куманово, бил поднесен обвинителен акт против обвинетиот за истото кривично дело.

Во текот на кривичната постапка, обвинетиот дал изјава за признание на вина во однос на кривичното дело, па врз основа на така дадената изјава Основниот суд Куманово донел пресуда врз основа на признание на вина, со која обвинетиот бил огласен за виновен за кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ и бил осуден на казна затвор во траење од 8 (осум) години и 6 (шест) месеци, во која му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода до денот на започнување со издржување на казната затвор, односно до правосилноста на пресудата. Мерката притвор спрема обвинетиот била продолжена до започнување со издржување на казната затвор, односно до правосилноста на пресудата.

Против пресудата била поднесена жалба од страна на одбраната, која се жалела на висината на казната.

Апелациониот суд Скопје донел пресуда КЖ. бр. 1125/21 од 13.12.2021 година со која ја одбил жалбата на одбраната и ја потврдил пресудата на Основниот суд Куманово К. бр. 510/21 од 29.10.2021 година.

Од датумот на извршување на кривичното дело – 11.03.2021 година до донесување на правосилната пресуда од страна на второстепениот суд - 13.12.2021 година поминале девет месеци и два дена. Од денот на донесување на наредба за спроведување на истражна постапка – 12.03.2021 година до денот на донесување на правосилната пресуда од страна на првостепениот суд – 13.12.2021 година поминале девет месеци и еден ден.

## Кривична санкција

При донесувањето на првостепената пресуда судот го осудил обвинетиот на казна затвор во траење од 8 (осум) години и 6 (шест) месеци. Судот со примена на одредбите од чл. 40 и 41 од КЗ му ја ублажил казната на обвинетиот.

При изборот на видот и висината на кривичната санкција, Судот ги земал предвид следните олеснителни околности: возраста на сторителот, кој имал 47 години, бил разведен, бил татко на три малолетни деца, невработен, слабоимотен, претходно неосудуван, не се водела постапка за друго кривично дело против него, се кае за стореното и ветува дека нема да врши кривични дела, ѝ се извинил на оштетената за повредите кои ѝ ги нанел, а било земено предвид и неговото држење пред судот, како и фактот дека признал вина. Како отежнителни околности судот ги земал предвид следните околности: степенот на противправност на стореното кривично дело, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, јачината на загрозување на заштитеното добро и предвидената санкција за тоа дело од најмалку 10 години затвор и доживотен затвор.

Апелациониот суд во својата одлука прифатил дека првостепениот суд правилно ги ценел олеснителните околности дека обвинетиот е возрасна личност од 47 години, разведен, татко на три малолетни деца, невработен, слабо имотен, претходно неосудуван, против него не се води постапка за друго кривично дело, се кае за стореното и ветува дека нема да извршува вакви и слични кривични дела, ѝ се извинил на оштетената за повредите што ги добила при извршувањето на кривичното дело. Апелациониот суд го зел предвид и неговото држење пред судот, како и фактот дека обвинетиот признал вина за кривичното дело за кое е обвинет, со што придонел за ефикасно завршување на кривичната постапка. Апелациониот суд сметал дека понискиот суд правилно ги ценел, како отежнителни околности: степенот на противправноста на стореното кривично дело, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, јачината на загрозување на заштитеното добро,

последиците од стореното кривично дело и предвидената кривична санкција за истото. Исто така, тој навел дека првостепениот суд, при одлучување за видот и висината на кривичната санкција, правилно ја имал во предвид и листата од казнена евиденција на Основниот суд Крива Паланка од 09.04.2021 година, во која било наведено дека обвинетиот во текот на 1998 година бил условно осудуван за кривично дело од чл. 341 и во текот на 2011 година му била изречена парична казна, која потоа е условена, но кај пресудите со кои му се изречени казните е настапено законско бришење.

## КОМЕНТАРИ

Согласно податоците од предметот, пред извршувањето на кривичното дело претходеле континуирано нарушени однос помеѓу обвинетиот и жртвата. Пред настанот обвинетиот ѝ се заканил на жртвата и таа ги пријавила заканите во полиција, но сепак, настанот се случил.

Во врска со ова, евидентно е дека полицијата не придала занчење на пријавите од жртвата и не покажала ажурност и сериозност во своето постапување.

Исто така, Судот при одмерувањето на казната воопшто не се занимавал со односот помеѓу обвинетиот и жртвата што му претходел на настанот, со оглед на тоа што ттоа нетрпение резултирало со извршување на кривичното дело. При одмерување на казната, судот ја земал предвид изјавата на обвинетиот дека се кае и ѝ се извинил на жртвата за повредите кои ѝ ги нанел. Судот при одмерувањето на казната не покажал родова сензитивност и на обвинетиот му одмерил казна под законскиот минимум од казната пропишана за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ (предвидена е казна затвор од најмалку 10 години затвор до доживотен затвор).

Јавниот обвинител не поднел жалба на висината на изречената санкција, што значи дека ги прифатил аргументите на Основниот суд Куманово.

Апелациониот суд при одлучувањето, почитувајќи го начелото „не на штета на обвинетиот“ немал законска можност да ја зголеми изречената казна на обвинетиот, имајќи предвид дека не била поднесена жалба од страна на јавниот обвинител со која тој би барал зголемување на казната затвор. Но и Апелациониот суд, при образложувањето на околностите кои влијаеле при одредувањето на висината на санкцијата, не се осврнал на претходно нарушените односи на сторителот и жртвата кои довеле до кривично-правниот настан, ниту, пак, се осврнал на фактот дека жртвата ги пријавила во полиција заканите кои сторителот ѝ ги упатил пред настанот, а полицијата соодветно не ја заштитила жртвата.

Имајќи ги предвид стандардите за судење во разумен рок, оваа постапка била спроведена без непотребни одолговлекувања.

## Случај 3

### Начин на извршување, обележја и правна квалификација на кривичното дело

До Основниот суд Струга поднесен е обвинителен акт КО.бр.107/21 од 14.07.2021 година од страна на Основното јавно обвинителство Струга против обвинетиот Ј.Р. за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од Кривичниот законик.

Првостепениот суд го огласил за виновен обвинетиот Ј.Р. за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од Кривичниот законик од причина што утврдил дека на ден 20.04.2021 година, околу 19,30 часот, поради претходно нарушени семејни односи при вршење на семејно насилство ја лишил од живот неговата сопруга, сега покојната С.Р., на начин што откако отишол во посета кај неговиот комшија Е. Т. и тоа во станот број ... на ул. „.....“ зграда .. влез .. во С., по кратко време во станот дошла и неговата сопруга С. и во еден момент настанала расправија помеѓу обвинетиот и сега покојната С., па потоа обвинетиот станал од троседот каде што седел, извадил од појасот нож со должина на сечивото од 19 см и должина на дршката на ножот од 12 см и наеднаш два пати ѝ задал убодни рани на сега покојната С. во

пределот на градниот кош на левата задна страна и сечна рана во пределот на левата седална регија, поради што дошло до канално оштетување на градната празнина долго 14 см низ мускулатурата на задната страна од градниот кош, седмото ребро и седмиот меѓуребрен мускул, долниот резен на левото белодробно крило, срцевото кесе и левата преткомора, а сето тоа предизвикало оштетување на внатрешниот органи и крвни садови, од кои дошло до обилно крварење, кое довело до развивање на тешка шокова состојба на организмот, што резултирало со нарушување и престанок на работата на витално важни органи и настапила смрт кај сега покојната С.Р.

Правната квалификација на кривичното дело во пресудата е исто како и во Обвинителниот акт – за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ.

Во Секциониот протокол од извршена обдукција од Универзитетот “Свети Кирил и Методиј“, Медицински факултет, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија е наведено дека во текот на критичниот настан што се случил на 20.02.2021 година, на жртвата ѝ биле зададени две убодни рани во пределот на градниот кош на левата задна страна и сечна рана во пределот на левата седална регија, поради што дошло до канално оштетување на градната празнина долго 14 см низ мускулатурата на задната страна од градниот кош, седмото ребро и седмиот меѓуребрен мускул, долниот резен на левото белодробно крило, срцевото кесе и левата преткомора, а сето тоа предизвикало оштетување на внатрешниот органи и крвни садови, од кои дошло до обилно крварење, кое довело до развивање на тешка шокова состојба на организмот, што резултирало со нарушување и престанок на работата на витално важни органи и настапила смрт кај жртвата. Во невропсихијатриско вештачење за обвинетиот било наведено дека за време на преземањето на дејствијата обвинетиот бил свесен за своите постапки, но, поради нарушените брачни односи со неговата сопруга – жртвата, психичката напнатост кај него се зголемила при расправијата со жртвата, што донекаде ја намалила неговата способност за управување со сопствените постапки, но не до степен кој би ја довел во прашање неговата способност за расудување и одлучување.

Против пресудата не е поднесена жалба.

## Личноста и однесувањето на сторителот

Сторителот бил женет, татко на пет малолетни деца. Имал завршено второ одделение. Претходно бил осудуван. Пред настанот работел, обезбедувал

егзистенција за своето семејство со кое живее под кирија. Бил во брак со жртвата 15 години. Односите со жртвата им биле нарушени.

На критичниот ден 20.04.2021 година, околу 19,30 часот, обвинетиот отишол во посета кај неговиот комшија во станот, после кратко време во станот дошла и жртвата и во еден момент настанала расправија помеѓу обвинетиот и жртвата. Обвинетиот станал од троседот каде што седел, извадил од појасот нож со должина на сечивото од 19 см и должина на дршката на ножот од 12 см и наеднаш два пати и задал убодни рани на жртвата во пределот на градниот кош на левата задна страна и сечна рана во пределот на левата седална регија. Поради ова дошло до канално оштетување на градната празнина долго 14 см низ мускулатурата на задната страна од градниот кош, седмото ребро и седмиот меѓуребрен мускул, долниот резен на левото белодробно крило, срцевото кесе и левата преткомора, а сето тоа предизвикало оштетување на внатрешниот органи и крвни садови, од кои дошло до обилно крварење, кое довело до развивање на тешка шокова состојба на организмот, што резултирало со нарушување и престанок на работата на витално важни органи и настапила смрт кај жртвата.

Сторителот бил претходно осудуван за кривично дело „Тешка кражба“ од чл. 236 од КЗ, за кое му била изречена условна осуда и за кривично дело „Кражба“ од чл. 235 од КЗ, за кое бил осуден на казна затвор во траење од 3 (три) месеци.

Во Наодот и мислењето на вештакот невропсихијатар е наведено дека, за време на преземањето на дејствијата, обвинетиот бил свесен за своите постапки, но поради нарушените брачни односи со неговата сопруга – жртвата, психичката напнатост кај него се зголемила при расправијата со жртвата, што донекаде ја намалила неговата способност за управување со сопствените постапки, но не до степен кој би ја довел во прашање неговата способност за расудување и одлучување.

На главната расправа обвинетиот ја признал вината. Во поглед на пресметливоста на сторителот, судот утврдил дека за време на сторување на кривичното дело сторителот бил пресметлив.

### Податоци за жртвата

Жртвата била мажена за обвинетиот и биле во брак 15 години. Таа била мајка на пет малолетни деца, невработена. Со обвинетиот живееле под

кирија. Егзистенција за неа обезбедувал обвинетиот. Обвинетиот и жртвата имале претходно нарушени односи.

## Тек на кривичната постапка

Основното јавно обвинителство Струга на ден 20.04.2021 година до Основниот суд Струга поднело предлог за определување мерка притвор и започнало истражна постапка за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ. Против обвинетиот била определена мерка притвор со решение од 20.04.2021 година. По завршувањето на истражната постапка, на ден 14.07.2021 година од страна на Основното јавно обвинителство Струга, до Основниот суд Струга бил поднесен обвинителен акт против обвинетиот за истото кривично дело.

Во текот на кривичната постапка обвинетиот признал вина, па Основниот суд Струга на ден 18.10.2021 година донел пресуда со која обвинетиот бил огласен за виновен за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ и бил осуден на казна затвор во траење од 12 (дванаесет) години, во која му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода до денот на започнување со издржување на казната затвор. Мерката притвор спрема обвинетиот била продолжена до започнување со издржување на казната затвор.

Против пресудата не била поднесена жалба.

Од датумот на извршување на кривичното дело – 20.04.2021 година, до донесување на правосилната пресуда од страна на првостепениот суд –18.10.2021.година поминале пет месеци и 28 дена.

## Кривична санкција

Судот го осудил обвинетиот на казна затвор во траење од 12 (дванаесет) години. При изборот на видот и висината на кривичната санкција, Судот ги земал предвид следните олеснителни околности: личните прилики на обвинетиот - станува збор за млад човек, кој пред кривично-правниот настан работел и обезбедувал егзистенција за своето семејство и овозможил неговото семејство да живее во стан под наем, околноста дека истиот е татко на 5 малолетни деца, однесувањето на обвинетиот на главната расправа пред судот, истиот ја признал вината за стореното кривично дело и изразил искрено каење за истото, неговото влијание за ефикасно

завршување на кривичната постапка, како и околноста дека обвинетиот на критичниот ден, за време на преземањето на дејствијата бил свесен за своите постапки, но поради нарушените брачни односи со неговата, сега покојна сопруга,, психичката напнатост кај него се зголемила при расправијата со сега покојната, при што донекаде ја намалила неговата способност за управување со сопствените постапки, но не до степен кој би ја довел во прашање неговата способност за расудување и одлучување.

Како отежнителни околности Судот ги земал предвид следните околности: обвинетиот делувал со директна умисла при извршување на кривичното дело, јачината на загрозување на заштитеното добро согласно Законот (имајќи предвид дека со извршување на конкретното кривично дело се заштитува правото на живот на човекот, а таа заштита има апсолутен карактер и во конкретниот случај станува збор за дело сторено при вршење на семејно насилство, што укажува на повисок степен на повреда на заштитениот објект согласно Законот) и поранешниот живот на обвинетиот (досега познат како сторител на кривични дела, во два наврати бил правосилно осуден за кривични дела против имотот и еднаш се сочил и со ефективна казна затвор, која очигледно не придонела истиот во иднина повеќе да внимава на своето однесување, притоа имајќи предвид дека веќе еднаш се соочил со затворската средина).

## КОМЕНТАРИ

Пред извршувањето на кривичното дело претходеле нарушени односи помеѓу обвинетиот и жртвата со која биле во брак 15 години. Истиот не се јавувал како сторител на кривични дела од областа на семејното насилство, но бил криминогена личност, со оглед на тоа дека претходно бил осудуван во два наврати за имотни деликти, од кои во еден наврат бил осуден и на казна затвир во траење од 3 (три) месеци.

Судот при одмерувањето на казната не се занимавал со односот помеѓу обвинетиот и жртвата што му претходел на настанот, а резултирал со извршување на кривичното дело. Судот не ја земал предвид и безобзирноста изразена низ фактот што настанот се случил во присуство на соседот на

обвинетиот, во неговиот стан. Исто така, при одмерување на казната судот ја земал предвид изјавата за признание на вина на обвинетиот, дефинирајќи ја како негов придонес кон ефикасно завршување на постапката. Судот како олеснителна ја ценел околноста дека обвинетиот бил татко на пет деца, не земајќи предвид дека, со тоа што обвинетиот го извршил фемицидот, ги оставил тие пет деца без нивната мајка.

Но, Судот при одмерувањето на казната покажал родова сензитивност и како отежнителна околност навел дека е повредено едно од највисоко заштитените правни добра – животот, а делото е сторено при вршење на семејно насилство, што укажува на повисок степен на повреда на заштитениот објект согласно Законот.

Сепак казната која ја изрекол Судот е околу законскиот минимум предвиден за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ (предвидена е казна затвор од најмалку 10 години до доживотен затвор).

Сторителот претходно бил осудуван за имотни деликти, но судот само декларативно навел како отежнителна околност дека обвинетиот бил претходно осудуван за имотни деликти и дека еднаш изречената казна затвор очигледно не влијаела за негово превоспитување и ресоцијализација.

Имајќи ги предвид стандардите за судење во разумен рок, оваа постапка била спроведена во разумен рок, без непотребни одолговлекувања.

## Случај 4

### Начин на извршување, обележја и правна квалификација на кривичното дело

До Основниот суд Прилеп поднесен е обвинителен акт КО бр.1/2020 од 3.07.2020 година против обвинетиот Н.П. за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од Кривичниот законик (квалифициран облик на убиство

при вршење на семејно насилство), кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 од Кривичниот законик (основен облик на убиство) и две кривични дела „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 в.в. со чл. 19 од КЗ од Кривичниот законик (две кривични дела обид за убиство во неговиот основен облик).

Првостепениот суд го огласил за виновен обвинетиот Н.П. за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од Кривичниот законик, кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 од Кривичниот законик и две кривични дела „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 в.в. со чл. 19 од КЗ од Кривичниот законик од причина што утврдил дека на ден 11.01.2020 година во П. во околу 08,00 часот, при вршење на семејно насилство, со умисла ја лишил од живот сега покојната А.П., негова сопруга со која повеќе години не живееле во заедничко семејство и Т.К., мајка на А.П. и двете од П., на начин што откако дошол пред куќата лоцирана на ул. ... во П., каде што живеела А.П. со нејзините родители и кога сега покојната Т.К. му ја отворила влезната врата, обвинетиот ја усмртил испукувајќи три проектили од полуавтоматскиот пиштол марка „VIZOR 50“ калибар 7,65 мм со фабрички број C09241 за кој поседувал дозвола, а кој го носел со себе, нанесувајќи ѝ три прострелни рани и тоа позади десната ушна школка во пределот на вратот од десната страна и во горниот дел од десното рамо, при што смртта настапила како резултат на нагмечување на мозокот. Потоа, сторителот се качил на катот, каде што во салонот ја усмртил и неговата сопруга А. испукувајќи три проектили, нанесувајќи ѝ две застрелни рани и една прострелна рана, над левиот седален предел во левиот надворешен дел од абдоменот и во горната третина на левата натколеница од предно-надворешната страна. Кај А.П. смртта настапила како резултат на хеморагичен шок, предизвикан од крварење заради огнострелни повреди. Потоа А.П. со пиштолот се свртил кон оштетената З.К., која била снаа за брат на сопругата (шурнајка) на обвинетиот, која била на спратот. Тој се обидел да ја убие, а таа го фатила за десната рака со која што го држел пиштолот, сакајќи да го оттргне од себе, но сепак тој испукал во неа два куршуми, погодувајќи ја во коленото од левата нога и во горниот дел на стапалото од левата нога, нанесувајќи ѝ телесна повреда изразена со сечна рана во предел на левото колено и левото стапало и нагмечно-расцепна рана во пределот на палецот од левото стапало, после што почнале да се борат. По околу 20 секунди, кога наишол оштетениот Љ.К., кој бил брат на сопругата на обвинетиот и бил на растојание од околу 1 метар, обвинетиот го насочил пиштолот кон главата на Љ.К. сакајќи да го убие, а оштетениот Љ.К. ја ставил десната рака пред него со цел да се одбрани и кога обвинетиот испукал, куршумот му влегол во раката на Љ.К. и излегол над лактот. Потоа обвинетиот испукал еден

куршум кон главата на Љ.К., но бидејќи оштетениот Љ.К. ја свртил главата, тој бил погоден во левото уво. Обвинетиот се доближил до Љ.К. и испукал трет куршум, погодувајќи го Љ.К. во стомакот, што му влегол од една страна, а излегол од друга страна, нанесувајќи му тешка телесна повреда изразена со огнострелна рана во пределот на абдоменот, воспаление на стомачната кошулка и оштетување на попречниот дел од дебелото црево во делот кај хепаталната флексура. Иако на Љ.К. му било тешко, тој го фатил оштетениот за гуша и почнале да се борат во ходникот, преминувајќи потоа во спалната соба, каде што ги искршиле стаклата од прозорците и стаклената масичка, па се бореле на искршеното стакло. За целото време обвинетиот го репетирал пиштолот и се обидувал да го погоди Љ.К., а во еден момент, кога наишол таткото на оштетениот Љ.К. – В.К. и Љ.К. од него побарал да му даде нешто за да го удри обвинетиот, В.К. му дал чекан со кој Љ.К. го удрил обвинетиот по главата и го онеспособил.

Правните квалификации на кривичните дела во пресудата се исти како и во обвинителниот акт: за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ, кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 од КЗ и две кривични дела „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 в.в. со чл. 19 од Кривичниот законик.

Во два секциони протоколи од извршена обдукција било наведено дека кај оштетената тешта на обвинетиот биле нанесени три прострелни рани и тоа позади десната ушна школка во пределот на вратот од десната страна, и во горниот дел од десното рамо, при што смртта настапила како резултат на нагмечување на мозокот, а кај оштетената сопруга на обвинетиот биле констатирани две застрелни рани и една прострелна рана, над левиот седален предел во левиот надворешен дел од абдоменот и во горната третина на левата натколеница од предно-надворешната страна, а кај неа смртта настапила како резултат на хеморагичен шок, предизвикан од крварење заради огнострелни повреди.

Во вештачењето исто така било констатирано дека оштетената шурнајка на обвинетиот била погодена со два куршуми во коленото од левата нога и во горниот дел на стапалото од левата нога, со што ѝ била нанесена телесна повреда изразена со сечна рана во пределот на левото колено и левото стапало и нагмечно-расцепна рана во пределот на палецот од левото стапало. Кај оштетениот шура на обвинетиот било констатирано дека куршум му влегол во раката и излегол над лактот, потоа со еден куршум бил погоден во левото уво и со трет куршум бил погоден во стомакот, така што му влегол од една, а излегол од друга страна. Така била нанесена тешка

телесна повреда, изразена со огнострелна рана во пределот на абдоменот, воспаление на стомачната кошулка и оштетување на попречниот дел од дебелото црево во делот кај хепаталната флексура.

Во писмениот психијатриски наод и мислење на вештото лице д-р С.П., кој веднаш по кривично-правниот настан имал средба и подолг контакт и разговор со обвинетиот, во неговото мислење дадено на расправа, во писменото мислење на вештите лица д-р А. М. и д-р А.Р.О., како и во нивните мислења дадени на расправа, било наведено дека обвинетиот Н.П. нема болест, ниту привремена или трајна состојба која го прави непресметлив или со намалена пресметливост за време на извршување на кривичното дело и по сторувањето на истото, за целиот период пред, за време и по извршување на кривичното дело обвинетиот бил свесен, ориентиран, реален, можел да го сфати значењето на дејствијата кои што ги имал преземено при извршувањето на кривичното дело и можел да управува со своите постапки, во време на извршување на кривичното дело и по сторувањето на кривичното дело бил пресметлив, обвинетиот немал историја на болест, никогаш не бил болен, роден бил здрав, немал малолумност, немал шизофренија или процесуална болест, при извршување на кривичното дело не бил во состојба на афект, ниту истото го сторил на миг. Исто така, состојбата на акутна психотичност која била констатирана кај обвинетиот во текот на 2018 и 2019 година била минлива состојба, а афективната реакција на бес и лутина кај обинетиот поради тоа што не можел да го гледа неговото дете, лошите меѓусебни односи со сега починатата А. и дополнително настанот што требало да се случи дента кога се случил кривично-правниот настан – крштевката на синот на обвинетиот не влијаеле битно врз неговите психолошки функции како спознајни функции и волевите динамизми, ниту имале карактеристики на патолошки афект, што значи дека обвинетиот во секој момент при настанот можел да ги сфати своите постапки и да раководи со истите и бил пресметлив.

Во психолошкиот наод и мислење на психологот С.Е., специјалист по медицинска психологија било наведено дека кај обвинетиот не биле добиени податоци за актуелни присутни психопатолошки димензионирани отстапувања на планот на основните психички функции: перцепција, мислење, помнење, внимание и концентрација како визуелно-моторна координација, се бележи тенденција за агравација, односно максимално пренагласување на симптоми, тој е емоционално незрела и нестабилна личност со пасивно-агресивни црти во структурата на карактерот, импулсивен, егоцентричен, со низок праг на фрустрациона толеранција, со

недостаток на сила и способност да се соочи со тешкотии, лоша контрола на агресивноста, склоност кон стресни ситуации и реагира со агресивни испади и насилно однесување.

Во вештачење на МВР БЈБ Оддел за криминалистичко технички испитувања и вештачења (ОКТИВ) било наведено дека доставениот пиштол „VIZOR 50" кал. 7,65 мм со број C09241 претставувал огнено оружје – полуавтоматски пиштол и истиот функционирал исправно, доставените 9 чаури кои потекнувале од муниција со кал. 7,65 мм биле испукани од доставениот пиштол „VIZOR 50" кал. 7,65 мм со број C09241 и доставените 5 куршуми претставувале муниција со кал. 7,65 мм, а од извршените пробни испукувања на 2 примероци од доставените 5 куршуми се потврдила исправноста на истите.

Во второстепената постапка пред Апелациониот суд Битола, со пресуда КЖ. бр. 184/21 од 26.04.2021 година била потврдена пресудата на Основниот суд Прилеп К. бр. 533/20 од 25.02.2021 година.

## Личноста и однесувањето на сторителот

Сторителот бил од П. Имал завршено средно образование и бил невработен. Обвинетиот бил во брак со жртвата 22 години. Во бракот имале едно заедничко дете на возраст од 10 години. Заедничките односи на обвинетиот и жртвата се нарушиле, поради што во период од околу една до две години пред настанот не живееле во иста семејна заедница.

Обвинетиот Н.П. бил роден здрав, немал историја на болест, немал малолумност, немал шизофренија или процесуална болест. Состојбата на акутна психотичност, која била констатирана кај обвинетиот во текот на 2018 и 2019 година, била минлива состојба. Со жртвата имале лоши односи, бидејќи не можел да остварува видувања со нивното заедничко дете. Поради тоа кај обвинетиот имало афективна реакција на бес и лутина. Од психолошки аспект кај обвинетиот не биле добиени податоци за актуелно присутни психопатолошки димензионирани отстапувања на планот на основните психички функции: перцепција, мислење, помнење, внимание и концентрација, како и визуелно-моторна координација. Била забележана тенденција за агравација, односно максимално пренагласување на симптоми. Истиот бил емоционално незрела и нестабилна личност со пасивно-агресивни црти во структурата на карактерот, импулсивен, егоцентричен, со низок праг на фрустрациона толеранција, со недостаток на

сила и способност да се соочи со тешкотии, лоша контрола на агресивноста, склоност кон стресни ситуации и реагира со агресивни испади и насилно однесување.

Обвинетиот претходно бил осудуван за кривично дело од чл. 380 ст. 1 од КЗ.

На ден 11.01.2020 година сопругата на обвинетиот со нивниот малолетен син биле дојдени и престојувале во куќата на нејзините родители – мајката Т.К. и таткото В.К. во П. Исто така, во куќата биле дојдени и престојувале оштетените Љ.К. и З.К., кои биле брат и снаа на сопругата на обвинетиот, со нивните две малолетни деца Џ. и А. На 11.01.2020 година имале намера да прават крштевка за синот на обвинетиот и жртвата. Ноќта пред да се случи настанот сите биле дома и спиеле така што што мајката и таткото на жртвата спиеле во малата спална на спратот од куќата, снаата со малолетниот син спиеле во големата спална на спратот, додека жртвата А.П. со нејзиниот син и синот на братот спиеле во отворениот дел од дневната соба, додека оштетениот Љ., бидејќи си дошол вечерта доцна, останал да спие во долниот спрат од куќата каде што во еден дел имало деловен простор, а во друг дел имало станбен простор.

На 11.01.2020 година во околу 8,00 часот обвинетиот дошол во куќата на родителите на неговата сопруга и заѕвонил на влезната врата од куќата. Вратата ја отворила неговата тешта. Обвинетиот веднаш испукал три проектили од полуавтоматскиот пиштол марка „VIZOR 50" калибар 7,65 мм со фабрички број C09241 кој го носел со себе, нанесувајќи ѝ три прострелни рани и тоа позади десната ушна школка во пределот на вратот од десната страна и во горниот дел од десното рамо, при што кај истата веднаш настапила смрт како резултат на нагмечување на мозокот.

Обвинетиот се качил по скалите на катот од куќата каде што во салонот веќе биле излезени неговата сопруга и неговата шурнајка, со нејзиниот син Џ., а тука бил и синот на жртвата и овинетиот. Обвинетиот во нивно присуство ја усмртил сопругата, испукувајќи три проектили и нанесувајќи ѝ две застрелни рани и една прострелна рана над левиот седален предел во левиот надворешен дел на абдоменот и во горната третина на левата натколеница од предно-надворешната страна, а кај неа смртта настапила по кратко време на местото на настанот како резултат на хеморагичен шок предизвикан од крварење заради огнострелни повреди. Нивното малолетното дете, откако видело дека неговата мајка лежи облеана во крв,

се фрлило на неа и почнало да ја бакнува и му викало на обвинетиот „немој тато да ми пукаш на мајка ми!“.

Неговата шурнајка му викала на обвинетиот да престане да пука бидејќи тука биле децата и влегла во спалната да се сокрие, но по кратко време излегла повторно во салонот каде што обвинетиот бил на растојание од околу 1 метар со пиштолот во раката, спремен да ја убие. Притоа шурнајката се обидела да му го одземе пиштолот на обвинетиот и се втурнала кон него. Обвинетиот ги изговорил зборовите „Вие ќе се веселите без мене, сите ќе ве убијам!“ и повторно испукал од пиштолот два куршуми, при што ја погодил шурнајката во коленото од левата нога и во горниот дел од стапалото од левата нога, нанесувајќи ѝ телесна повреда изразена со сечна рана во пределот на левото колено и левото стапало и нагмечно-расцепна рана во пределот на палецот од левото стапало. По ова тие продолжиле да се борат.

Кога ги слушнал истрелите, оштетениот Љ., шура на обвинетиот, станал и со трчање се упатил кон горниот кат од куќата каде што на скалите ја забележал неговата мајка како безживотно лежи на подот, на катот од куќата ја забележал неговата сестра, која била сопруга на обвинетиот, како безживотно лежи на подот и ја забележал својата сопруга како се бори со обвинетиот. Кога обвинетиот видел дека дошол оштетениот Љ., тој се оттргнал од сопругата на оштетениот Љ. и го вперил пиштолот кон оштетениот Љ. Обвинетиот веднаш испукал еден куршум кон главата на оштетениот Љ. со намера да го убие, но оштетениот Љ. ја кренал десната рака и ја ставил пред него, при што куршумот влегол во раката на оштетениот и излегол над лактот. По ова обвинетиот испукал уште еден куршум кон главата на оштетениот Љ., но тој ја свртел главата и бил погоден во пределот на левото уво. Кога оштетениот Љ. видел дека нема друг излез, а со цел да ги заштити останатите членови на семејството, тој скокнал кон обвинетиот, па во тој момент обвинетиот испукал трет куршум кон оштетениот Љ. со кој го погодил во стомакот. Куршумот влегол во оштетениот Љ. од едната страна на стомакот и излегол од другата страна, нанесувајќи му тешка телесна повреда изразена со огнострелна рана во пределот на абдоменот, воспаление на стомачната кошулка и оштетување на попречниот дел на дебелото црево во делот кај хепаталната флексура.

Иако поради здобиените повреди оштетениот Љ. се чуствувал омалаксано, тој го фатил за гуша обвинетиот и продолжиле да се борат, преминувајќи од ходникот во спалната соба, каде што ја скршиле стаклената масичка, при што пиштолот на обвинетиот му испаднал од раката. Обвинетиот повторно

го земал пиштолот во раката и почнал да го репетира со намера да продолжи да пука, но во тој момент оштетениот Љ. успеал да го фати со левата рака, а со десната рака почнал да го удира по главата во пределот на тилот со намера да го онеспособи да пука. Во исто време обвинетиот постојано го репетирал пиштолот и испукал 6-7 куршуми кои завршиле во ѕидовите од собата. Оштетениот Љ. успеал да го крене обвинетиот, кој со нозете ги искршил стаклата од прозорците на спалната соба, по што двајцата паднале на подот каде што продолжиле да се борат на стаклата од искршеното масиче и прозорците, така што оштетениот Љ. се нашол над обвинетиот, а обвинетиот испукал уште неколку куршуми со намера да го погоди оштетениот, но не успеал во тоа. Во тој момент во собата дошол тестот на обвинетиот, В., па оштетениот Љ. побарал од него некаков предмет со цел да го удри и онеспособи обвинетиот. В. му подал метален чекан со кој оштетениот Љ. го удрил обвинетиот неколку пати во пределот на главата - тилот со што го онеспособил да пука.

Во поглед на пресметливоста на сторителот, судот утврдил дека за време на сторување на кривичното дело сторителот бил пресметлив.

## Податоци за жртвата

Жртва на кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ била сопругата на обвинетиот. Жртва на кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 1 од КЗ била тештата на обвинетиот. Жртви на две кривични дела „Убиство" о1д чл. 123 ст. 1 в.в. со чл. 19 од КЗ биле шурата и шурнајката на обвинетиот.

Во списите не постојат конкретни податоци за жртвите на кривичните дела, освен нивните роднински врски и претходно наведените нарушени односи помеѓу обвинетиот и неговата сопруга.

## Тек на кривичната постапка

Основното јавно обвинителство Прилеп на ден 13.01.2020 година до Основниот суд Прилеп поднело предлог за определување мерка притвор и започнало истражна постапка за кривично дело „Убиство„ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ, кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 1 од КЗ и 2 кривични дела „Убиство" од чл. 123 ст. 1 в.в. со чл. 19 од КЗ. Против обвинетиот била определена мерка притвор. По завршувањето на истражната постапка, на ден 3.7.2020 година од страна на Основното јавно обвинителство Прилеп до Основниот суд Прилеп бил поднесен обвинителен акт против обвинетиот за истото кривично дело.

Во текот на кривичната постапка биле изведени следните докази: записник за предавање на пронајдени предмети, записник за извршен увид на МВР ПС Прилеп од 11.03.2020, преглед на евиденција на оружје од 13.01.2020, потврда за привремено одземени предмети од С.П. од 11.01.2020, решение КПП-2/20 од 11.01.2020 на Основниот суд Прилеп, фактура бр.02-20 на ДППУ Веса ДООЕЛ Приеп, секционен протокол СП. бр. 701/2-20 од 11.01.2020 за покојната А.П, секционен протокол СП. бр. 701/20 од 11.01.2020 за покојната Т. К., обата изработени од д-р З.В. и д-р М.Н., вешт наод и мислење од д-р С.П. специјалист по психијатрија, криминалистичко-техничка обработка и обезбедување на траги од биолошко потекло на МВР ОКТИВ Скопје, вештачење на траги од биолошко потекло на МВР ОКТИВ Скопје од 05.03.2020, вештачење на огнено оружје, муниција и компаративна анализа на чаури и проектили на МВР од 21.02.2020, извештај од анализа на траги од огнено оружје на МВР ОКТИВ од 10.02.2020, вештачење бр. ТД. 89/20 од 28.02.2020, отпусно писмо бр. 91/20 на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија на име Љ.К, специјалистички извештај на име Н.П. од 24.10.2019 од Психијатрија Куманово, извештај на специјалист од „Его медика" специјалистичка ординација по психијатрија од 24.12.2017 на име Н.П., четири извештаи на име З.К., четири извештаи на име А.П., два специјалистички-субспецијалистички извештаи на име А.П., записник за увид на лице место на ОЈО Прилеп од 11.01.2020 година, листа од казнена евиденција на име на обвинетиот, вешт наод и мислење од д-р З.К, еден куршум 7,65 Browing ППУ 92-7,65 со кутија бр. 657/4, еден мобилен телефон Самсунг, бела боја, без сим картичка, модел ГТ 19185, еден мобилен телефон Х., црна боја, со сим картичка, еден лист хартија со текст 6 К-533/20 на истиот, еден нотарски акт од нотар Б.Д.ОДУ. бр. 1201/18 од 18.12.2018, еден чекан, еден пиштол, три куршуми, девет проектили, облека долна тренерка и блуза, облека кошула со долги ракави црна боја, фармерки, облека горна и долна пижама, црна маица со прерамки, блуза со долги ракави, облека - горна пижама, облека - долна тренерка и црна маица со премерки, нагорена рачно изработена цигар со растителна материја, наод, оценка и мислење на Министерството за одбрана – воено лекарска комисија бр. 516 од 10.05.2001, извештај на специјалист - субспецијалист при ЈЗУ „ЕГО медика" од Куманово на д-р Д.Г.-П. бр. 1974/1 од 05.11.2018, извештај на специјалист-субспецијалист при ПЗУ „ЕГО-медика" од Куманово на д-р Д.Г.-П. без број од 20.11.2018, извештај на специјалист - субспецијалист при ПЗУ „ЕГО-медика" од Куманово д-р Д.Г.-П. бр. 2338/1 од 24.12.2018 и извештај на специјалист-субспецијалист „ЕГО медика" на д-р Д.Г.-П. од К. бр. 2279/3/1 од 24.10.2019, читање на исказот на сведокот од листата на докази на одбраната, даден на записник К-533/20 од 30.09.2020 и на записник од 21.10.2020, вешто

мислење на вештото лице д-р З.К., дадено на записник К-533/20 од 02.12.2020, писмен наод и мислење од Бирото за судски вештачења Скопје СВ 1-0270-1/2020 од јануари 2021 година, изготвено од вештите лица А.Р.О. доктор специјалист психијатар, А.М. доктор специјалист психијатар и С.Е. клинички психолог, сослушување на вештите лица д-р А.М. и д-р А.Р.О., како и на обвинетиот.

Оштетените Љ.К, шура на обвинетиот, З.К., шурнајка на обвинетиот и В.К., тест на обвинетиот, во своите искази пред судот навеле дека на ден 11.01.2020 година сопругата на обвинетиот А. со нејзиниот малолетен син А. била дојдена во Прилеп и престојувала во куќата на нејзините родители – покојната Т.К. и сведокот В.К. Тука биле дојдени и престојувале оштетените Љ.К. и З.К. кои биле брат и снаа на сопругата на обвинетиот, односно шура и шурнајка на обвинетиот. Тие биле со нивните две малолетни деца Џ. и А. Имале намера на ден 11.01.2020 година да прават крштевка за синот на обвинетиот. Ноќта пред да се случи настанот сите биле дома и спиеле на начин како што е погоре наведено. Тештата на обвинетиот била будна и во околу 8,00 часот дошол обвинетиот, заѕвонил на влезната врата од куќата, отворила неговата тешта и обвинетиот веднаш ја усмртил, испукувајќи три проектили од полуавтоматскиот пиштол марка „VIZOR 50“, калибар 7,65 мм со фабрички број C09241.

Оштетената З. на расправа пред судот навела дека, откако ја усмртил покојната Т., обвинетиот се качил по скалите на катот од куќата, каде што во салонот веќе била излезена сопругата на обвинетиот, како и оштетената З. со нејзиниот син Џ. кој спиел со неа, а тука бил и синот на обвинетиот. Обвинетиот во нивно присуство ја усмртил својата сопруга, испукувајќи три проектили и нанесувајќи ѝ две застрелни рани и една прострелна рана. Малолетното дете на обвинетиот, откако видело дека неговата мајка лежи облеана во крв, се фрлило на неа и почнало да ја бакнува и да му вели на обвинетиот „немој тато да ми пукаш на мајка ми!“. Оштетената З.С. се обидела да му го одземе пиштолот на обвинетиот и се втурнала кон него, при што обвинетиот ги изговорил зборовите „Вие ќе се веселите без мене, сите ќе ве убијам!“ и повторно испукал од пиштолот два куршуми со кои ја погодил и повредил оштетената З.

Оштетениот Љ. навел дека, кога ги слушнал истрелите, со трчање по пижами и бос се упатил кон горниот кат од куќата, каде што на скалите ја забележал неговата мајка како безживотно лежи на подот и на катот од куќата ја забележал неговата сестра каде што, исто така, безживотно

лежи на подот. Ги забележал оштетената З. и обвинетиот како се борат. Кога обвинетиот видел дека дошол оштетениот Љ., тој се оттргнал од оштетената З. и го вперил пиштолот кон оштетениот Љ. и испукал еден куршум кон главата на оштетениот Љ., кој со намера да се заштити ја кренал десната рака и ја ставил пред него, поради што куршумот влегол во раката на оштетениот и излегол над лактот. По ова обвинетиот испукал уште еден куршум кон главата на оштетениот, но истиот ја свртел главата, па бил погоден во пределот на левото уво. Кога оштетениот Љ. видел дека нема друг излез, тој скокнал кон обвинетиот, а обвинетиот испукал трет куршум кон оштетениот Љ, со кој го погодил во стомакот, но тие продолжиле да се борат сѐ додека не дошол тестот на обвинетиот и на барање на оштетениот Љ. му дал чекан со кој оштетениот Љ. го удрил обвинетиот во тилот и го неутрализирал.

Сведокот Г.К. навела дека оштетената З. со нејзиниот син Џ. и А. побегнале во куќата на Г.К., која била веднаш до куќата каде што се случил кривично-правниот настан и побарала од неа да повика полиција и брза помош, а Г.К. го сторила тоа.

Обвинетиот навел дека ништо не се сеќава по однос на кривично-правниот настан бидејќи поради психичките проблеми консумирал многу лекови.

Бранителот на обвинетиот навел дека поради состојбата на обвинетиот, изразена како анксиозно депресивно пораметување кое претставувало психичко пореметување поради влијание на надворешни стресогени фактори кое се изразувало во вид на хроничен стрес, обвинетиот имал многу мала способност за приспособување кон опкружувањето и тоа доведувало до негови импулсивни постапки каква што биле оние кога се случил кривично-правниот настан.

Со пресудата на Основниот суд Прилеп обвинетиот бил огласен за виновен за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ, кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 од КЗ и две кривични дела „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 в.в. со чл. 19 од Кривичниот законик и бил осуден на единствена казна доживотен затвор, во која му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода.

Апелациониот суд со пресуда КЖ бр. 184/21 од 26.04.2021 година ја потврдил пресудата на Основниот суд Прилеп.

Во однос на наводите на обвинетиот дека не се сеќава за преземените дејствија и наводите на бранителот дека како резултат на нарушено психичко здравје обвинетиот имал многу мала способност за приспособување кон опкружувањето и тоа доведувало до негови импулсивни постапки каква што биле оние кога се случил кривично-правниот настан, двата суда – Основниот суд Прилеп и Апелациониот суд Битола се произнеле дека не ги прифаќаат од причина што од сите извршени вештачења во поглед на пресметливоста на обвинетиот, меѓу кои се вештачењето од вештото лице д-р С.П, писмениот психијатриски наод и мислење на вештите лица д-р А.З. и д-р А.Р.О, нивните мислења дадени на расправата пред судот, како и психолошкиот наод на психологот С.Е., специјалист по медицинска психологија, било утврдено дека обвинетиот во моментот на извршување на кривичното дело можел да ги сфати своите постапки и да раководи со истите, па од правен аспект обвинетиот за време на извршување на кривичното дело бил пресметлив.

Од датумот на извршување на кривичното дело – 11.01.2020 година, до донесување на пресудата од страна на второстепениот суд – 26.04.2021 година поминале една година, три месеци и 15 дена.

## Кривична санкција

Основниот суд Прилеп го осудил обвинетиот на казна доживотен затвор. При изборот на видот и висината на кривичната санкција, судот како олеснителна ја земал предвид само околноста за материјалната состојба на обвинетиот. Како отежнителни околности судот ги земал предвид следните околности: видот и карактерот на кривичните дела за кои се товари обвинетиот, нивната бројност, имено, тој сторил 4 кривични дела, начинот на сторување на кривичните дела и покажана упорност при извршување на истите и решеност и останатите членови од семејството да ги лиши од живот, општествената опасност од извршување на овој вид кривични дела каде што објект на заштита е животот на човекот, што е највисоко поставен во Уставот и е неприкосновено право на секој поединец, побудите поради кои се сторени кривичните дела, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот и околностите под кои се сторени делата. Овие околности се прифатени и од Апелациониот суд Битола.

### КОМЕНТАРИ

Во овој предмет Основниот суд Прилеп и Апелациониот суд Скопје изразиле сериозен став кон објектот на заштита на кривичните дела кои ги сторил обвинетиот. Иако и двата суда како отежнителна околност не навеле дека во конкретниот случај се работи и за фемицид, сепак, изречената санкција кон обвинетиот доведува до заклучок дека судовите правилно ја извршиле својата задача.

Имајќи ги предвид стандардите за судење во разумен рок, обемот на доказниот материјал и фактот дека против првостепената пресуда била поднесена жалба, оваа постапка била спроведена без непотребни одолговлекувања.

## Случај 5

### Начин на извршување, обележја и правна квалификација на кривичното дело

До Основниот суд Охрид поднесен е обвинителен акт Ко. бр. 476/18 од 26.02.2019 година против обвинетиот И.К. за кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од Кривичниот законик (квалификуван облик на кривично дело Убиство – убиство на свиреп или подмолен начин).

Првостепениот суд го огласил за виновен обвинетиот И.К. за кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од Кривичниот законик од причина што утврдил дека во точно неутврдено време, во временскиот период после после 16,30 часот на ден 29.08.2018 година до 17,00 часот на 31.08.2018 година, со умисла, на свиреп начин, ја лишил од живот сега покојната Б.П., така што иако бил свесен дека најлонската кеса ставена врз главата од покојната ќе го прекине протокот на воздух и ќе го оневозможи дишењето на сега покојната, ја сакал последицата и во посоченото време врз главата на покојната ставил најлонска кеса, која ја заврзал со ластик околу нејзиниот врат, при што гледал како сега покојната се мачи, снемувајќи ѝ кислород,, а кај неа смртта настапила поради задавување.

Правната квалификација на кривичното дело во пресудата е исто како и во обвинителниот акт – за кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од Кривичниот законик.

Во секционен протокол со наод и мислење Кп. бр. 645/39-18 од 01.09.2018, од вештите лица обдуценти и од непосредното испитување на вештото лице, било наведено дека смртта кај жртвата била насилна и настапила како резултат на механичко задушување, настанато со истовремено затворање на отворите за дишење, дека прекинот на дишење настапил поради затворањето на устата и носот кај покојната со поставената најлонска кеса на главата, прицврстена со ластик околу вратот, што резултирало со настапување на многу брз смртен исход, дека на левата тилно темена регија на главата на покојната при обдукцијата е констатиран крвен подлив, со димензии 11x10 см, што укажувало на делување на тапо тврда сила со појак интензитет, што, пак, укажува на можност сега покојната пред настапување на смртта да била во бесвесна состојба.

Во Извештајот од вештачење Б-1659/18 од МВР ОКТИВ Скопје и во исказот на вештото лице, било наведено дека на вештачениот материјал – брис што бил подигнат од парчето ластик, заврзано во јазол, поставено на вратот на покојната, се најдени траги од биолошко потекло, кои претставуваат мешавина од биолошки траги, кои во еден дел потекнуваат од починатата Б.П., а воедно не е исклучена можноста дел од трагите да потекнуваат од обвинетиот И.К., дека била извршена дополнителна идентификација со анализа на кратките репетитивни полиморфни секвенци на Y хромозомот и било утврдено совпаѓање во алели на испитуваните локуси од пронајдениот мешан ДНК профил, со ДНК профилот од Y хромозомот добиен од обвинетиот.

Во второстепената постапка пред Апелациониот суд Битола, со решение КЖ. бр. 27/20 од 4.03.2020 година била уважена жалбата на одбраната и била укината првостепената пресуда. Во својата одлука Апелациониот суд навел дека не се доволно образложени битните елементи на кривичното дело кое на обвинетиот му се става на товар, а тоа е убиство извршено на свиреп или подмолен начин. Исто така, Апелционииот суд дал напатствија на првостепениот суд да се повика вештото лице кој го изготвил вештачењето за ДНК траги со цел да го дополни својот наод и мислење околу утврдените ДНК прифили на трагите од ластикот со кој бил врзан најлонот, со кој жртвата била задушена. Судот навел и дека не е спроведено психијатриско вештачење на сторителот.

Постапувајќи по напатствијата на Апелациониот суд Битола, Основниот суд Охрид одржал главна расправа на која јавниот обвинител останал на правната квалификација „Убиство" од чл. 123 ст. 2 в.в. ст. 1 од Кривичниот законик.

Судот со пресуда К. бр. 76/20 од 26.03.2020 година го огласил за виновен обвинетиот И.К. за кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 1 од Кривичниот законик од причина што утврдил дека во временскиот период после 16,30 часот на ден 29.08.2018 година до 17,00 часот на 31.08.2018 година, со умисла ја лишил од живот сега покојната Б.П, на начин што иако бил свесен дека најлонската кеса ставена врз главата од покојната ќе го прекине протокот на воздух и ќе го оневозможи дишењето на сега покојната, ја сакал последицата и во посоченото време врз главата на покојната ставил најлонска кеса, која ја заврзал со ластик околу нејзиниот врат, при што на сега покојната ѝ снемало кислород,, а кај неа смртта настапила поради задавување.

Правната квалификација на кривичното дело во пресудата не е иста како и во правната квалификација понудена од јавниот обвинител во поднесениот обвинителен акт, туку судот по службена должност извршил измена на правната квалификација на кривичното дело, од кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ (убиство на свиреп или подмолен начин), во кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 1 од КЗ (основниот облик на ова кривично дело). Ова Судот го сторил почитувајќи ги напатствијата на Апелациониот суд Битола. Имено, во пресудата Основниот суд Охрид образложил дека, согласно напатствијата на повискиот суд, извршил преквалификација на кривичното дело за кое се товари обвинетиот, имајќи предвид дека во фактичката состојба било утврдено дека смртта кај покојната настапила како резултат на механичко задушување, настанато со истовремено затворање на отворите за дишење, а прекинот на дишење кај покојната настапил поради затворањето на устата и носот со поставената најлонска кеса на главата, прицврстена со ластик околу вратот, што резултирало со настапување на многу брз смртен исход. Исто така, Судот посебно го имал предвид исказот на вештото лице д-р. К. дека на левата тилно темена регија на главата на покојната при обдукцијата бил констатиран крвен подлив, со димензии 11x10 см, што укажувало на делување на тапо тврда сила со појак интензитет, што. пак, укажувало на можност жртвата пред настапување на смртта да била во бесвесна состојба. Од тие причини Судот оценил дека дека убиството на жртвата не било сторено на свиреп или подмолен начин, поради што не ја прифатил правната квалификација понудена од јавниот обвинител, кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ.

Против пресудата е поднесена жалба од страна на јавниот обвинител и одбраната. Пресудата на Основниот суд Охрид била потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола КЖ. бр. 240/20 од 1.07.2020 година.

## Личноста и однесувањето на сторителот

Сторителот живеел во село во близина на Охрид. Имал завршено основно образование и работел како дрвосечач. Бил татко на две полнолетни деца. Обвинетиот бил во вонбрачна заедница со жртвата и тие живееле заедно во период од околу 11-12 месеци пред настанот.

Во текот на два-три месеци пред настанот во континуитет имало зачестени кавги меѓу обвинетиот и жртвата со која бил во вонбрачна заедница. Во текот на расправиите обвинетиот вршел физичко насилство врз неговата вонбрачна партнерка. Жртвата, откако започнала заеднички живот со обвинетиот, го променила своето однесување на начин што се повлекла и ги прекинала контактите со други луѓе. Откако жртвата започнала да живее со обвинетиот, таа заедно со обвинетиот повремено доаѓала во куќата во која живееле нејзините ќерки, секогаш во нејзините две соби, при што во една прилика на 22.04.2018, обвинетиот дошол сам, бил во алкохолизирана состојба, се заканувал, гласно викал и пцуел по жртвата, иако таа не била со него, кршел и претурал по просториите, по што ќерките на жртвата повикале полиција, а сопругот на една од ќерките на жртвата од силна вознемиреност при тој настан претрпел инфаркт.

Обвинетиот, во временскиот период после 16,30 часот на ден 29.08.2018 година, до 17,00 часот на ден 31.08.2018 година, во куќата во која претходно заедно живееле, со умисла, на свиреп начин, ја лишил од живот жртвата на начин што врз главата на жртвата ставил најлонска кеса, која ја заврзал со ластик околу нејзиниот врат, на жртвата ѝ снемало кислород и на тој начин обвинетиот ја лишил од живот жртвата. Прекинот на дишење кај покојната настапил поради затворањето на устата и носот со поставената најлонска кеса на главата, прицврстена со ластик околу вратот, што резултирало со настапување на многу брз смртен исход.

Обвинетиот бил претходно повеќекратно осудуван, за кривични дела за кои му биле изрекувани ефективни затворски казни, а како малолетник бил осуден и издржал казна за сторено кривично дело „Убиство“ според чл. 135 ст. 1 од КЗ на СФРЈ.

Во текот на постапката не е спроведено психијатриско вештачење над обвинетиот.

Сторителот не признал вина на расправата. Навел дека во критичниот период бил на сеча со свои роднини кои ги посочил како сведоци. Бранителот на главната расправа навел дека нема докази дека обвинетиот е тој што ја лишил од живот жртвата.

Во поглед на пресметливоста на сторителот, судот утврдил дека, за времето на сторување на кривичното дело, сторителот бил пресметлив.

## Податоци за жртвата

Жртвата била вдовица и имала две ќерки. Таа околу 11-12 месеци пред нејзината смрт живеела со обвинетиот во вонбрачна заедница, во сопствена куќа во село близу Охрид. Дел од куќата во која живееле жртвата и обвинетиот бил во сопственост и владение на жртвата. Се работело за заградена тераса и дуќан каде што жртвата работела вршејќи шивачка дејност.

Откако започнала заеднички живот со обвинетиот, жртвата го променила своето однесување на начин што се повлекла и ги прекинала контактите со други луѓе. Имено, во времето на траењето на вонбрачната заедница помеѓу жртвата и обвинетиот, жртвата била изложена на семејно насилство, обвинетиот манифестирал агресивно однесување, бил и физички насилен, заради што таа го променила своето однесување, ги ограничила контактите со другите луѓе и ги влошила односите со своите ќерки. Во текот на два-три месеци пред настанот во континуитет имало зачестени кавги меѓу обвинетиот и жртвата, а во текот на расправиите обвинетиот вршел физичко насилство врз жртвата.

## Тек на кривичната постапка

Основното јавно обвинителство Охрид на ден 31.08.2018 година до Основниот суд Охрид поднело предлог за определување мерка притвор и започнало истражна постапка за кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ. Против обвинетиот била определена мерка притвор со решение од 31.08.2018 година. По завршувањето на истражната постапка, на ден 26.02.2019 година од страна на Основното јавно обвинителство Охрид до Основниот суд Охрид бил поднесен обвинителен акт против обвинетиот за истото кривично дело.

Во текот на кривичната постапка биле изведени следните докази: биле испитани сведоците В.П. и М.П. и вештото лице Љ.Т., биле прочитани листа од казнена евиденција од 28.09.2018, издадена од Основниот суд Велес на име на обвинетиот, извештај од вештачење Б-1659/18 од МВР ОКТИВ Скопје, записник за извршена анализа на алкохол во крв и урина бр. 1201/1 од 2018 година со приложен трошковник, записник за извршена анализа на алкохол во крв и урина бр. 1201/3 од 2018 година со приложен трошковник, обата изготвени од МВР ОКТИВ Скопје, анализа на телефонска комуникација бр. 32.2.2-188 од 02.11.2018, изготвена од МВР ОКРА, страна 1-6 со прилог 1 ЦД од ВИП оператор, увид во податоци доставени на едно ЦД од мобилен оператор ВИП ОНЕ со допис бр. 13-6016/2 од 09.10.2018, известување од анализа на текстилни влакна МТ458/18, доставено со допис бр. 23.5-70299/1 од 14.09.2018, биле прочитани извештај од прелиминарна анализа рег.бр. 23.5.2.1-70299/2 од 09.01.2019 од МВР ОКТИВ Скопје, известување рег.бр. 23.5.1.2.2-70299/1 од 05.09.2018 од МВР ОКТИВ Скопје, било испитано вештото лице д-р З.К, биле прочитани секционен протокол со наод и мислење Кп.бр. 645/39-18 од 01.09.2018, од вештите лица обдуценти примариус д-р З.К., примариус д-р М.Н. со две барања за исплата на трошоци од 08.09.2018 година и дополнување на мислењето од 11.06.2019 година од примариус д-р З.К. и примариус д-р М.Н, биле испитани сведоците на одбраната и обвинетиот И.К, а бил извршен и увид и репродукција на снимка од материјал содржан на ЦД од обдукцијата.

Во текот на расправата сведоците навеле дека биле непосредни соседи со жртвата, нивните куќи биле лепенки, имале чести средби со жртвата со која биле и во роднински врски, дека имале посредни сознанија дека меѓу обвинетиот и жртвата имало кавги, како и дека последен пат ја виделе жртвата дента пред да се случи убиството, во „среда, после 16 часот". Имено, едниот сведок, кој бил сосед на жртвата, навел дека како сосед секојдневно ја гледал жртвата и два-три месеци пред убиството односите меѓу обвинетиот и жртвата биле влошени, имало чести кавги, тепање и викање од страна на обвинетиот, кој и физички ја напаѓал жртвата.

Оштетените ќерки на жртвата во текот на судската расправа навеле дека жртвата живеела со семејството во дел од куќа во Охрид, од која еден дел бил во сопственост на жртвата, а тој дел бил реално издвоен – две соби со засебен влез, дека нивната мајка, жртвата, барала од нив да се согласат да се продаде куќата во која живееле, дека кога прв пат го запознала обвинетиот, кој заедно со жртвата дошол во куќата во која живееле, додека жртвата барала да ја продадат куќата и мајката и ќерките се расправале за куќата, а

обвинетиот се налутил, зел бензин и ја запалил таа куќа. Заради притисокот што тој го вршел врз жртвата, таа настанот го пријавила во полиција, дека се случил настан на 22.04.2018 година, кога обвинетиот дошол во нивната куќа, бил сам, но викал, пцуел, кршел и ѝ се заканувал на жртвата, поради што тие силно се вознемириле и повикале полиција, а сопругот на една од оштетените од силната вознемиреност доживеал инфаркт.

Сведоците кои се роднини на обвинетиот навеле дека обвинетиот во периодот од 25.08.2018. до 31.08.2018, кога бил лишен од слобода, престојувал во нивната куќа во Струга, каде што работел повремено со зетот и повремено со внукот на сеча на дрва.

Обвинетиот навел дека бил во Струга, каде што на 28.08.2018 година се повредил при работа, па затоа на 29-ти останал дома додека другите членови на семејството биле заминати на работа во село, но потоа со внукот работел со неговата неисправна машина за сечење дрва, а попладнето работел на поправка на дефектот на машината, дека бил во продавница да купи моторно масло, дека потоа со зетот и внукот попладнето ја поправале машината, но за разлика од поединечно наведените дејствија за сите денови, на 30.08.2018 година само ја поправал машината, а на ден 29.08.2018 година бил излезен сам и купувал масло и делови за машината, додека останатите денови во различно време излегувал и работел, па се враќал дома.

Во пресудата на Основниот суд Охрид обвинетиот бил огласен за виновен за кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ и бил осуден на казна затвор во траење од 20 (дваесет) години, во која му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода.

Апелациониот суд со решение ја укинал првостепената пресуда и во истата навел дека не се доволно образложени битните елементи на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетиот, а тоа е убиство извршено на свиреп или подмолен начин. Исто така, Апелациониот суд му дал напатствија на првостепениот суд да го повика вештото лице кој го изготвил вештачењето за ДНК траги со цел да го дополни својот наод и мислење околу утврдените ДНК прифили на трагите од ластикот со кој бил врзан најлонот, со кој жртвата била задушена. Забелешка била ставена и на тоа дека не било спроведено психијатриско вештачење на обвинетиот. Од тие причини, предметот му бил вратен на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

Постапувајќи по напатствијата на Апелациониот суд Битола, Основниот суд Охрид одржал главна расправа на која јавниот обвинител останал на правната квалификација „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 в.в. ст. 1 од Кривичниот законик.

Основниот суд Охрид по повторно спроведената постапка и повторното изведување на истите докази го огласил за виновен обвинетиот И.К, но не ја прифатил правната оцена на делото понудена од јавниот обвинител, туку го огласил за виновен обвинетиот И.К. за кривично дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 од Кривичниот законик и го осудил на казна затвор во траење од 15 (петнаесет) години, во која му било засметано и времето поминато во притвор од денот на неговото лишување од слобода.

Против пресудата била поднесена жалба од страна на јавниот обвинител поради измената на правната квалификација на кривичното дело кое на обвинетиот му се ставало на товар и била поднесена жалба од страна на одбраната. По повод жалбите, Апелациониот суд Битола донел пресуда КЖ. бр. 241/20 од 1.07.2020 година со која ја потврдил пресудата на Основниот суд Охрид.

Од датумот на извршување на кривичното дело во временскиот период после 16,30 часот на ден 29.08.2018 година до 17,00 часот на 31.08.2018 година до донесување на пресудата на Апелациониот суд Битола КЖ бр. 241/20 од 1.07.2020 година поминале една година, 10 месеци и еден ден.

## Кривична санкција

При донесувањето на првата првостепена пресуда, Судот го осудил обвинетиот на казна затвор во траење од 20 (дваесет) години. При изборот на видот и висината на кривичната санкција, Судот ги земал предвид следните олеснителни околности: личните, семејните и материјалните прилики на обвинетиот, како и околноста дека обвинетиот е човек на повозрасни години. Како отежнителни околности Судот ги земал предвид следните околности: тежината на стореното кривично дело, степенот на загрозеноста на заштитеното добро, штетните последици од истото, силниот одек во јавноста и загрозеноста на јавноста, посебно поради начинот на кој е извршено кривичното дело и поранешната осудуваност на обвинетиот, кој е и специјален повратник во извршување на вакви кривични дела.

При втората пресуда, со која го осудил обвинетиот на казна затвор во траење од 15 (петнаесет) години, првостепениот суд ги земал предвид истите олеснителни и отежнителни околности. Овие олеснителни и отежнителни околности биле прифатени и од страна на Апелациониот суд Битола.

## КОМЕНТАРИ

Согласно податоците од предметот и доказите изведени во текот на постапката, обвинетиот и жртвата живееле во вонбрачна заедница. Тие односи ги исполнуваат условите предвидени во чл. 122 т. 19 од КЗ, кој го дефинира поимот на семејно насилство. Овој факт го утврдил Основниот суд Охрид во своите пресуди.

Исто така, Основниот суд Охрид утврдил и дека во времето на траењето на вонбрачната заедница помеѓу жртвата и обвинетиот, жртвата била изложена на семејно насилство од обвинетиот, кој манифестирал агресивно однесување, бил физички насилен, заради што жртвата го променила своето однесување, ги ограничила контактите со другите луѓе и ги влошила односите со своите ќерки. Основниот суд Охрид утврдил дека во текот на два-три месеци пред настанот во континуитет имало зачестени кавги меѓу обвинетиот и жртвата, а во текот на расправиите обвинетиот вршел физичко насилство врз жртвата. Овие факти биле прифатени и од Апелациониот суд Битола.

Но, и покрај вака утврдените факти од страна на Основниот суд Охрид и Апелациониот суд Битола дека обвинетиот и жртвата живееле во вонбрачна заедница, во која обвинетиот вршел семејно насилство над жртвата, кое на крај резултирало со убиство на жртвата, сепак, Основниот суд Охрид останал родово несензитивен од следните причини:

Имено, Основниот суд Охрид имал можност, согласно чл. 398 ст. 2 од ЗКП, по службена должност да изврши измена на правната квалификација на кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ („Убиство сторено на свиреп или подмолен

начин") во кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ („Убиство сторено при вршење на семејно насилство"), бидејќи за двете кривични дела е предвидена иста казна и така не би било повредено начелото „не на штета на обвинетиот".

Сепак, Основниот суд Охрид се одлучил да изврши измена на правната квалификација во корист на обвинетиот, така што од квалифициран облик на кривично дело „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ, го преквалификувал делото во неговиот основен облик „Убиство" од чл. 123 ст. 1 од КЗ. Следствено на вака изменетата правна квалификација, Основниот суд Охрид му изрекол казна на обвинетиот во траење од 15 (петнаесет) години, која е поблага во однос на првично изречената казна затвор во траење од 20 (дваесет) години. Од истите причини може да се заклучи дека и јвниот обвинител бил родово-несензитивен бидејки тој, согласно чл. 393 ст. 1 од ЗКП, имал можност до завршување на главната расправа да ја измени правната квалификација на кривичното дело во кривично дело "Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ („Убиство при вршење на семејно насилство"), но тој не го сторил тоа, туку останал на првата правна квалификација на кривичното дело.

Јавниот обвинител се жалел дека не е прифатена правната квалификација „Убиство" од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ („Убиство сторено на свиреп и подмолен начин") и воопшто не се осврнал на семејното насилство кое обвинетиот го вршел спрема жртвата и во рамки на кое ја лишил од живот жртвата.

За забележување е дека, согласно правната теорија, кога во дејствијата на обвинетиот се содржани повеќе квалифицирани облици на кривичното дело „Убиство" за кои е предвидена иста казна, се работи за привиден стек на кривични дела во форма на алтернативитет и во диспозиција на Јавниот обвинител е за кое од наведените облици ќе го гони сторителот. Истото важи и за Судот при донесувањето на пресудата, бидејки согласно чл. 398 ст. 2 од ЗКП, судот не е врзан за предлозите на тужителот во однос на правната квалификација на делото.

Иако била поднесена жалба од страна на Јавниот обвинител во однос на измената на правната квалификација од страна на Основниот суд Охрид, Апелациониот суд Битола ја одбил жалбата на јавниот обвинител и го прифатил ставот на Основниот суд Охрид, потврдувајќи ја пресудата со која обвинетиот бил огласен за виновен и осуден за основниот облик на кривичното дело „Убиство" од чл. 123 ст. 1 од КЗ. Ова укажува дека и Апелациониот суд Битола останал „нем" на фактот дека обвинетиот ја лишил од живот жртвата, која била негова вонбрачна сопруга, при вршење на семејно насилство.

Имајќи ги предвид стандардите за судење во разумен рок, обемот на доказниот материјал, како и фактот дека во два наврати била поднесувана жалба против првостепените пресуди, оваа постапка била спроведена без непотребни одолговлекувања.

# » ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Оваа анализа има за цел да ја опише и сублимира состојбата во врска со фемицидот во Република Северна Македонија, како од системски и нормативен, така и од емпириски аспект.

**Заклучните согледувања** по однос на постојната нормативна рамка и системските насоки, упатуваат на тоа дека, примарно, треба да постои поголема информираност на широката јавност за појавите на фемицид, но и јасен опис и препознавање на тоа кривично дело кое е специфично по својата природа, наспроти основниот облик на кривичното дело убиство.

Основните човекови права и слободи, но и останатиот корпус на човекови права нормирани со Уставот на Република Северна Македонија и понатаму разработени во материјалните закони, нудат добра основа за заштита на жената од семејно и родово-базирано насилство и како најекстремна појава од него – фемицидот. Овој став се должи на значителен број на закони кои на посреден или непосреден начин ја регулираат оваа материја, а се донесени последните неколку години, како што се: Закон за бесплатна правна помош (2019); Закон за спречување и заштита од дискриминација (2020); Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и Закон за еднакви можности на жените и мажите (2021); Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство (2022), Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик (2023) итн. Во најава е донесување на нов Закон за родова еднаквост.

За поефикасна практична реализација на донесените закони, веќе се донесени подзаконски акти од страна на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи по однос на постапувањето при случаи на родово-базирано насилство, проценка на ризик, извршување на итни мерки, како и за евидентирање и прибирање на податоци за инциденцијата на вакви случаи во праксата. Во процес на донесување се други подзаконски акти кои го доуредуваат процесот на прибирање на податоци и остварување на едукативни активности во врска со родово-базираното насилство. Значајно е да се напомене дека при донесувањето на сите нови законски и подзаконски

акти се водеше сметка за вградување на принципите и препораките кои произлегуваат од Истанбулската конвенција и CEDAW.

Воедно, во 2022 година се донесени и две национални стратегии, кои се особено значајни по однос на родово-базираното насилство и семејно насилство - Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 и Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027.

Емпирискиот дел на оваа анализа се надоврзува на оценките на аналитичарите и граѓанските организации дека „една од причините за несоодветно адресирање на случаите на фемицид во Северна Македонија се смета дека е слабата, неефективна имплементација на законите“. Заложба е правосудните органи да демонстрираат поголема волја, аналитичност и сфаќање за ваквиот вид на кривично дело, со цел посоодветен третман во постапките и крајно – соодветна казнена политика за сторителите. Во центарот на вниманието треба да биде евентуалното неказнување и/или несоодветно казнување на сите форми на родово-базирано насилство, особено на фемицидот како негова најтешка форма, со оглед на тоа дека ваквото постапување и понатаму ќе влијае на зголемување на недовербата во институциите и непријавување од страна на жртвите, што од друга страна го охрабрува перпетуалното повторување на насилството и негово кулминирање во фемицид.

Според податоците прибрани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, за сите апелациони подрачја по однос на степенот на зачестеност на случаите на фемицид во Република Северна Македонија за периодот 2018-2022 година, утврдено е дека биле водени и правосилно завршени 17 постапки за фемицид. Од овие 17 завршени постапки, 14 (82%) биле на подрачјето на Апелациониот суд Скопје и 3 (18%) на подрачјето на Апелациониот суд Битола. Најголемиот број на постапки (8) се воделе пред Основниот кривичен суд Скопје.

Во една од вкупно 17 постапки обвинетиот бил обвинет и осуден за четири кривични дела сторени во стек, од кои три за фемицид. Така, во однос на правната квалификација од вкупно 19 кривични дела, 8 постапки биле водени и завршени за кривично дело „Убиство при вршење на семејно насилство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ, како довршено кривично дело, 8 постапки биле водени за обид за кривично дело „Убиство при вршење на семејно насилство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ, една постапка била водена и завршена за кривично дело „Убиство во неговиот основен облик“

од чл. 123 ст. 1 од КЗ и една постапка била поведена за обид за кривично дело „Убиство при вршење на семејно насилство“ од чл. 123 ст. 2 т. 2 в.в. чл. 19 од КЗ, па во текот на постапката била изменета во кривично дело „Тешка телесна повреда при вршење на семејно насилство“ од чл. 131 ст. 2 од КЗ, а во текот на една постапка, истата била водена за кривично дело „Убиство на свиреп и подмолен начин“ од чл. 123 ст. 2 т. 1 од КЗ, но во текот на постапката била изменета правната квалификација во основниот облик на кривичното дело „Убиство“ од чл. 123 ст. 1 од КЗ. Сите кривични дела се предвидени во Кривичниот законик на РСМ.

Најголемиот дел (84%) на кривични дела се извршени во град, но сите се извршени во стан, куќа или двор. Најголемиот дел на кривични дела се извршени во 2020 година (42%) и 2021 година (26%), односно, во периодот на пандемијата со коронавирус. Скоро половината од кривичните дела (47%) биле извршени со ладно оружје, една третина (32%) со огнено оружје, додека остатокот на друг начин. Во една четвртина од случаите (5 случаи или 26%) имало набљудувачи, од кои во 3 случаи присутно било дете, додека во останатите случаи немало присутни набљудувачи. Сторителот поседувал огнено оружје во 8 случаи (42%), во 3 случаи (16%) не поседувал огнено оружје, додека за останатите случаи овој податок е непознат. Огненото оружје, кое сторителот го поседувал, било употребено во 6 случаи (32%).

По однос на личноста на сторителот на кривичното дело, од вкупно 17 сторители на фемицид, тројца сторители (18%) биле на возраст од 18-25 години, двајца (12%) на возраст од 25-32 години, четворица (23%) на возраст од 33-40 години, тројца (17%) на возраст од 41-48 години, двајца (12%) на возраст од 49-56 години, двајца (12%) на возраст од 57-65 години и еден (5%) на возраст над 65 години. Овие податоци покажуваат дека возрасната граница на сторителите не покажува некоја изразена зачестеност по однос на која било старосна група. Сличен тренд се јавува по однос на брачниот статус на сторителот: 5 сторители (29%) биле во брак, 5 сторители (29%) биле во вонбрачна заедница, 4 (24%) биле разведени и 3 (17%) биле неженети. По однос на тоа дали сторителот имал деца, податоците покажуваат дека четворица немале деца, четворица имале едно дете, двајца имале две деца, петмина имале три или повеќе деца и за двајца сторители не е познато дали имале деца.

За разлика од досегашната дисперзирана дистрибуција на податоците по однос на карактеристиките на сторителот, варијаблата образование покажува извесна релевантност. Најголемиот дел на сторителите имале средно (41%)

или основно (29%) образование, збирно 24% имале недовршено основно образование или биле без образование, додека само еден сторител бил со завршено високо образование. Овој резултат покажува дека сторителите на овој вид на кривично дело во најголем дел имаат пониско образование, што индиректно може да индицира и припадност на посиромашните, односно економски поранливите општествени слоеви. Овој заклучок се потврдува и со следниот податок, кој прикажува дека 76% од сторителите биле со статус невработени, 18% вработени и еден (6%) пензионер. Седум (41%) од сторителите биле претходно осудувани, додека 10 (59%) биле неосудувани. Наведените седум повратници биле осудувани за друго кривично дело и сите ја имале издржано казната. Од овие седум повратници, тројца биле осудувани како малолетници.

Кај над половината од сторителите (59%) односот кон кривичното дело бил таков што го признале делото, тројца (17%) не признале вина, еден префрлал вина на страна на жртвата, еден не дал објаснување, додека за двајца овој факт не е познат од причина што не дале исказ за време на кривичната постапка. Сите 10 сторители (59%) кои го признале кривичното дело изразиле каење. Од останатите, четворица не се каеле, а за тројца овој факт останал непознат. Околу 1/3 од сторителите (5 лица) имале психопатска структура на личноста, друга 1/3 немале таква структура на личноста, а за 7 сторители тоа не е познато. Од групата на 17 сторители, двајца биле алкохоличари, петмина не, а за 10 од нив (59%) овој факт не е познат. Двајца (12%) биле уживатели на наркотична дрога, петмина не, а за останатите 10 овој факт не е утврден. Осуммина сторители или 47% имале психоза, тројца не, а за останатите шестмина овој факт не е познат. Над половината сторители (59%) при сторувањето на кривичното дело биле пресметливи, четворица биле со битно намалена пресметливост и тројца биле непресметливи. За време на сторување на кривичното дело само еден сторител бил под дејство на алкохол, 59% не биле под дејство на алкохол, а за 6 овој факт не е утврден. Исто така, за време на извршување на кривичното дело 7 сторители (41%) не биле под дејство на наркотична дрога, а за 59% овој факт останал непознат.

Во кривичните постапки опфатени со истражувањето, како жртви се јавуваат 19 жени. Една од жртвите била на возраст од 18-25 години, две (10%) на возраст од 25-32 години, четири (21%) на возраст од 33-40 години, три (16%) на возраст од 41-48 години, шест (32%) на возраст од 57-65 години и три (16%) на возраст над 65 години. Половината од овие жртви биле во брак, три (16%) биле во вонбрачна заедница, исто толку (16%) биле

разведени, една била немажена и за две жртви овој факт не е познат. Една третина или 32% од жртвите имале едно дете, 26% или пет жртви имале три или повеќе деца, 21% или четири жртви имале две деца, една била без деца и за три жртви е непознато. Околу ¼ (26%) од жртвите биле сопруги на сторителот, ¼ или 26% биле во друга релација и тоа три биле баби на сторителот, една била тешта на сторителот, една била сопруга на братот на сопругата на сторителот (шурнајка), три (16%) биле вонбрачни сопруги, четири (21%) биле бивши сопруги, две биле мајки на сторителот.

Во над половината од случаите не е познато дали жртвите биле малтретирани од сторителот пред настанот, четири од нив (21%) биле претходно малтретирани, додека пет од нив (26%) не биле. Индикативно е дека ¼ или пет од жртвите не барале помош од центар за социјална работа или други релевантни институции, а за останатите ¾ овој факт не е познат. Само една од жртвите пред настанот имала пријавено во полиција дека била малтретирана од сторителот, три немале пријавено, додека за останатите 15 не е познато. Важно е да се истакне дека во тој еден случај, кога жртвата пријавила во полиција дека е малтретирана од сторителот, не била поведена постапка.

За време на сторување на кривичното дело ниту една од жртвите немала оружје кај себе и ниту една од жртвите не употребила оружје. Докажано е дека над половината од жртвите не биле под дејство на алкохол за време кога сторителот го извршил кривичното дело, додека за останатите жртви овој факт не е утврден. Во ниту една од постапките опфатени со истражувањето судот не утврдил дека жртвата придонела кон (влијаела врз) извршувањето на кривичното дело.

По однос на сите 17 кривични постапки кои се опфатени со ова истражување, во сите случаи спрема сторителот била определена мерка притвор. Во 14 постапки (82%) судот донел пресуда со која сторителот бил огласен за виновен и осуден според законот, а во три постапки (18%) спрема сторителот била изречена мерка на безбедност „Задолжително лекување во здравствена установа“ од причина што сторителот за време на кривичното дело бил непресметлив. Од изречените 14 осуди, осум (57%) биле казни затвор до 10 години, пет (36%) биле казни затвор над 10 години и една казна била доживотен затвор.

Против донесените одлуки биле вложени 12 жалби (75%), а против 4 (25%) биле вложени и вонредни правни лекови до Врховниот суд на РСМ. Од

вложените 12 жалби, 6 пресуди биле потврдени, 2 биле укинати и вратени на повторно постапување, па по повтореното постапување биле потврдени, а 4 (25%) биле преиначени. Од 4 поднесени вонредни правни лекови, сите биле одбиени како неосновани.

По однос на времетраењето на постапката, од сите 17 постапки, 12 биле правосилно завршени за период пократок од една година, а 5 постапки биле завршени за период подолг од една година, но пократок од две години. Впечаток е дека сепак, и покрај осудителните пресуди, имајќи предвид дека анализираните случаи се со фатален исход - фемицид, во просечни рамки тежината на казната не е аналогна на извршеното дело. Исто така, граѓанско-правниот аспект на делото евидентно не е вклучен во кривичната постапка, туку е препуштен за решавање на другите надлежни судови, факт што ја перпетуира трауматизираноста на оштетените лица кои остануваат во постапката (деца и останато семејство) и ја пролонгира нивната економска и егзистенцијална неизвесност.

**Препораките** од ова истражување имаат своја стратешка, но особено практично-применлива димензија. Превенцијата и ефикасното справување со фемицидот како појава ќе се оствари единствено како резултат на целокупните напори на државата за прогресивно остварување на родовата еднаквост во сите пори на општествениот живот. Таа цел воедно имплицира перманентна политика на деконструкција на традиционалните родови улоги и сите форми на дискриминација кои извираат од разликите во родовата припадност.

По однос на системско-стратешките адаптации низ кои минува Република Северна Македонија, недостасуваат:

- Дополнување на Кривичниот законик по однос на конкретна дефиниција на кривичното дело фемицид, во склад со најновите измени во 2023 година и определување на соодветна казна како квалифициран облик на убиство, врзано со чл. 123 ст. 2 од КЗ, но и евентуално со став 1. и став 7.; оваа правна дистинкција е потребна за идно соодветно носење на судски одлуки во вакви случаи и сразмерно одмерување на санкцијата за делото;
- Донесување на новиот Закон за родова еднаквост;
- Востановување на релевантна судска пракса за случаите на фемицид, при што, во склад со почитувањето на начелото на слободна судиска проценка, да се имаат предвид и насоки кои препорачуваат соодветна

казна, земајќи ги предвид информациите за жртвата, насилството кое претходело, олеснителните и отежнителните околности, одмерувањето на казната, како и вклучување и на граѓанско-правните аспекти во истата постапка, со акцент на репарациите;

- Да се востановат посебни протоколи за постапување на надлежните органи на правосудството при постапување во случаите на фемицид;
- Обезбедување на брза, ефикасна и безбедна судска постапка во сите фази, која ги заштитува жалителите, жртвите, преживеаните и сведоците на родово-базираното насилство, преку родово чувствителни судски процедури;
- Истрагата за случаите на фемицид да биде водена внимателно и пошироко од прибирањето на фактите на случајот, земајќи предвид евентуално присуство на мизогини ставови на сторителот, фактот на физичката надмоќ и доминација, нееднаквоста на физичката сила и моќ;
- Донесување на преостанатите подзаконски акти и акциони планови врзани со националните стратегии и донесени закони, кои актуелно се во изработка;
- Имплементација и примена на препораките кои РСМ ќе ги добие од GREVIO, а кои ќе следат во наредниот период;
- Понатамошна детекција на сите потенцијални форми на родова дискриминација во сите сфери на општественото живеење;
- Понатамошна системска афирмација и јакнење на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на жените.

По однос на практично-применливата димензија, препораките се следните:

- Прибирање на релевантни статистички показатели со кои ќе се добие реална слика за појавноста и карактеристиките на фемицидот, со цел воспоставување на поефективни мерки за сузбивање на појавата и превенција од неа;
- Во почетната и континуирана обука на судиите и обвинителите во РСМ да се вклучи посебен модул посветен на фемицидот, а врзан со проблемот на РБН и СН;
- Донесување специјализирани и искроени обуки за примена на подзаконските акти кои го уредуваат постапувањето со жртвите од страна на сите инволвирани државни органи: социјалните служби, полицијата, правосудните органи, здравствените институции и граѓанските организации;

- Понатамошно детектирање на препреките со кои се соочуваат жените при добивање налози за привремена заштита, како и доцнење во водење на постапки и недостаток на родово чувствителен пристап за време на постапките и недостатокот на механизми за следење на нивната имплементација;
- Понатамошна изградба на засолништа низ Републиката, за покривање на потребите на сите региони;
- Да се востанови ефективност при обезбедување на бесплатна правна помош, социјални и здравствени услуги, вклучително и услуги за сексуално, репродуктивно и ментално здравје за целосно закрепнување на жртвите;
- Периодично иницирање на национални и локални кампањи за информирање, едукација и оснажнување на жените при адресирање на случаи на РБН и СН, со учество на полиција, социјални работници, локалната самоуправа, граѓански организации и личности кои уживаат углед во локалната средина на живеење;
- Да се зајакне улогата на Народниот правобранител во следењето на фемицидите;
- Да се воспостави *Femicide watch* механизам;
- Олеснет пристап до правдата и до сопствените права на жените кои се жртви на РБН и СН – користење на можностите кои се нудат преку бесплатната правна помош;
- Да се обезбеди спроведување на адекватни програми за работа со сторителите на делото, а по потреба и програми за одвикнување од зависности, програми за реинтеграција и рехабилитација во рамките на казнените установи.

# » КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Dimushevska, Elena; Avramoska-Nushkova, Ana; Alili, Antigona, *Analysis of Cases of Femicides – Murders of Women in the Republic of North Macedonia / Анализа на случаи на фемициди – Убиства на жени во Република Северна Македонија, 2017-2020*, UNDP, Скопје, септември 2021 година
- Geneva Declaration on Armed Viollence and Development [Женевска декларација за вооружено насилство и развој], 7 јуни 2006 година
- Jarić, Vesna; Radović, Nadežda, *Rečnik rodne ravnopravnosti*, Heinrich Boll Stiftung, Beograd, март 2010 година
- Konstantinović Vilić, Slobodanka и др., *Analiza prakse sudova u procesuiranju femicida i pokusaja femicida u Bosni i Hercegovini 2017-2021*, AIRE Centre & FemPlatz, 2022 година
- Konstantinović Vilić, Slobodanka; Petrušić, Nevena; Beker, Kosana, *Drustveni i institucionalni odgovor na femicid u Srbiji*, FemPlatz, Pančevo, 2019 година
- Manjoo, Rashida, *Gender Related Killings of Women*, Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences, UN Human Rights Council, 2012 година
- OSCE Turning commitments into action: Conclusions and recommendations to implement the OSCE commitments on preventing and combating violence against women and girls, 27 јануари 2021 година
- Statistical framework for measuring the gender-related killing of women and girls, UNODC & UN WOMEN, март 2022 година
- Vienna Declaration on Femicide [Виенска декларација за фемицид], United Nations, ноември 2012 година
- *Благосостојба и безбедност на жените, Северна Македонија – Извештај за резултатите [од истражувањето]*, ОБСЕ, 2018 година

- Јовановска, Бојана, „*Кога непостапувањето е убиство*" – анализа, Хелсиншки Комитет за човекови права, 2022 година

- *Прирачник за постапување на судовите во постапките за заштита од семејно насилство*, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје, 2014 година

- *Нормативна рамка*

- Заклучни согледувања и препораки за Република Северна Македонија од Комитетот на CEDAW, 2018 година

- Закон за бесплатна правна помош, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 101/2019

- Закон за еднакви можности на жените и мажите, *Службен весник на Република Македонија* бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015 и *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 53/2021

- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија*, бр. 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 36/2023

- Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 247/2022

- Закон за семејството, *Службен весник на Република Македонија* бр. 38/2004, 33/2006, 67/2010, 38/2014 и 150/2015

- Закон за спречување и заштита од дискриминација, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 258/2020

- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 24/2021

- Кривичен законик, *Службен весник на Република Македонија* бр. 37/96
- Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство 2018-2023 година
- Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026, април 2022 година
- Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во судовите за бројот на случаи на родово-базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство, Министерство за правда, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 268/2022
- Правилник за содржината и начинот на прибирање и водење посебна евиденција во јавните обвинителства за бројот на случаи на родово-базирано насилство врз жените и жртвите на семејното насилство врз основа на пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, живеалиште и други основи, како и податоци релевантни за следење на состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство, Министерство за правда, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 267/2022
- Правилник за начинот на извршување на изречената итна мерка за заштита отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и привремените мерки за заштита, Министерство за внатрешни работи, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 210/2021
- Правилник за начинот на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на итна мерка на заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, Министерство за внатрешни работи, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 210/2021

- Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 240/2021

- Правилник за начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 248/2021

- Стратегија за родова еднаквост 2022-2027, Собрание на *Република Северна Македонија*, *Службен весник на Република Северна Македонија* бр. 170/2022

- Устав на Република Северна Македонија, *Службен весник на Република Македонија* бр. 52/1991, 1/1992, 4/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 7/2011 и *Службен весник на Република Северна Македонија бр.* 6/2019

UK Government

Подготвувањето на оваа публикација беше поддржано од Владата на Обединетото Кралство. Гледиштата изразени во публикацијата не мора да ја одразуваат официјалната позиција на Владата на Обединетото Кралство.